| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознава со падежите во ромскиот јазик;<br>- да знае да наоѓа примери за падежите;<br>- да умее да степенува придавка;<br>- да ги разликува описните, показните и прашалните придавки и правилно да ги применува во усниот и писмениот говор;<br>- да ги разликува повратните и прашалните заменки од другите зборови;<br>- да употребува глаголи во сегашно, минато и идно време;<br>- да ги разликува простите и редните броеви и да ги употребува во усниот и писмениот говор;<br>- да ги употребува интерпункциските знаци во директен говор;<br>- да умее да користи кратенки во текст;<br>- да научи да пишува молба. | - Падежи (како поим без дефиниција)<br>- Акцент во ромскиот јазик<br>- Придавки: описни, показни и прашални, посесивни<br><br>- Степенување на придавка<br>- Заменки – повратни и прашални заменки<br>- Глаголи (сегашно, минто и идно време)<br>Глаголска именка<br>- Броеви – редни броеви<br>- Членување на броеви<br>- Интерпункциски знаци: две точки, тире и наводници во директен говор; акцент, апостроф и надреден знак<br>- Скратување на зборови (ОУ; ТВ...)<br>- Пишување на молба | - Ulavipe, thaj so sikavela sar ovela hramondo o akcento<br>- Majšuzo manuš<br>- Odoja manušni si lačhi<br>- O vordon si miro<br>- Ishanardine<br>- Me mange gndivala<br>- Kjeripne<br>- Avava<br>- Aviljum<br>- Ka avav<br>- Pekipe maro<br>- Genja<br>- Jekhto, dujto<br><br>- (:, (-), („ “), (;), (/), (\) (‘)<br>- FŠ, TV, PTT, DVD, SMS.<br><br>Ridžakerava tumen te ikalen mange… | - Вежби со примери за акцентирање на зборовите.<br>Вежби со примери за падежите во ромскиот јазик.<br>- Активности за степенување на придавки (parno, parneder, majparno).<br>- Разликување и правилна примена на описни, показни, прашални и посесивни придавки.<br>- Вежби за расликување на заменките од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор.<br>- Вежби за примена на глаголите во сегашно (повратни и неправилни), минато и идно време.<br>Вежби за: разликување на редните од главните бороеви.<br>- Правилно пишување и примена на редните броеви.<br>- Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци во директен говор.<br>- Вежби за употреба на кратенки во текст, како на пр.: РМ, ОУ, ТВ итн.<br>- Пишување на молба. |

| ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Усно изразување** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да умее да прераскажува текстови по даден план;<br>- да опишува настани и случки од лично искуство. | - Прераскажувавање на текстови со следење на хронологијата на настанот (по даден план)<br>- Раскажување на лични доживувања (по даден план) | - Прераскажување<br>- Раскажување<br>- Опишување<br>- Известување<br>- Нови зборови и изрази.<br><br>Mujeskoro vakeripe, mothovipe, deipe informacia | Вежби за:<br>- прераскажување на обработени текстови;<br>- раскажување на лични доживувања (по даден план);<br>- известување на хронолошки ред (по даден план). |
| **Писмено изразување** | | | |
| - да опишува текстови со замена на форми на именки,к придавки и глаголи;<br>- да прераскажува обработен текст со менување на крајот на текстот;<br>- да одговара на прашања од обработен текст;<br>-да раскашува за доживеан настан (прослава, излет, и сл.); | - Пишување на текст со замена на форми на именки, придавки и глаголи<br>- Раскажување по даден почеток<br>- Писмени одговори на прашања од обработен текст<br>- Раскажување за доживеан настан | - Форми на именки:<br>Mahir, Belgia, Marsel Me, phuv, vov<br>- Нови зборови и изрази од различни текстови. | - Пишување на текстови со замена на форми на именки, придавки и глаголи.<br>- Раскажување по даден почеток.<br>- Писмени одговори на прашања од обработен текст.<br>- Раскажување на доживеан настан. |

| КУЛТУРА НА РОМИТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува да слуша песни од музичкото творештво на Ромите;<br><br>- да се воведува во литературното творештво на Ромите;<br><br>- да познава стари занаети и други обележја од животот на Ромите. | - Историја и култура на Ромите<br>- Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br><br>- Детски литературни творби<br><br>- Стари занаети и други обележја од животот на Ромите<br><br>- Првите населувања на Ромите | - Историски податоци<br><br>- Народни песни, инструменти, носии, ора и игри; Dimie, Davuli, Xerdelezi, Xerdelezeskiri gili<br><br>- Детски литературни творби, стари занаети и други обележја од животот на Ромите<br><br>- Преселби | - Раскажување на текстови.<br>- Слушање на народни ромски песни.<br><br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br><br>- Разговор за познати ромски автори на детска литература.<br>- Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со обележја од животот на Ромите. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот *јазик и култура на Ромите* ги опфаќа следните подрачја: *Слушање, Говорење, Читање и пишување; Јазик; Изразување и творење и Култура на Ромите*.

При планирањето на наставата во VI одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба да ги планира интегрално целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне систематско поврзување и целовитост во слушањето, говрењето, читањето, изразувањето и творењето на ромски литературен јазик. Исто така, треба да внимава во интегралното планирање да не се запостават некои битни карактеристики на ромскиот јазик што се предвидени со наставната програма. Бидејќи овој наставен предмет во VI одделение се изучува со два часа неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови.
Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на системот на наставата по предметот јазик и култура на Ромите. Предметните подрачја даваат такви можности според структурата на целите и содржините, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност меѓу наставните подрачја по предметот јазик и култура на Ромите е битна карактеристика која се надградува со поврзување на содржините од овој предмет со другите предмети, што претставува важен принцип во реализацијата на натавата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што при разработката на новите содржини да се следи спиралната прогресија, односно секогаш врз основа на познатите содржини да се надградуваат нови при што подеднакво се развиваат четирите јазични вештини: слушање, говорење, читање и пишување. За да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба да се планираат и да се обработуваат претежно содржини (текстови, песни, раскази и сл.) на ромски јазик во кои се содржат интересни теми, обичаи и други карактеристики поврзани со јазикот и културата на ромскиот народ.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови* – 72 часа годишно, 2 часа неделно.
- По наставни подрачја се предлага за: Слушање, говорење и пишување – 30 часа; Изразување и творење – 18; Јазик – 15; Култура на Ромите – 9 часа.

**Наставни средства:**
- учебник избран за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- сликовници, приказни, песни, списанија, енциклопеции, реченици и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД;
- други извори на учење: Интернет.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за ромскиот јазик во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, навреме треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по ромски јазик, начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците (особено дека во шесто одделение, во текот на годината, учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година добиваат свидетелства со бројчани оценки). Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ - Во текот на наставата по ромски јазик во шесто одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:
- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни) однапред подготвени, евалвациони листи за ској ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност во кои наставникот ја бележи фактичката состојба.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ – Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот го опишува развојот на секој ученик поединечно во рамките на секое програмско подрачје од наставната програма по ромски јазик.

ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО
- Завршната описна оценка заедно со бројчаната оцека се доставува до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолито на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ - Согласно со природата на програмата по јазик и култура на Ромите во шесто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот (говорни вежби, презентации, писмени вежби* и сл.).

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за I и VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во шесто одделение може да ја изведува лице кое добро го говори ромскиот јазик и кое завршило:
филолошки факултет – наставна насока;
педагошки факултет;
Филозофски факултет – Институт за педагогија, дипломиран педагог.
Забелешка – Во случај на немање на соодветен кадар може да се вклучат и наставници со завршена педагошка академија.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да знае да чита и да го разбира текстот што го чита или говори;
- ❑ да умее писмено да се изразува во различни форми (пишува краток состав, писмо и сл.);
- ❑ да знае да зборува и пишува во идно време и правилно да ги применува соодветните јазични елементи;
- ❑ да раскажува усно и писмено во минато време за настани и случувања;
- ❑ да знае нови зборови на ромски јазик;
- ❑ умешно да се вклучува во разговор и да знае да искаже свое мислење и доживувања од случки и настани;
- ❑ да покажува интерес за изучување на ромскиот јазик, народните песни и обичаи на Ромите.

Наставната програма по *јазик и култура на Ромите* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4089 од 22.05.2008 година.

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ




# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07) министерот за образование и наука донесе Наставна програма по јазик и култура на Бошњаците за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да усвојува знаења за гласовниот систем: гласовни промени во променливи и непроменливи зборови и акцент;
- ❑ да користи правописни правила при читањето и пишувањето;
- ❑ да усвојува знаења за деклинацијата, конјугацијата како морфолошки појави;
- ❑ да чита и прераскажува литературни творби на босански јазик соодветни на возраста:
- ❑ да го збогатува речникот со нови зборови од босанскиот јазик:
- ❑ да се поттикне да усвојува знаења за народната и уметничката литература и култура на Бошњаците и на другите заедници во Република Македонија;
- ❑ да развива чувство за припадност кон Република Македонија, бошњачкиот народ и почит кон другите култури.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Граматика** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да знае да ја дефинира поделбата во гласовниот систем;<br><br>- да умее да ги препознава гласовните промени во деклинацијата и компарацијата на зборовите;<br><br>- да ги научи правилата за акцентот во босанскиот јазик;<br><br>- да знае да ги разликува менливите, делумно менливите и неменливите зборови;<br><br>- да ги препознава промените кај зборовите (без дефинирање на поимите деклинација и коњугација); | - Гласовниот систем на босанскиот јазик<br><br>- Гласовни промени во деклинацијата и компарацијата на зборовите<br><br>- Нагласени и ненагласени зборови<br><br>- Морфолошка поделба на зборовите: менливи, делумно променливи и неменливи зборови<br><br>- Видови промени кај зборовите: деклинација и конјугација<br><br>- Деклинацијата како вид на промена кај зборовите: падежи: номинатив, генитив, датив, акузатив, вокатив, инструментал и локатив | - Самогласки<br>- Согласки<br>- Едначење по звучност<br>Primjer: hljepčić<br>(hljeb + по звучност);<br>Primjer: hljep + čić)<br>I и II<br>Palatalizacija,<br>Primjer: I pal.<br>junače (junak + e),<br>Putnče (putnik + e)<br>Primjer: II pal.<br>Orah – orasi,<br>Ruka – ruci;<br>- Јотување<br>Primjer:<br>Mlad – mladi;<br>Sladak – slađI;<br>преглас на вокалите<br>Primjeri:<br>e:o=teči tôk<br>i:u = posipati;<br>posuti;<br>a:I = mȁi – micati<br>- непостојано а.<br>Примјери: | - Утврдување на стекнатите знаења за самогласките и согласките (маркирање на самогласките, т.е. согласки во текст).<br>- Воочување на промената во зборовите при едначење по звучност.<br>- Препознавање на гласовната појава палатализација во речениците со заокружување на точниот број.<br>- Вежби со откривање на промената на зборовите кај придавките во компаратив, односно јотување.<br>- Вежби за воочување на промената преглас на вокалите и непостојано а во зборовите.<br>- Воочување на разликите на долг и краток акцент со изразно читање на текст.<br>- Откривање на менливите, делумно менливите и неменливите зборови во краток текст.<br>- Наставно ливче (користење на работни листови).<br>- Откривање и подвлекување на промените кај зборовите (именки, заменки, придавки, броеви, глаголи итн.) во текст.<br>(Deklinacija)<br>Primeri: Dvije naše vrijedne učenice… |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| - да умее да ги открива падежите во зборовите со поставување на падежните прашања;<br><br>- да препознава видови именки во текст;<br><br>- да ги открива падежните форми кај именките од машки, женски и среден род:<br><br>- да препознава видови заменки во текст;<br><br>- да ги идентификува придавките и да ги знае нивните функции:<br><br>- да ги усогласува падежните промени кај придавките;<br><br>- да ги разликува степените кај придавките. | - Именки – општи, сопствени, збирни и материјални<br><br>- Падежни промени кај именките од машки, женски и среден род<br><br>- Заменки:<br><br>- присвојни<br><br>- прашално-односни<br><br>- општи<br><br>- Придавки (општо падежни промени кај придавките | Ловац/ловца/ловцу/ловца/ловцем....<br>Нагласени<br>Зборови,<br>Ненагласени<br>Зборови<br>Primjeri:<br>1) lûd, fûd, glâd, mlâd, lîst, dîn…<br>2) me (:mene),<br>Te (:tebe), si (:jesi).<br>Менливи<br>Делумно менливи и неменливи<br>зборови<br>Promjenljive:<br>a) Imenice, zamenice, pridjevi i glagoli.<br>b) Polupromjenlive:<br>brojevi i prilozi.<br>v) Nepromjenljive:<br>prijedlozi, veznici, rijecce i izvici<br>- Деклинација<br>- Конјугација<br><br>Номинатив<br>(ko?šta/što?)<br>genitive,<br>(od) koga? čega?<br>dativ,<br>(kome? čemu?)<br>Akuzativ, | Dviju nasih vrjednih učenica….<br>(Konjugacija)<br>Primjeri: Aldin trči najbrže ….<br>Otiči češ …..; Mi radimo……<br>- Вежби за откривање на падежите со поставување на падежни прашања;<br>- препознавање на падежите во реченици со поставување на прашања и заокружување на на точни/неточни.<br>- Разликување на општи, сопствени, збирни и материјални именки во реченици.<br>- Користење на работни листови.<br>- Препознавање на падежните промени кај именките од машки род.<br>Primjeri: N. grad G. grada D. gradu A. grad V. grade I. gradom L. gradu.<br>- Препознавање на падежните промени кај именките од женски род.<br>Primjeri: N. knjiga G. knjige D. knjizi A. knjigu V. Knjigo I. knjigom L. knjizi.<br>- Препознавање на падежните промени кај именките од среден род.<br>Primjeri: N. jutro G. jutra D. jutru a. jutro V. jutro I. jutrom L. jutro<br>- Повторување за стекнатите знаења за заменките.<br>- Вежби за препознавање на присвојните, прашално-односните и општите заменки.<br>- Разликување на описните, присвојните и материјалните придавки во реченици и кратки текстови.<br><br>Primjer: „Ovčica je vrjedno I uporno vjezbala |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | (koga? šta/što? Vokativ,<br>Dozivanje (oj! Hej!)<br>Instrumental,<br>(s kim? s čim)<br>Lokativ.<br>(o) kome?<br>(o) čemu?<br>Именки:<br>- општи,<br>- сопствени,<br>- збирни.<br>- материјални.<br>Primjeri: majka, otac, Bosna,<br>Amina, djeca, cvječe, voda, zrak...<br>- Падежите кај именките од машки, женски и среден род<br>- Заменки:<br>- присвојни:<br>Primjeri: ja – moj,<br>ti – tvoj itd.<br>- прашално – односни:<br>Primjeri: kӧji / kòji<br>- општи:<br>Primjeri: svakakav, svačiji I dr.<br>Придавки:<br>- падежи кај придавките.<br><br>Позитив, компаратив и суперлатив | I postizala lijep uspeh. Jednog dana, u šumi, na osamljenom mjestu, Aska je srela vuka“.<br>- Препознавање на падежните промени кај придавките.<br>Primjeri: Planinski zrak, planinskoga zraka, planinskom zraku.<br>- Препознавање на формите на компарација кај придавките во реченици.<br>- Стекнување на придавки со надградување на придавките во реченици.<br>Primjeri: brz, brži, najbrži; lijep, ljepši, najljepši; |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Правопис** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да умее правилно да ги изговори и пишува „č и ć“ во падежните форми на именките и во степенуваните форми на придавките;<br><br>- да умее правилно да го изговара и пишува гласот „h“ во именските, придавските и заменските форми. | Изговор и пишување на „č и ć” во падежни форми на именките иво степенувани форми на придавките како и гласот „h“ во именските, придавските и заменските форми | „č и ć“ во падежни форми кај именките и во степенуваните форми на придавките;<br><br>- како и гласот „h“ | - Изговор и пишување на „č и ć“ во падежни форми на именките и во степенувани форми на придавките.<br><br>- Изговор и пишување на гласот „h“ во именки, придавки и заменки.<br>Primjeri: očev savjet, očeva/ očevog savjeta, očevu/očevom savjetu;<br>Primjeri: hrast, hrana, snaha, hrapav, njih (ih) itd. |

| **ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Усно изразување** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да знае усно да прераскажува по текот на настаните во текстот;<br>- да умее да раскаже свое доживување или сведоштво;<br>- да знае да опише настан по хронологија на случувањата. | - Прераскажување на основната содржина на прочитан текст (следејќи го текот на настаните)<br>- Раскажување на лично доживување, сведоштво и сл.<br>- Усно опишување на лик: според некои карактеристики<br>- Настан по хронологија на истиот | Прераскажување<br><br>Раскажување<br><br>Опишување | - Вежби за прераскажување на текст со следење на текот на настаните.<br>- Вежби за раскажување на лично доживување или сведоштво.<br>- Вежби за опишување на лик со неговите надворешни црти.<br>- Вежби за опишување на настан по редослед. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Писмено изразување** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да прераскаже писмено текст следејќи го текот на настаните;<br>- да знае да раскажува и опишува писмено свое доживување или лик со осврт на надворешниот изглед и сл.;<br>- да пишува самостојно покана според правописните правила;<br>- да пишува диктат со правилно користење на граматичките правила;<br>- да умее да пишува состав по дадена тема од традицијата на Бошњаците. | - Прераскажување на прочитан текст следејќи го текот на настаните<br>- Раскажување на свое доживување, сведоштво и сл.<br>- Опишување лик според некои карактеристики<br>- Пишување на покана до другар, наставник, родител<br>- Диктат со правилно користење на граматичките правила<br>- Пишување состав по дадена тема поврзана со традицијата | Прераскажување (писмено)<br><br>Раскажување<br><br>Опишување<br><br>Покана<br><br>Диктат | Активности за писмено изразување<br>- Прераскажување на текст со следење на текот на настаните.<br>- Раскажување на лично доживување, сведоштво итн.<br>- Опишување на лик од обработен текст според некои карактеристики.<br>- Пишување на покана со запознавање и осмислување на содржината, целта и правописните знаци.<br>- Дикатат со правилно користење на граматичките правила.<br>- Читање на состави од учениците на дадена тема од традицијата на Бошњаците. |

| ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со карактеристичните творби од босанската поезија, проза и драма со фрагменти од избрани творби;<br>- да ги открива основните карактеристики на народната поезија;<br>- да се запознае со композицијата песна (организација на стиховите во строфи);<br>- да открива поетска слика во лирска песна;<br>- да одредува тематика и изразни средства во поезијата;<br>- да открива епитет и компарација во поезијата;<br>- да ги открвива карактеристките на народната проза;<br>- да знае што е раскажување (го препознава раскажувачот во текстот, ја открива тематиката и текот на настанот);<br>- да умее да открива ликови во текст;<br>- да знае што е сиже;<br>- да умее да дефинира раскажувачка форма во прво и во трето лице;<br>- да ги проширува сознанијата за раскажувачките жанрови. | Видови литература<br>Народна литература<br>Поезија<br>Народна песна<br>Лирски и епски песни<br>Композиција на песна: стих, строфа, рима<br>Поетска слика во лирска песна<br>Епитет<br>Компарација<br>Проза<br>Народна приказна<br>Карактеристики на народната приказна<br>Ликови: главни и споредни.<br>Сиже<br>Раскажувач (наратор)<br>Куси (кратки) епски народни жанрови:<br>- пословици<br>- брзозборки<br>- приспивни песни<br>- благослови | Литература: поезија, проза и драма<br>Народна литература<br>Лирски и епски песни<br>Композиција на песната: стих, строфа, рима<br>Поетска слика<br>Епитет<br>Компарација<br>Народна приказна<br>Карактеристики на народната приказна<br>Ликови: главни и споредни<br>Сиже<br>Раскажувач (наратор)<br>Пословици<br>Брзозборки<br>Приспивни песни<br>Благослови | - Со избор и анализа на повеќе текстови се воочува поимот за убавиот збор и различните видови на литература.<br>- Вежби за утврдување на карактеристиките на народната поезија.<br>- Осознавање на композицијата на песната и организацијата (на стиховите во строфа).<br>- Определување на поетска слика во лирска песна.<br>- Осознавање на тематиката и изразните средства во поезијата.<br>- Вежби за препознавање на епитетот и компарацијата во поезијата.<br>- Утврдување на белезите на народната проза со проверување низ материјалот на народните приказни.<br>- Препознавање на раскажувачот во текст.<br>- Воочување на ликовите во текстот со изразување на некои карактеристики.<br>- Вежби за разбирање на поимот сиже и изготвување на сиже.<br>- Вежби за разликување на раскажувачот во прво и трето лице во одбрани текстови.<br>- Запознавање со кусите епски народни жанрови.<br>- Кажување на брзозборки со посветување внимание на гласовите č и ć.<br>- Собирање и слушање народни приспивни песни кај Бошњаците.<br>- Разговор за благословите кај Бошњаците. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | **Култура на Бошњаците** | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги прошири знаењата од музичкото творештво на Бошњаците;<br>- да препознава некои обичаи на Бошњаците;<br>- да знае да опише стар занает на Бошњаците;<br>- да се запознава со празниците кои ги празнуваат Бошњаците;<br>- да ги забележува сличностите на обичаите, музичкото творештво и сл. кај Бошњаците и културата на дургите заедици во Р. Македонија. | Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br>- Народни обичаи и обреди<br>- Стари занаети кај Бошњаците<br>- Празници | Народни песни:<br>STADE SE CVIJEĆE ROSOM KITITI<br>ZAPJEVALA BULBUL PTICA, ZMAJ OD BOSNE<br>Инструменти<br>Носија<br>Primjer: selska и gradska,<br>Ора и игри<br>Kolo: sarajka<br>Народни обичаи и обреди<br>Običaj za svadbu: Prstenovanje<br>Стари занаети и градби<br>Rezbarstvo<br>Празници<br>Primeri: Kurban Bajram | - Собирање и слушање на народни бошњачки песни.<br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br>- Разговори за обичаите и обредите на Бошњаците.<br>- Разговор за обичаите и обредите на Бошњаците.<br>- Разговор за занаетите кои се најчести кај Бошњаците.<br>- Разгледување на фотографии со карактеристични примери од минатото во животот на Бошњаците.<br>- Разговор на тема: Како се подготвуваат и како ги празнуваат Бошњаците своите празници.<br>- Разговор за сличностите во културата кај Бошњаците и другите заедници во Република Македонија. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот ***јазик и култура на Бошњаците*** ги опфаќа следните подрачја: Јазик (Граматика), Изразување и творење, Литература и Култура на Бошњаците.

При планирањето на наставата во VI одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во изучувањето на граматиката, изразувањето и творењето на босански литературен јазик. Исто така, подеднакво треба да внимава (во интегралното планирање) да не се запоставaт некои од битните карактеристики на босанскиот јазик, како и содржините од литературата и културата на Бошњаците. Бидејќи овој наставен предмет во VI одделение се изучува со по два часа неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови. Така наставникот/наставничката може да планира глобално во рамките на 26 наставни часа да посветува соодветно внимание на содржините и активностите за јазикот (граматика, правопис и правоговор); на 22 наставни часа да планира содржини и активности за изразување и творења; на 24 наставни часа на содржини и активности за литературата и културата на Бошњаците (народни песни, инструменти, носии, ора и игри; обичаи и обреди; стари занаети и други обележја во животот на Бошњаците) кои се интегрирани со другите наставни подрачја.
Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на целините на предметот јазик и култура на
Бошњаците. Предметните подрачја даваат такви можности според нивната структура, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност при говорењето и пишувањето или, пак, содржините за јазикот да се разгледуваат независно од текстовите што се обработуваат, како и да не се користат знаењата за јазикот во изразувањето и творењето. Оваа поврзаност во изучувањето на босанскиот јазик е битна карактеристика, исто како што е и поврзаноста на предметот со другите предметни содржини, што претставува важен принцип во наставата и учењето во основното училиште.
При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што во текот на учебната година да се даде акцент за разработка на содржини и активности со користење на латиницата.
Исто така, за да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/наставничката да планира и да обработува претежно содржини (текстови, песни, раскази и сл.) на босански јазик во кои се содржат теми за обичаите и другите обележја од областа на јазикот и културата на Бошњаците.
Освен тоа наставникот/наставничката треба да посвети поголемо вниамание за правилната употреба на падежите во босанскиот јазик во усното и писменото изразување на учениците.

**Наставни средства:**
- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, реченици и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предмето – ЦД;
- други извори на учење: Интернет.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за босанскиот јазик, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по босански јазик за VI одделение и со начинот на обработката на содржините, следењето на постигањата на учениците особено дека во шесто одделение учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година ученикот добива свидетелство со бројчани оценки. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ - Во текот на наставата по босански јазик во шесто одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:
- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретни активности или студии на случај во кои наставникот/насатавничката ја бележи фактичката состојба.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ- Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот/наставничката во текот на годината ги оценува со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година изведува само бројчани оценки.

ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

НАЧИН НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ – Согласно со природата на предметот јазик и култура на Бошњаците во шесто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот* (*говорни вежби, презентации, писмени вежби* и сл.).

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства од I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое говори на босански јазик и кое завршило филолошки факултет – наставна насока:
- Историја на книжевноста на народите на СФРЈ, со српски јазик како втор главен предмет (по стара програма);
- Македонска книжевност и јужнословенска книжевност, со српски јазик како втор главен предмет;
- Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
- Српски јазик А (по стара програма);
- Босански, хрватски, српски јазик и книжевност.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ 0Д IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
❑ ги познава гласовите и ги разликува самогласките од согласките на босанскиот јазик;
❑ препознава гласовни промени на зборовите и знае да менува именка;
❑ го определува бројот на слоговите во зборот;
❑ знае правописни норми за пренесување на дел од зборот од еден ред во друг;
❑ правилно го изговара и пишува гласот *h* при изразување и творење;
❑ правилно ги изговара и пишува специфичните гласови во босанскиот јазик;
❑ користи нагласени и ненагласени зборови;
❑ ги знае правилата за акцентот во босанскиот јазик;
❑ разликува именки, придавки, заменки и броеви и правилно ги употребува во своето јазично изразување;
❑ знае да употребува глаголи во сегашно, минато и идно време (без дефинирање на граматичката појава);
❑ разликува менливи, делумно менливи и неменливи зборови;
❑ разликува деклинација и конјугација без дефинирање на поимите;
❑ знае што е падеж и го препознава со помош на падежните прашања;
❑ разликува видови именки;
❑ знае фонетски промени при деклинацијата;
❑ разликува видови заменки и правилно ги употребува во своето јазично изразување;
❑ разликува видови придавки и ги воочува падежните промени кај нив;
❑ умее да ги степенува придавките;
❑ разликува проста реченица и го одредува подметот и прирокот;
❑ разликува народен од стандареден босански јазик и нивните карактеристики;
❑ раскажува, прераскажува и пишува куси текстови за настани, појави и предмети во усна и писмена форма користејќи ги двете азбуки;
❑ пишува честитка, разгледница, покана, писмо;
❑ пишува состави на теми од традицијата, народното творештво на Бошњаците;
❑ препознава хронолошки ред на настаните во расказ, бајка, басна, драмски текст;
❑ знае да ја одреди тематиката и да направи план на текстот;
❑ разликува изразно од драмско читање со интонација, темпо, ритам и пауза;
❑ да определува место и време на настанот во текстот;
❑ да определува главен и спореден лик во текст; да опишува основни карактеристики на ликовите;

- препознава различни видови литература;
- наведува дела и автори на поезија, проза и драма од бошњачкото творештво;
- наведува песни, ора, инструменти од народното творештво на Бошњаците;
- знае обичаи и обреди кај Бошњаците;
- опишува занаети кај Бошњаците во минатото и денес;
- набројува празници кај Бошњаците и разговара за нивното значење и празнување.

Наставната програма по *јазик и култура на Бошњаците* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4094 од 22. 05. 2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07) министерот за образование и наука донесе Наставна програма по јазик и култура на Власите за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се осопсоби да чита со разбирање различни текстови;
- да зборува и пишува во сегашно, минато и идно време за настани и случувања, користејќи соодветни јазични елементи;
- да умее писмено да се изразува во различни форми: опишување, пишување краток состав; раскажување;
- да раскажува, усно и писмено, настани и случувања во минато време;
- да користи граматички и правописни норми при говорењето, читањето и пишувањето;
- да го збогатува речникот со нови зборови и изрази на влашки јазик;
- да учествува во разговор во кој ќе искажува свое мислење, чувства и факти;
- да развива чувство на припадност кон својата култура и почит кон другите култури.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| СЛУШАЊЕ, ГОВОРЕЊЕ, ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да разбира посложени текстови;<br>- да го открива и разбира хронолошкиот редослед на настаните во расказ и приказна;<br>- да се оспособува да зборува за настани од секојдневниот живот и да користи сегашно, минато и идно време;<br>- да се поттикнува да чита точно текстови со соодветна интонација и акцент;<br>- да се оспособува да ја разбира содржината на текстови од различни извори (подолги описи на секојдневни активности и дејства);<br>- да се поттикнува да го открива значењето на непознат збор или израз во познат контекст;<br>- да се оспособува да пишува поопширни писмени состави за себе и другите;<br>- да умее да пишува од лично | - Животот во нашата околина<br>Anvãrliga di mini<br>- Слободно време<br>Chiro liber<br>- Појави во природата и однесувањето на луѓето<br>Tsi ari tu natur?<br>- Моите активности<br>Activit ã<br>Tsli-a meali<br>- Што можам<br>- Tsi potu<br>- Што умеам<br>- Tsi shitiu/ minduescu ca pot<br>- Опишување<br>- Раскажување на позната тема | - Населба, град, село, татковина<br>Cãsabã, hoarã, patridã<br>- Музика, филм, детски претстави и спорт<br>Muzicã, film, sport, spectasoli ti ficiuritsã<br>- Празници – Sãrbãtori<br>- Објекти (автобуска и железничка станица, аеродром) други служби и професии<br>– Garã, aeroport...<br>- Телефонски разговори<br>- Расказ, приказна, песна (pirmif, cãntic)<br>- Викенд, распуст, патувања, превозни средства (vichend, vacantsã)<br>- Временски услови (ладно, топло, дожд, снег, магла)<br>- Muhladã, arcuari; ploai<br>- Исхрана - mãcãri<br>- Облека: видови на облека и обувки, величини, мода<br>- Stranji shi pãputsã, moda<br>- Нарачка во ресторан<br>- Tu restorantu<br>- Допаѓање/недопаѓање | - Слушање и читање со разбирање на описи, и други текстови.<br>- Откривање на хронолошкиот редослед на настаните (подредувња на реченици во текст, точен/неточен итн.).<br>- Разговори за секојдневни активности и планови.<br>- Пишување на кратки описи, барање/давање кратки информации и др.<br>- Разговори за интересот на учениците и нивните секојдневни активности и др.<br>- Разговор на тема: „Моите секојдневни активности“.<br>- Искажување на сопствено мислење за одредена тема.<br>- Разговори за минати настани.<br>Зборување за своите секојдневни активности и за плановите.<br>- Раскажување за познати теми за настани од мин атото.<br>- Читање и разбирање на дијалози, приказни и раскази.<br>- Трансформации на реченици.<br>- Подредување на реченици во подолг текст.<br>- Пишување писмо, кратка биографија и др.<br>- Раскажување за нешто што се случило |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| искуство за минатото (настан, активности);<br><br>- да се оспособува да ги опишува своите планови за во иднина;<br><br>- да умее да раскажува самостојно за позната тема (усно или писмено). | | Изрази за:<br>- барање/давање<br>Caftu minduearea-a.., dau Informari ca…<br>Информации за времето и временските услови<br>Cum easti chirolu?<br>- Барање/давање информации за просторот<br>Iu, Cãt largu easti…?<br>- Барање/давање мислење – Minduescu ca…<br>- Предлагање/прифаќање или неприфаќање на предлог<br>Lipseashti/ nu lipseashti; nu pistipsescu ca…<br>- Искажување на свое мислење<br>- Minduescu ca…<br>- Интонација и акцент | порано.<br>- Раскажување за личните планови на ученикот и сл.<br>- Пишување пораки, пријателски писма.<br>- Опишување на желби, планови за иднината.<br>- Раскажување за позната тема (усно и писмено). |

| ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Граматика** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да ги препознава падежите кај именките;<br><br>- да се оспособува да ги препознава описните, показните и прашалните придавки и правилно да ги применува во усниот и писмениот говор;<br><br>- да умее да ги разликува повратните и прашалните заменки од другите зборови;<br><br>- да употребува глаголи во сегашно, минато и идно време;<br><br>- да умее да ги разликува простите и редните броеви и да ги употребува во усниот и писмениот говор;<br><br>- да се оспособува да разликува прилози за време и место и да ги применува во усното и писменото изразување. | • Падежи кај именките<br>• Придавки:<br>- описни,<br>- показни;<br>- прашални.<br>• Заменки:<br>– повратни<br>- прашални заменки<br><br>• Глаголи (сегашно, минато и идно време)<br><br>• Броеви – редни броеви<br><br>• Прилози за време и место | • Падежи<br>• Придавки:<br>- описни (mari, njic), показни (aestã Casã) прашални (cari featã easti…),<br>• Заменки:<br>- повратни (mi, ti, nã) и<br>- прашални заменки (cari),<br>• Глаголи:<br>- сегашно време sapã;<br>- идно va s-sapã;<br>- минато време;<br>sãpã (imperfectul),<br>• Броеви: редни броеви, unã, dau, prort<br>• Прилози за време<br>(mani, azã, aseara)<br>- Прилози за место (aoa, aclo, | - Препознавање и примена на падежите кај именките.<br>- Препознавање на описни, показни и прашални придавки.<br>- Разликување на заменките од другите зборови и нивна правилна употреба во усниот и писмениот говор.<br><br>- Вежби за примена на глаголите во сегашно (повратни и неправилни), минато и идно време; Ini, vini, va-zinã.<br><br>- Разликување на редните од главните броеви.<br>- Правилно пишување и примена на редните броеви. Tehtu: Cros.<br>- Усвојување и разликување на прилозите за време и место од другите зборови.<br>- Читањње и пишување реченици и кратки текстови, со правилна примена на прилозите за време и место. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | **Правопис** | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува правилно да ги употребува интерпункциските знаци за директен говор;<br><br>- да умее да користи кратенки во текст. | - Интерпунциски знаци: две точки, тире и наводници во директен говор<br><br>Скратување на зборови (D-nu, d/rã, TV …) | - Интерпункциски знаци: две точки, тире, наводници<br><br>- Скратеници | - Пишување реченици и кратки текстови за правилна употреба на интерпункциските знаци во директен говор.<br><br>- Активности за употреба на скратеници во текст, како на пр.: (D-nu, d-rã, TV …). |

| ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Усно изразување** | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да прераскажува текстови по даден план;<br><br>- да се поттикнува усно и писмено да опишува настани и случки од лично искуство. | - Пишување на текст со замена на форми на именки (lemnu), придавки (limnusit) и глаголи во даден контекст (tai lemnu).<br><br>- Раскажување на содржини по даден почеток или крај.<br>- Писмени одговори на прашања од обработен текст.<br>- Раскажување за доживеан настан. | - Форми на именки<br>- Нови зборови и изрази од различни текстови | - Пишување на текстови со замена на форми на именки, придавки и глаголи.<br><br>- Раскажување по даден почеток или крај на настанот.<br>- Писмени одговори на прашања од обработен текст.<br>- Раскажување на доживеан настан. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Писмено изразување** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да пишува текстови со замена на форми на именки, придавки и глаголи;<br><br>- да умее да прераскажува писмено обработен текст со менување на крајот од текстот;<br><br>- да умее да раскажува за доживеан настан (прослава, излет и сл.). | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br><br>- Детски литературни творби<br><br>- Стари занаети и други обележја од животот на Власите<br>- Arhitectura di Crushuva | - Форми на именки<br>- Нови зборови и изрази од различни текстови. | - Пишување на текстови со замена на форми на именки, придавки и глаголи.<br>- Раскажување по даден почеток или крај на настанот.<br>- Писмени одговори на прашања од обработен текст.<br>- Раскажување на доживеан настан. |

| КУЛТУРА НА ВЛАСИТЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се поттикнува да чита различни творби од литературното творештво на Власите;<br><br>- да го проширува интересот за обележјата и традициите од животот на Власите. | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br>- Детски литературни творби<br>- Стари занаети и други обележја од животот на Власите<br>- Arhitectura di Crushuva | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри (Dãndãnã)<br><br>- Детски литературни творби Portu ti –a nveatã<br><br>Традиции и обележја од животот на Власите | - Слушање на народни влашки песни и разговор за темата и сл.<br>- Разговор за традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br>- Читање текстови и разговор за познати автори на детска литература на влашки јазик.<br>- Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со обележја од животот на Власите. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот ***јазик и кул̄ура на Власӣе*** ги опфаќа следните подрачја: Слушање, Говорење, Читање и пишување; Јазик; Изразување и творење, Култура на Власите.

При планирањеето на наставата во VI одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба да ги планира интегрално целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја  во наставната програма за да може да се постигне поврзување и целовитост во слушањето, говорењето, читањето, изразувањето и творењето на влашки литературен јазик. Исто така, треба да внимава во интегралното планирање да не се запоставаат некои од битни карактеристики на влашкиот јазик што се предвидени со наставната програма. БидејЌи овој наавстaвен предмет во VI одделение се изучува со по два часа неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови.

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на системот на наставата по предметот јазик и култура на Власите. Предметните подрачја даваат такви можности според структурата на целите и содржините, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност меѓу наставните подрачја по предметот јазик и култура на Власите е битна карактеристика на наставата којашто се надградува и со поврзувањето на содржините од овој предмет со другите предмети, што претставува важен принцип во реализацијата на наставата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што при разработката на новите содржини да се следи спиралната прогресија односно секогаш врз основа на познати содржини да се надградуваат нови при што подеднакво да се развиваат четирите јазични вештини: Слушање, Говорење, Читање и пишување. За да може да се постигне целта на наставата по овој предмет, се налага потреба да се планираат и да обработуваат претежно (текстови, песни, раскази и сл.) на влашки јазик во кои се содржат интересни теми за обичаите и другите карактеристики поврзани со јазикот и културата на влашкиот народ.

*Пре̄ораки за корис̄ење на ̄одишниот̄ фонд на часови - 72 часа ̄одишно, 2 часа неделно.*
- По наставни подрачја се предлага за: Слушање, Говорење, Читање и пишување – 30 часа; Изразување и творење – 18; Јазик – 15; Култура на Власите – 9 часа.

**Наставни средства:**
- учебник избран за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- приказни, песни, списанија, енциклопеции, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД;
- други извори за учење: Интернет.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за влашкиот јазик во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Навреме треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по влашки јазик, начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците (особено што во шесто одделение во текот на годината учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната година добиваат свидетелства со бројчани оценки). Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ - Во текот на наставата по влашки јазик во VI одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:
- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ - Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот го опишува развојот на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје од наставната програма по влашки јазик.

ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО
- Завршната бројчана оценка се доставува до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ - Согласно со природата на програмата по јазик и култура на Власите во шесто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот (говорни вежби, презентации, писмени вежби,* и сл.).

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставните средства за I до VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во шестото одделение може да ја изведува лице кое добро го говори влашкиот јазик, има сертификат за следена обука и има завршено студии на филолошки факултет – наставна насока

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ 0Д IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- ❑ ги разликува специфичните гласови на влашкиот јазик;
- ❑ чита течно текстови за позната тематика со соодветна интонација и акцент;
- ❑ ја разбира содржината на слушнат или прочитан дијалог, краток текст, народна приказна;
- ❑ опишува слики, случки и лично искуство во усна и писмена форма;
- ❑ користи правилно јазични средства, правопис и интерпункција;
- ❑ прераскажува усно и писмено содржини (слободно и со помош на прашања);
- ❑ ја знае функцијата на интерпункциските знаци и правилно ги применува при читање и пишување;
- ❑ раскажува за доживеани настани и случки од лично искуство;
- ❑ раскажува во усна и писмена форма во сегашно, минато и идно време;
- ❑ прераскажува текстови по даден план;
- ❑ слуша и разбира песни од музичкото творештво на Власите;
- ❑ го разбира значењето на народните обичаи и обреди на Власите;
- ❑ покажува интерес за литературното творештво на Власите;
- ❑ истражува за стари занаети и други обележја од животот на Власите.

Наставната програма по *јазик и култура на Власите* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4097 од 22.05.2008 година.

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**



# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## за учениците од другите заедници

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл.весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот македонски јазик за учениците од другите заедници за VI одделение на деветгодишно основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се поттикнува за активно слушање и за разбирање на македонски стандарден (литературен) јазик;
- да се оспособува за разликување правилна употреба на членот кај именките (категоријата определеност);
- да се оспособува за разликување на заменките во реченица;
- да се оспособува да ги усогласува придавките со именките (род, број и член);
- да се оспособува за препознавање на различните граматички категории кај глаголите и простите глаголски форми;
- да ги препознава различните видови реченици според содржината (расказни, прашални, одречни и извични);
- да се оспособува за за елементарна анализа на текст;
- да се оспособува за раскажување по зададена тема;
- да се оспособува за прераскажување прочитан текст, гледана ТВ емисија или театарска претстава;
- да се оспособува за опишување лик.


119

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Граматика** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно го употребува тројниот член кај именките;<br>• се упатува да разликува членувана и нечленувана именка;<br>• препознава именки што не се членуваат; | • Именки<br>• Членот кај именките (категоријата определеност) | • Член<br>• Категорија определеност<br>• Троен член | • Вежби со членувани и нечленувани именки.<br>• Вежби со именки што се членуваат и што не се членуваат.<br>***– Методи: метод на индукција и дедукција.*** |
| • ги препознава заменките во реченицата; | • Заменки<br>• Лични заменки | • Заменки | • Вежби за препознавање на заменките во реченицата. |
| • правилно ги употребува придавки кои се усогласени со именките (според категориите род, број и член); | • Придавки (усогласување според род, број и член со именките) | • Придавки (род, број. член) | • Вежби за употреба на придавките усогласени според род, број и член со именките. |
| • ги препознаваат граматичките категории кај зборовната група глаголи; | • Глаголи<br>– граматички категории | • Глаголи<br>– граматички категории | • Вежби за препознавање на грматичките категории кај глаголите (време, начин, вид итн.). |
| • препознава проста и сложена реченица. | • Реченици (според составот)<br>- Прости<br>- Сложени | • Прости реченици<br>• Сложени реченици | • Вежби за препознавање на прости и сложени реченици.<br>• Методи: аналитичко-синтетички. |

| ПРАВОПИС | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да пишува голема буква за име на претпријатие, фирма; | • Пишување на голема буква во имиња на претпријатија - фирми | • Голема буква | • Вежби за пишување на голема буква во имиња на претпријатија, фирми, установи и сл. |
| • правилно да пишува скратеници; | • Пишување на скратеници | • Скратеници | • Вежби за пишување на скратеници како на пр.: Р. М., НОВ, АСНОМ и др. |
| • одделно да ја пишува негацијата во одречните реченици; | • Негација<br>• Пишување на негација во одречните реченици | • Негација | • Вежби за пишување на негација во одречните реченици. |
| • правилно да пишува определени зборови (слеано и разделено). | • Слеано и разделено пишување на зборовите | • Слеано и разделено пишување на зборовите | • Вежби за слеано и разделено пишување на зборовите врз избрани примери. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Читање, литература и лектира | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **ЧИТАЊЕ** | | | |
| Ученикот/ученичката :<br>• да се оспособува да користи речник при читање на непознат текст. | • Читање на литературен текст со толкување на непознатите зборови и изрази со користење на речник на македонскиот стандарден јазик. | • Речник | • Вежби за користење на речник при читање на непознат текст. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **ЛИТЕРАТУРА** | | | |
| Ученикот/ученичката да се оспособуваат:<br>• да прават план на текстот;<br>• да прави елементарна анализа:<br>– идејно-тематска;<br>– по план на текстот;<br>– на ликови. | • Самостојна анализа на текстот (идејно-тематска, по план на текстот и анализа на ликови) | • Анализа (тематско-идејна, по план на текстот и на ликовите во текстот). | • Вежби за самостојно определување на тематско-идејната основа на текстот, за изработка на план на текстот и за опишување на ликовите. |
| Ученикот да разликува:<br>• научно-популарен текст;<br>• новинарски написи. | • Научно-популарен текст<br>• Новинарски напис | • Научно-популарен текст<br>• Новинарски напис | • Вежби за анализа на научно-популарен текст.<br>• Вежби за анализа на новинарски написи (текстовите можат да бидат и од детскиот печат.) |
| **ЛЕКТИРА** | | | |
| • Да се развива интерес за читање книги за лектира на македонски стандарден јазик. | • Лектира | • Лектира | • По предложени наслови - три дела од македонски автори.<br>Методи: Наставна обработка соодветна на анализа на лирски, епски и драмски текст. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Литература** | | | |
| Ученикот/ученичката:<br>да се оспособува:<br>• да прави план на текст;<br>• да прави елементарна анализа:<br>• идејно-тематска<br>• по план на текстот<br>• на ликови | Обработка на текст<br>• редослед на настани (структура, план на текстот)<br>• Откривање на идејно-тематска основа на текст како и анализа на ликови<br>• Анализа на текст и ликовите во текстот. | • структура (план) на текст;<br>• анализа (тематско-идејна, по план на текстот и на ликовите во текстот). | • Вежби за воочување на структурата на текстот (план на текстот);<br>• Откривање на тематско-идејна основа на текстот; изработка план на текстот за опишување на ликови.<br>• Методи: *Метод на прашања и одговори (хевристички разговор - насочувачки прашања во кој се врши тематско-идејна анализа и композициска анализа).* |
| **Лектира** | | | |
| • да развива интерес да чита книги на македонски јазик. | • лектира | • лектира | • По предложени наслови - три дела од македонски автори<br>• *Методи: Анализа на текст.* |



123

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ** | | | |
| • Ученикот/ученичката да се оспособи да раскажува на теми од по зададена тема; | • Раскажување на теми од посредната и непосредна околина и за слободното време. | • Раскажување | • Вежби за раскажување по зададена тема на македонски стандарден јазик (според план на раскажување). |
| • да се оспособи да прераскажува содржини од различни мдиуми (текст, ТВ, радио, театарска претстава) на македонски стандарден јазик; | • Прераскажување на обработен текст, прочитан текст, следена ТВ и радио емеисија. театарска претстава по даден план на македонски стандарден јазик. | • Прераскажување | • Вежби за прераскажување на содржини по даден план на македонски стандарден јазик. |
| • да се оспособи правилно да опишува лик и појава. | • Опишување на:<br>– лик (по план на опишување);<br>– појава (по план на опишување). | • Опишување | • Вежби за опишување на ликови и појави од природата. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | | **ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ** | |
| еникот/ученичката:<br>• правилно да пишува кратки деловни состави со почитување на граматичката точност и правописот на македонскиот стандарден јазик. | • Деловни состави (лично писмо)<br>• Писмена работа | • Лични и службени писма<br>• Писмена работа (најмалку две по претходно одржани вежби за писмена работа). | • Вежби за препишување на избрани делови од текстови (строфи од песна, описи, дијалози, монолози од прозен текст и сл.);<br>• Вежби за дополнување на реченици со испуштени зборови.<br>• Вежби за корекција на погрешно напишани зборови.<br>• Вежби за подведување на зборови под реченичен ред пр.: - Книга Асан чита / Асен чита книга. и сл.).<br>• Диктат.<br>• Автодиктат.<br>• Вежби за писмено прераскажување, раскажување, опишување.<br>• Вежби за честитање, искажување желби и благодарност.<br>• Писмена работа (најмалку две по претходно одржани вежби за писмена работа). |


125

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Остварувањето на општата цел на предметот македонски јазик за учениците од заедниците за периодот од IV до VI одделение ќе биде успешно доколку целосно се исполнат сите програмски барања кои се континуирано распоредени по одделенија и периоди.

Обработката на одделни категории зборови од подрачјето **Јазик** секогаш треба да се разгледуваат преку реченици каде тие го имаат вистинското значење. Вежбите за правилен изговор на гласовите да биде перманентна задача.

Програмското подрачје **Литература** треба да се обработува преку дескриптивни текстови каде вниманието ќе биде насочено кон доживувањето на описите (личности, пејзажи и ентериер). При обработката на лирски песни обработката да се задржи на расположението на лирскиот субјект, впечатоците кои ги предизвикува песната и мотивите. При обработката на драмски текстови учениците да се воведуваат во откривање на чувствата, желбите и намерите на ликовите.

Барањата при реализацијата на подрачјето **Изразување и творење** во VI одделение треба да се зголемат особено во рамките на усното изразување. При раскажувањето на прочитан текст ученикот да може да го прошири или да го скрати текстот, да ја продолжи започнатата приказна, да го измени крајот на приказната. Посебно внимание да се посвети на начинот на пишување на писмен состав користејќи ги предзнаењата од мајчиниот јазик на ученикот. Во текот на учебната година се изработуваат **три писмени работи** една во прво полугодие и две во второ полугодие.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на знаењата на учениците  се врши по пат на примена на современи педагошки методи при што наставникот ќе води сметка за утврдување на степенот на совпаѓање на актуелните постигања на ученикот со претходно планираните цели. Притоа тој ќе користи најразновидни инструменти за оценување и самооценување во однос на остварениот напредок на способностите за читање, пишување, раскажување слушање и разбирање на говорот. Оценувањето на постигањата на учениците е бројчано (од 1 до 5).

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик од IV до VI одделение за учениците од заедниците може да ја изведува лице со завршен:
» Филолошки факултет – наставна насока: Македонски јазик и македонска книжевност;
» Филолошки факултет – наставна насока: Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
Филолошки факултет – наставна насока: Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет;
» Педагошки факултет – група Одделенска настава на македонски јазик.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ❑ правилно чита и пишува текстови на кирилско писмо;
- ❑ ги препознава именките по род и број;
- ❑ ги разликува глаголските форми по род и број;
- ❑ ги усогласува придавките по род и број со именките;
- ❑ ги препознава заменките во реченица;
- ❑ ги именува броевите од 1 до 100 и правилно ги пишува;
- ❑ ги разликува различните видови реченици според содржината (расказни, прашални, одречни и извични);
- ❑ раскажува по зададена тема;
- ❑ прераскажува краток текст;
- ❑ пишува лица, предмети, растенија и животни;
- ❑ прави елементарна анализа на текст.



Наставната програма по предметот *македонски јазик* за учениците од другите заедници за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4058/1 на ден 28.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.103/08 и 33/2010), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот *англиски јазик* за VI одделение на деветгодишното основно образование.

# 1. ВОВЕД

Предметот *англиски јазик* како прв странски јазик е застапен во наставниот план за деветгодишното основно обрзование во сите три развојни периоди почнувајќи од прво одделение па сè до крајот на деветтото одделение.
Застапеноста на предметот во наставниот план за деветгодишното основно образование се должи на современите тенденции во образовните системи на повеќето земји од Европската Унија, каде што на изучувањето на првиот странски јазик му е посветено посебно внимание. Имено, со изучување на истиот се започнува од најмалата возраст на учениците, т.е. од првата година на задолжителното основно образование.
Современата настава по странски јазици за учениците од 6 до 14 години ја определува широко сфатената цел за усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена на ученикот како субјект на наставниот процес, неговиот когнитивен-афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнување на стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик во шесто одделение се изучува со 3 (три) часа неделно, односно 108 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.
Појдовни основи за изготвувањето на наставните програми за VI (шесто) одделение на основното деветгодишно образование се:

- ❑ програмскиот документ *Концепција за деветгодишното основно образование* (содржини и организација на воспитно-образовната дејност) од 2007 година;
- ❑ *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* (теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик)[1].

*Предметот англиски јазик во петто одделение се изучува со 3 (три) часа неделно, односно 108 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.*

[1]Како ориентација во однос на нивоата на јазични компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на одделни воспитно-образовни периоди на основното образование се земени предвид насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците*, кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик. Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Waystage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата Б1 (преодно ниво/Threshold) и Б2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво Ц1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и Ц2 (највисоко ниво/Mastery).
Во услови на учење на англискиот јазик во Република Македонија учениците по првите три години на учење на англиски јазик (I-III одделение) можат делумно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво), по следните три години на учење на англискиот јазик (IV-VI одделение) можат целосно да го постигнат нивото А1 (подготвително ниво) и можат делумно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво). Постигнувањето на компетенциите согласно наведените нивоа ќе биде прикажано преку очекуваните резултати во програмата за шесто одделение.

# 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се оспособи слухово и визуелно да препознава нови зборови и куси искази и да го разбере нивното значење;
- да може да репродуцира и продуцира зборови и едноставни јазични искази;
- да се оспособи да чита куси текстови за идентификување конкретни и глобални информации;
- да се оспособи да пиува едноставни јазични искази и куси текстови со правилна употреба на интерпункциските знаци;
- да може да води едноставна комуникација на ниво на усвоениот вокабулар и со примена на јазични функции блиски на возраста на учениците;
- да се здобие со знаења за други култури.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ[2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да го разбере значењето на лексичките единици, да ги репродуцира и да ги употребува во соодветни говорни ситуации. | Моето семејство и пријателите (опишување на личности, физички карактеристики и интереси) | He's a hard-working student.<br>She's got black hair.<br>They are crazy about dancing. | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, вежби од типот на опишување на дадена слика или портрет, пишување на кратки описи, игри од типот "Café portraits", "Heads, bodies and legs" и сл. |
| | Младите и нивното секојдневие | Girls like shopping and going to the cinema.<br>Boys like playing football. | Активности од типот на пополнување прашалници и анкетирања на ниво на одделението. |
| | Во ресторан | starter, main course, dessert, tablecloth, spoon, knife, glass, plate, … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, составување на мени, игри од типот симулација (учениците се ставаат во улога на waiter- customer) и др. |
| | Географски поими | village, mountain, river, sea, ocean, desert, … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на географски поими според мапи, фотографии, флешкарти или постер, игри од типот Quiz, Vocabulary squares, Guessing game и др. |

[2] При обработка на новиот лексички материјал не треба да се воведуваат повеќе од 7 до 8 нови лексички единици по наставен час. Лексичкиот материјал сукцесивно се проширува и се повторува.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Тинејџери и технологија | computer, DVD player, iPod, mobile phone, message, internet, e-mail, … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, препознавање и именување на видови апарати по дадена фотографија, флеш-карти или постер, вежби од типот на *Listen and identify, Picture gaps,* вежба од типот на симулација *Shopping role-play,* игри од типот A *very long sentence, Hangman* и др. |
| | Уметност<br>-музички инструменти<br>- филм | drums, guitar, keyboard, …<br>cartoons, … | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или говорот на наставникот и репродуцирање на слушнатото, "*Vocabulary jigsaws*", поврзување на дадена слика со соодветно име, *Guessing game* и др. |
| | Празници и карневали | Halloween, April Fools' Day, Christmas, Easter, …<br>Vevcani Carnival, Strumica Carnival, … | Активности од типот симулирање на говорна ситуација на тема празници, изработка на честитки за одредени празници, изработка на маски, симулација на претстава по повод одреден празник, пишување на едноставни поеми *Simple poems,* учење на песнички *Jingle bells, Carnival song, Fancy dress party,* римувалки и сл. |

| ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот да ја препознава формата на Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма. | Пресент Continuous Tense со идно значење во потврдна форма | | Активностите и методите кои ги сугерираме можат да се применат во сите наведени содржини во граматиката согласно барањата за изучување на граматичките структури. Активности кои се сугерираат за реализација на содржините од граматиката се следните:<br><br>• слушање на исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестикулација, TPR);<br>• вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>• вежби со користење на илустрации, флеш карти и постери;<br>• користење на реалија како средство за реализација на одредени содржини од граматиката;<br>• игри со броење, цртање, подредување;<br>•еснички;.<br>• играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл.;<br>• активност од типот *Jazz Chants*- активности од типот пополнување на празни места во реченицата. |
| • Ученикот да ја препознава, разбира и употребува формата на Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма. | Present Continuous Tense со идно значење во потврдна форма | They're making a pizza this evening | • Играње по улоги и симулации на дадени ситуации и сл.<br>• Активност од типот Jazz Chants. |

[3]Граматичките структури <u>никогаш</u> не се толкуваат експлицитно, туку нив учениците ги усвојуваат глобално во предложени јазични структури.

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** |
|---|---|---|
| • Ученикот да ја препознава, разбира и употребува формата на *Present Continuous Tense* (сегашно време) со идно значење во прашална форма за планирање на идни дејства. | Present Continuous Tense со идно значење во прашална форма | What are you going tonight? |
| • Ученикот да може да ги препознава, разбира и употребува прилозите за време на *Present Continuous Tense* со идно значење. | Прилози за време на *Present Continuous Tense* со идно значење | this evening, next month... |
| • Ученикот да може да ја препознае фомата на модалниот глагол *should* за давање совети во потврдна форма. | Модален *glagol should* (потврдна форма) | You should study more. |
| • Ученикот да може да ја препознае фомата на модалниот глагол *should* за давање совети во негативна форма. | Модален глагол *should* (негативна форма) | You shouldn't eat too much chocolate! |
| • Ученикот да може да ги препознава, разбира и правилно употребува личните објективни заменки. | Лични предметни заменки | me,him,them.... |
| • Ученикот правилно да ја разбере и применува употребата на описните придавки. | Описни придавки | short,long,small... |
| • Ученикот да може да го препознае и правилно употребува заповедниот начин кај глаголите. | Imperative | Be quiet!<br>Don't be late! |
| • Ученикот да може да ја препознава формата на глаголот *to be* во минато време во потврдна форма. | Глаголот *to be* во минато време во потврдна форма | I was at shool. |
| • Ученикот да може да ја препознава формата на глаголот *to be* во минато време во прашална и негативна форма. | Глаголот *to be* во минато време во прашална и негативна форма | Were you at the party?<br>She wasn't with us. |
| • Ученикот да може правилно да ги подредува зборовите во кратки реченици. | Правилен редослед во реченицата | swim/He/very/can/well<br>He can swim very well. |

| ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот:<br>• да може да води едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции на ова ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата возраст. | Претставување и давање податоци за себе и по-широкото семејство и пријателите | My name is Ana. I live in a big house with my parents and my sister.My mother is a doctor and my father is a teacher. My sister wants to be a pop singer. | Игри во двојки (водење дијалог).<br>Активности во групи и драматизации. |
| | Опишување на личности, физички карактеристики и интереси | She`s a very hard-working person.<br>He`s very tall with long blond hair.<br>They love skiing. | |
| | Искажување минати дејства | I was at the cinema last night. | Активности од типот на прашања и одговори (работи во двојки), нарација по дадена слика, *Jazz Chants* и сл. |
| | Географски поими (именување и опишување) | My town is small and very clean.<br>The Vardar is a very long river.<br>There are two cinemas and a theatre. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики, постери, работа во двојки или групи, натпревари, *Guessing game* и сл. |
| | Именување на училишните предмети во шесто одделение | Geography is my favourite subject. We learn about different countries.<br>I like History because we learn about the past.. | Активности од типот вербално искажување по даден распоред и сл. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| | Именување музички инструменти и филм | My brother plays the piano.<br>I can play the guitar but I can't play the violin. | Активности од типот вербално искажување по дадени слики и постери, мимики, симулации на дадена ситуација и сл. |
| | Барање и давање совет | I have a test tomorrow.<br>You should study harder.<br>I've got a cold.<br>You should stay in bed and rest. | Активности во двојки, драматизации и сл. |
| | Порачување храна во ресторан | – What would like to order?<br>– Pancakes and orange juice, please | Вежби од типот на прашања и одговори, симулација на дадена ситуација и сл. |
| | Поканување, прифаќање и одбивање | Will you come shopping with me tomorrow?<br>Yes, of course.<br>I`m sorry, but I must study for the test. | Работа во двојки и сл. |
| | Посакување пријатни празници и искажување разлики во прославувањето кај нас и во другите земји | Have a nice holiday!<br>Happy Thanksgiving.<br>We cook turkey and pumpkin pie on Thanksgiving. | Симулирање на говорна ситуација на тема празници (национални и верски празници и др.).<br>Изработка на честитки за одредени празници, симулација на претстава по повод одреден празник и сл. |
| | Сугестии | What shall we do now?<br>Let's watch a film. | Работа во двојки и сл. |

| СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• да може да го разбере значењето на лексичките единици предвидени за изучување на оваа возраст; | Лексичка единица | hard-working, lazy shopping, going to the cinema, playing football village, mountain, river, …<br>drums, guitar, ….<br>cartoon, …<br>starter, main course, desert…<br>Halloween, April Fools' day, Christmas, … | Невербално реагирање на: говорен поттик, слики, постери, флеш карти; игри од типот Information gap, Hangman, Words from words, Guess the words; песни (пр. *We wish you a Merry Christmas, Jingle bells*); римувалки и сл. |
| • да може да разбере едноставни куси искази;<br>• да може да ги разбира основните намери на својот соговорник. | Едноставни куси искази | He's a very nice person.<br>They like shopping.<br>There are high mountains in my country.<br>Sarah was at the cinema. She always buys bread in the supermarket.<br>Tom plays the drums.<br>We like cartoon network.<br>He is sending messages on his mobile. | Вежби од типот на соодветно реагирање на слушнати искази (од аудиозапис или од наставникот, на пр.: движење на телото, мимика); невербално реагирање на инструкција/ исказ од наставникот и сл. |

| ГОВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>• правилно да ги изговара и соодветно да ги применува лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за ова ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури. | Географски поими | My father's village is big/small. There is a river. | Активности од типот на вербално повторување и продуцирање на едноставни исказни реченици преку: играње по улоги, бројалки, рецитирање и пеење, по можност проследено со движења, учество во кратки дијалошки ситуации, драмски изведби и раскажување приказни како потврда за усвоеност на лексиката и структурите. |
| | Физички карактеристики на личноста | My best friend's name is Mary. She is 12. She's got short brown hair, blue eyes and she's tall. | |
| | Дневна рутина | I always get up at 7 o'clock. I go to school at 8 o'clock. | |
| | Навики при јадење | I always start my lunch with salad My sister has a banana for dessert. | |
| | Музички инструменти | Ben plays the piano. | |
| | Празници | My favourite day is New Year's Eve.<br>We always  get presents for Christmas. | |
| | Тинејџери и технологија | I play computer games every day. | |

| ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да чита и разбира упатства, инструкции, натписи и пораки;<br>• да чита со идентификување конкретни информации во даден текст;<br>• да чита за глобално разбирање на едноставни куси искази (куси наративни текстови). | Упатства, инструкции, натписи, пораки и сл.<br><br>Конкретни информации во даден текст<br><br>Куси наративни текстови | Read the text and answer the questions!<br>Follow this direction to come to the school!<br>Silence please!<br>Come to my birthday party!<br><br>The Vardar is a very long river in Macedonia. It flows through Skopje and Veles. Many people like fishing.and often go there. There are a lot of fish in the river......<br>................................................... | Вежби од типот на гласно читање (во група и индивидуално); активности од типот на поврзување на зборови со слики и предмети; поврзување на едноставни куси реченици со слики; стимулирање на читање со разбирање (користење на флеш карти, сликички, постери. Вежби од типот True/False итн.). |

| ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да пишува усно усвоени зборови;<br>• да пишува куси искази по дадена звучна и визуелна информација;<br>• да пишува куси искази (состави) на посочена или замислена тема и структуирани идеи со правилна употреба на интерпункциските знаци. | Правилно пишување на зборови и реченици по спелување и диктат<br><br>Едноставни реченици, пораки, куси описи<br><br>Куси состави (кратка порака, писмо, опис, честитка и сл.) | I like corn flakes and milk for breakfast....<br><br>I go to the cinema every Saturday.<br>Come with us to the swimming pool.<br><br>I visit Vevchani Carneval every year. It is in January. It is itere-sting...... | Вежби од типот на дополнување на зборови со испуштени букви (игра од типот Hangman); вежби со пишување на своето име; игра од типот составување на едноставни зборови од дадени букви со измешан редослед; пишување на зборови по дадени слики, пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пополнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатства за пишување куси реченици; пишување реченици и многу куси текстови според звучен модел – диктат; Ставање зборови во правелен ред во една реченица и сл.<br>Пишување честитки, пораки на разгледници, и-мејл пораки.<br>Пополнување формулари со лични податоци. Самостојно и заедничко осмислување на текстови за слики и изработка на одделенски весник или постер. |

**КУЛТУРА**

Содржините од *Култура* се застапени во сите компоненти на изучувањето на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента.

Целта е да се создаде сензибилизација за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција и емпатија кон другиот и различниот (на пр., преку имиња, празници, модели на културно однесување, храна, песни, игри, бројалки, комуникативни модели, паралингвистички елементи и др.), организирање мали прослави за одбележување на Денот на благодарноста (Thanksgiving), Божик, Априлијада, Велигден и сл.

Целта е да се стекнат интеркултурни компетенции за однесување имајќи ги предвид културните разлики; создавање чувство за воочување на културните разлики низ учењето и воспитувањето и социјализација на содржините како основа за развивање почит кон другите луѓе и различните работи. Во пристапот на наставните содржини и теми, како и културолошките, воспитните и социолошките треба да се води сметка за однесувањето во различни култури, обработка на содржини коишто овозможуваат споредба и социјализиација на македонската култура со другите култури.

# 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во планирањето на наставата за шесто одделение предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во шесто одделение, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Наставата по англиски јазик за учениците на оваа возраст се заснова на мултисензорно (визуелно, аудитивно, тактилно и др.) и холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното во странскиот јазик не може да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.

Наспроти карактеристиките на раното изучување на англискиот јазик (I-III одделение), наставата во повисоките одделенија на основното образование (IV-VI одделение) постапно се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, на говорот како од аспект на говорна интеракција, како и од аспект на говорна продукција, т.е. на пишувањето.

**Наставни средства:**

- ❑ комплет од одобрен учебнички систем;
- ❑ пакет прирачен материјал за наставникот (флеш-карти, постери и др.);
- ❑ касетофони/касети со песни; компјутер со соодветен софтвер; ЦД-РОМ, ТВ со ДВД;
- ❑ други извори на учење во непосредната околина - предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- ❑ Интернет пристап, образовни софтвери;
- ❑ списанија за наставникот.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

*Битно е* поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на младите ученици им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна пофалба или позитивна реакција изразена преку гест или мимика или, пак, со насмевка од страна на наставникот, нацртан цвет и сл.

Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши описно во текот на училишната година при што наставникот има обврска во посебна тетратка континуирано да води забелешки за секој ученик посебно за неговото напредување согласно компонентите на јазикот предвидени со наставната програма за шесто одделение. Со цел на родителите да им се овозможи увид во напредувањето на нивните деца и во нивниот процес на учење пожелно е да се воведе *Европско јазично портфолио* кое придонесува учениците да ја развијат свеста како учесници во наставниот процес. Портфолиото ги води кон сфаќање на учењето како процес на стекнување на знаења и вештини во кој  активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II, и III одделение и на наставните средства за I одделение донесени од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-4061/1 од 31.05.2007 година.

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на Наставната програма за шесто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за шесто одделение.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушне подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „П“, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација)

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

• го разбира значењето на лексичките единици предвидени за усвојување согласно барањата на наставната програма и истите може да ги репродуцира и употребува во соодветни говорни ситуации;

• разбира едноставни искази од подрачјето на непосредната лична релевантност;

• комуницира во едноставни и рутински задачи кои бараат едноставна и непосредна размена на информации на познати теми и активности;

• опишува, се искажува користејќи фрази и едноставни искази со цел да го опише своето семејство, други луѓе, местото каде живее и сл., притоа користејќи едноставен јазик и граматички структури согласно барањата на наставната програма;

• чита и разбира едноставни упатства, инструкции, натписи и пораки;

• чита и идентификува конкретни информации во даден текст и глобално разбира куси наративни текстови;

• пишува куси состави (кратка порака, писмо, опис, честитка), со правилна примена на интерпункциските знаци;

• има информации од културата на земјите со англиски говорен јазик и други култури;

• користи ИКТ во содржини од предметот.

# 8 НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

• Завршени студии по англиски јазик и литература - наставна насока, VII[1]
• Завршени студии по англиски јазик и книжевност, VII[1].
• Завршени двопредметни студии по македонски и англиски јазик, VII[1].
• Завршени студии по англиски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].

Наставната програма по *анīлиски јазик* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-668/3 од 05.11.2010 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08 и 33/2010) министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот француски јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

**1. Местото на предметот во наставниот план**

*1.1. Опис и природа на предметот*

Секој вид на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача за постигнување на идеалот на Советот на Европа за многујазичност и познавање на повеќе култури, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазици.

Во Наставниот план за деветгодишното основно училиште странските јазици заземаат посебно место заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивира размената помеѓу припадниците на различни цивилизации во сите сегменти на општественото живеење (во економијата, политиката, културата, образованието итн.), со што се наметнува потребата од многујазичност, што е една од главните цели на новата концепција. Од тие причини, изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст (I одделение), а на 11-годишна возраст (VI одделение) се изучува вториот странски јазик.

1.*2. Назив на предметот: француски јазик*

*1.3. Неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72 часа*

*1.4. Статус на предметот: задолжителен/втор странски јазик*

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Наставата/ изучувањето на францускиот јазик на ова ниво се темели на следниве основни цели:

❑ ученикот/ученичката да се оспособува за комуникација со другите, почитување на многујазичност и збогатување на општата и јазичната култура;

❑ да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за почитување на разликите, човековите права, другите култури и традиции;

❑ да се стимулира изучувањето на францускиот јазик, да се развива интерес кон земјите во кои се зборува соодветниот јазик заради собирање информации од различни извори на тој јазик и развивање меѓукултурни врски.

# 3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК

Ученикот/ученичката:

❑ да формира и да развива јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;

❑ да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;

❑ да формира елементарни навики и способности за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченични единици, фонетски, правописни, лексички и граматички норми;

❑ да развие способност за самостојно учење и самовреднување според Заедничката европска референтна рамка за јазиците (Портфолио).

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| Р<br>А<br>З<br>Б<br>И<br>Р<br>Њ<br>Е | **СЛУШАЊЕ**<br><br>Ученикот/ученичката:<br>- да разбира невербални елементи во комуникацијата (гестови, мимики, и др.);<br>- да распознава основни интонациски модели (придружени од шумови и звуци);<br>- да разбира и невербално да реагира на поставената задача или барање;<br>- да разбира најчесто употребуван вокабулар и едноставни реченици врзани за секојдневни ситуации од непосредната околина;<br>- да разбира едноставни описи на лица,<br>ситуации или места;<br>- да разбира глобално содржина на краток исказ или дијалог;<br>- да започнува да гради сопствени стратегии за разбирање при слушање. | • Јас и другите:<br>име, возраст, пол, националност, моето семејство, соученици, пријатели<br>• Мојот свет:<br>дом, училиште, училница, училишни предмети<br>• Моето тело:<br>делови од човечкото тело, облека и лични предмети, бои<br>• Слободно време:<br>спорт, музика, игри, филм, Интернет<br>• Календар:<br>годишни времиња, временска состојба, месеци, денови, час<br>• Опкружување:<br>природа, земја, град,<br>село, превозни<br>средства, домашни<br>миленици, животни<br>• Празници, традиции<br>родендени, Нова година, Божиќ, Велигден, национален празник, празник на училиштето | **ФОНЕТИКА**<br>- alphabet français<br>- système vocalique et consonantique<br>- prononciation et orthographe<br>- accent et intonation<br><br>**ГРАМАТИКА**<br>• Article<br>- définis, indéfinis, contracté<br>• Nom<br>- genre<br>- nombre<br>• Adjectif<br>- qualificatif<br>- possessif<br>- démonstratif<br>- accord des adjectifs<br>• Pronom<br>- pronoms personnels<br>- pronom sujet (on = nous)<br>• Nombre<br>- cardinaux<br>- ordinaux<br>• Verbe<br>- auxiliaires<br>- futur proche | • ***Активности од типот:***<br>- слушање на аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- идентификување на: графеми, фонеми, зборови, делови од реченици;<br>- идентификување на интонацијата и реагирање со гестикулации;<br>- вежби со повеќечлен избор;<br>- пополнување празнини во реченици, табели, дополнување на реченици по слушнат текст;<br>- поврзување слики со слушнат текст итн.;<br>- употреба на современи дидактички средства (ЦД, ДВД, Интернет).<br><br>• ***Дидактички препораки***<br>Наставникот треба да го поттикнува ученикот/ученичката:<br>- да дава претпоставки за значењето на поединечен збор, исказ или текст применувајќи ги постоечките знаења, контекстот и други стратегии за разбирање. Со проверка на разбирањето треба да се утврди точноста на претпоставките;<br>- да открива и да развива сопствени стратегии на разбирање. |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| Р<br>А<br>З<br>Б<br>И<br>Р<br>Њ<br>Е | **ЧИТАЊЕ**<br><br>Ученикот/ученичката:<br>- да разбира конкретни упатства во рамките на наставниот час, во учебниците и учебните помагала;<br>- да разбира зборови, кратки реченици, едноставни куси текстови и песни;<br>- да разбира едноставни секојдневни натписи и кратки известувања;<br>- да пронаоѓа конкретни информации во едноставни, секојдневни материјали (распоред на часови, мени, ТВ-програма, плакат, итн.);<br>- да разбира содржина на едноставно напишани текстови од типот на пораки, честитки, кратки пријателски писма;<br>- да распознава најкарактеристични социокултурни особености;<br>- да гради постепено сопствени стратегии за разбирање при читање. | **КУЛТУРА**<br><br>Во рамките на посочените теми учениците треба да ги збогатуваат познавањата за сопствената култура и постоење, да се здобиваат со основни знаења од социокултурниот живот на нивните врсници од Франција и франкофонските држави преку автентични: песни, стихотворби, приказни, игри, обичаи, традиции и сл.<br><br>**Комуникативни акти**<br>Учениците треба да се оспособуваат за реализирање на следните комуникативни акти:<br>- поздравување/ отпоздравување;<br>- претставување себеси и другите;<br>- барање/давање информација за некого или нешто;<br>- заблагодарување;<br>- изразување желба, молба, благодарност;<br>- искажување временски прилики. | - passé composé (certain nombre de verbes fréquents)<br>• Adverbe<br>-aujourd'hui, demain, hier, ici, là, toujours, bien, mal, beaucoup<br>• Préposition<br>- à, de, en, sur, dans, chez<br>• Phrase simple<br>- forme affirmative<br>- forme négative<br>- forme interrogative<br>- forme impérative<br><br>**ЛЕКСИКА**<br>Основниот лексички минимум се состои од 150-200 лексички единици за активна употреба во рамките на предвидените теми и комуникативни акти. | • ***Активности од типот:***<br>- идентификување на одредени графеми во зборови;<br>- читање искази;<br>- подвлекување и пополнување зборови во реченици;<br>- подредување на краток и едноставен текст по логичен редослед;<br>- спарување на делови од реченици;<br>- поврзување на слики со реченици или кратки дијалози;<br>- прашања со точно/неточно или повеќечлен избор (QCM);<br>- отворени прашања;<br>- игри.<br><br>• ***Дидактички препораки***<br>Наставникот треба да применува:<br>- јасни, кратки и разбирливи упатства;<br>- индивидуална работа, работа во мали и големи групи;<br>- активности преку игра;<br>- нагледни средства. |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| Р<br>А<br>З<br>Б<br>И<br>Р<br>Њ<br>Е | **ЗБОРУВАЊЕ**<br><br>***• Говорна интеракција***<br><br>Ученикот/ученичката:<br>- да реагира на упатствата дадени од наставникот или друг соговорник;<br>- да одговара на едноставни прашања врзани за позната тема;<br>- да поставува кратки прашања за познати теми;<br>- да учествува во едноставни говорни ситуации на познати теми од непосредната околина употребувајќи едноставни јазични средства;<br>- да репродуцира кратки драматизации и учествува во кратки дијалози со еден или повеќе соговорници;<br>- да применува едноставни соодветни комуникативни модели во позната говорна ситуација;<br>- да пишува едноставен краток текст поаѓајќи од дадени зборови;<br>- да користи определени комуникативни акти;<br>- да започнува да гради сопствени стратегии за совладување на писменото изразување на француски јазик. | - Искажување на време / час<br>- Честитање<br>- Извинување<br>- Поканување (прифаќање/одбивање) | | ***• Активности од типот:***<br>- повторување на гласови, зборови, кратки реченици по даден модел;<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- учество во кратки комуникативни ситуации и драматизации;<br>- барање / давање информации.<br><br>***• Активности од типот:***<br>- опишување, рецитирање, пеење, раскажување по слики, видеоматеријали и сл.;<br>- гласно читање;<br>- продукција на кратки искази.<br><br>***• Дидактички препораки***<br>Наставникот треба да поттикнува:<br>- ученикот/ученичката да ги применува усвоените јазични и комуникативни средства;<br>- индивидуална работа и работа во мали групи;<br>- ученикот/ ученичката да земе збор;<br>- креативноста кај учениците;<br>- создавање пријатна атмосфера за работа на часот. |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| Р<br>А<br>З<br>Б<br>И<br>Р<br>Њ<br>Е | ***• Усно искажување:***<br>- да именува лица, предмети и појави од непосредната околина;<br>- да репродуцира едноставни реченици, броилки, песнички и сл.;<br>- да дава едноставни описи на лица, предмети, ситуации и места од блиската околина употребувајќи позната лексика;<br>- да зборува за сегашни, минати или идни настани употребувајќи едноставен вокабулар и кратки реченици;<br>- да создава сопствени стратегии за усно изразување.<br><br>**ПИШУВАЊЕ**<br><br>Ученикот/ученичката:<br>- да пополнува едноставни формулари со име и презиме, возраст, дата и место на раѓање, адреса, пол, училиште, клас;<br>- да пишува кратка порака, честитка, краток едноставен опис потпирајќи се на дадени модели;<br>- да пишува почитувајќи ги основните правила на францускиот правопис и да користи едноставни јазични средства. | | | ***• Активности од типот:***<br>- дополнување зборови со испуштени букви;<br>- подредување зборови во слеана низа;<br>- пишување зборови по диктат и по спелување;<br>- пополнување едноставни формулари;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- комплетирање отворени дијалози;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување пораки, пријателски писма итн.<br><br>***• Дидактички препораки***<br>Наставникот треба да поттикнува:<br>- ученикот/ ученичката да ги применува усвоените јазични и комуникативни средства;<br>- креативноста кај учениците;<br>- индивидуалната работа и работата во мали групи;<br>- создавање пријатна атмосфера за работа на часот. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

•Насоки за меѓупредметно поврзување (интегрирано планирање, односно целно содржинско поврзување меѓу сродните предмети и подрачја)
Изучувањето на францускиот јазик претставува можност за користење и создавање врски помеѓу предметите што се изучуваат во VI одделение, т.е. почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржините: мајчин јазик, преку здобиените знаења и умеења од тој предмет; прв странски јазик, преку стратегиите за учење, работа со речник, социокултурни врски; математика со поимите за природните броеви, дати, геометриски форми; историја со поимите за општество, празници, традиции; географија, поими за континенти, географска карта, клима; основи на природните науки со поимите за растенија, животни, екологија; музика, преку стилови на музика, изучување на франкофонски песни; физичко и здравствено образование, преку видови спорт, хигиена, здравје; ликовно образование, преку умешност за цртање во функција на разбирањето.
Постојат и други примери на корелација со други наставни предмети и затоа е потребно наставникот да го навикнува ученикот/ученичката самостојно да размислува и да наоѓа врска помеѓу наставата по француски јазик и другите наставни предмети.

**❑ Препораки за користење на годишниот фонд часови**

Процесот на учење на францускиот јазик се одвива преку неделен/годишен фонд на часови, преку компонентите кои се изучуваат и кои ги сочинуваат крајните јазични вештини што ученикот треба да ги усвои на крајот на соодветното ниво, меѓутоа тие не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти. Поконкретно кажано, во наставата сите компоненти од програмата не се обработуваат одделно и со квантифициран број на часови или по оној редослед како што се дадени во програмата, туку интегрирано во функција на јазикот, т.е. создавање на комуникативната компетенција во конкретни ситуации, што, всушност, претставува крајна цел на програмата.
Пристапот кон граматиката е когнитивен. Граматичките содржини се обработуваат во контекст, по индуктивен пат, а граматичките правила не треба да се изучуваат и проверуваат изолирано, надвор од контекстот. Содржините треба да бидат интегрирани во предвидените тематски целини.
Содржините предложени во програмите се продлабочуваат во секоја наредна година.

**❑ Наставни средства**

• Учебни помагала (учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет и одобрен од МОН, прирачник за наставникот, работна тетратка за ученикот, ЦД, ДВД, портфолио и др.);
• речник, енциклопедии, постери, флеш карти;
• странски списанија за наставникот и учениците;
• касетофон, / касети, ЦД-плеер, компјутер со пристап на Интернет,ТВ (користење на информатичко-комуникациски технологии).
Пожелно е наставникот да не се ограничува само на учебничкиот комплет, туку тој може и треба да подготвува дополнителни материјали и да наоѓа информации и автентични документи од различни извори во функција на реализирање на предвидените цели во наставата.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Проверката и оценувањето на постигнатите резултати е многу важен елемент во текот на наставата/ учењето.
Наставникот треба постојано да ја набљудува работата на учениците и да ги поттикнува во нивниот напредок, а оценувањето треба да го прилагодува на основните методи за објективност и валидност.
При проверката на постигнувањата на учениците треба да им се овозможи слобода во искажувањето и постигнувањето на конкретни комуникативни цели. Направените или допуштените грешки се коригираат преку укажување на правилната форма. Пожелно е наставникот да ги насочува учениците сами да ги откриваат грешките. Наставникот би требало да ги охрабрува учениците. Посебно е важно формите на проверките да бидат разнобразни и систематично да ги следат постигањата на учениците во различни активности.
При оценувањето на постигањата на учениците во совладувањето на усното и писменото разбирање и изразување вниманието треба да се насочи кон формативната евалвација со цел и наставникот и учениците да се информираат за нивото на постигнатите знаења и способности, за да може навремено да се надминат евентуалните пропусти во наставата и учењето.
Посебно е важно наставникот систематично да го проверува нивото на знаењата и умеењата на учениците, да применува различни форми на проверка и да користи единствени критериуми при формирање на оценката. Тој треба да го следи односот на ученикот кон наставниот процес и да го вреднува неговото учество во различни активности:
- работа на час (фронтално, во групи, по двајца, индивидуално);
- изработка на домашни задачи;
- работа на ученикот во проекти.

Постигањата на учениците се следат преку периодични тестови со различна содржина и времетраење. Предност треба да се даде на вреднувањето на комуникативните способности на учениците во рамките на предвидените цели во вештините (на пр составување на едноставен текст по слики/серија од слики, пишување на лично писмо според дадени елементи, покана, кратка порака, задача за проверка на разбирањето на прочитан или слушнат текст). Свое место треба да најдат и проверките на усвоените знаења од граматика и лексика со кои ја проверуваме усвоеноста на јазичните структури предвидени во програмата.
Преводот не се предвидува и не треба да биде средство за оценување на знаењата на учениците.
Диктатот се користи како вежбовна активност. Може да се вклопи и во рамките на процесот на учење.
Оценките треба да бидат добро образложени и аргументирани пред учениците, да имаат охрабрувачки и стимулативен карактер и да го мотивираат учењето на францускиот јазик.
Според Концепцијата за деветгодишното основно воспитание и образование на крајот од VI одделение покрај интерното оценување ќе се реализира интерно проверување на постигањата, но со екстерно подготвени стандаризирани тестови.
Според Заедничката европска референтна рамка за странските јазици нивото на знаење на учениците од VI одделение треба да соодветствува со базичните знаења на ниво А1 од оваа рамка.

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата се темели на нормативот за простор за вториот период (IV, V, VI одделение) и за наставни средства за VI одделение донесен од страна на министерот.
Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на Наставната програма за VI одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за VI одделение.
Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „П", како и преместување и групирање на столчињата по потреба, во зависност од предвидените активности.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

– Завршени студии по француски јазик и литература-наставна насока, VII[1].
– Завршени студии по француски јазик и книжевност, VII[1].
– Завршени студии по француски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].

# 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Очекуваните резултати соодветствуваат со колона бр. 2 од Наставната програма, односно од предвидените цели на Наставната година, кои воедно преставуваат нивоа на знаења на постигнатите резултати кај учениците, кои треба да одговараат на базичните знаења на ниво А1 од Рефернтната рамка.

Наставната програма по *француски јазик* за шесто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-668/8 од 05.11.2010 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08 и 33/2010) министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот германски јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишнотот основно училиште.

# 1. ВОВЕД

## МЕСТОТО НА ПРЕДМЕТОТ ВО НАСТАВНИОТ ПЛАН

❑ ***Опис и природа на предметот***

Секој вид на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача - постигнување на идеалот на Советот на Европа за мултилингвалност и мултикултура, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазици.

Во текот на изучувањето на странскиот јазик учениците се формираат како самостојни личности, ја развиваат самодовербата, самостојноста, креативноста. Ја поттикнуваат мотивацијата за развивање на работните навики и способности, подготвеноста за соработка, комуникација, толерантност, тимска работа. Кај учениците се изградува култура на однесување и почитување на соговорникот, добро однесување во училиштето, семејството, почитување на училишните обврски, чувство за точност и негување на пријателството.

Германскиот јазик е јазик со богата културна и научна традиција на кој зборуваат преку 100 милиони луѓе. Сродноста со англискиот јазик, како најраспространет го олеснува разбирањето на германскиот јазик како странски јазик, ја скратува постапката за развивање на способноста за слушање и овозможува побрзо да се развие способноста за зборување. Во поново време германскиот јазик успешно го пробива патот во училиштата во Европа. При изработка на програмата се користени сознанијата од реализацијата на досегашните наставни програми по германски јазик како прв и како втор странски јазик.

Во Наставниот план за деветгодишното основно училиште дадено е посебно место на странските јазици заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивираат меѓуцивилизациските размени во сите сегменти на општественото живеење (економско - политички, културни, образовни итн.) со што се наметнува потребата од мултијазичност, што е и интенција на новата концепција. Од тие причини изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст (I одделение), а на 11 - годишна возраст (VI одделение) почнува да се изучува и вториот странски јазик.

❑ ***Назив на предметот: германски јазик***

❑ ***Неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72 часа***

❑ ***Статус на предметот: задолжителен/ втор странски јазик***

## ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Наставата/ изучувањето на германскиот јазик на ова ниво се темели на следните основни цели:

• ученикот/ученичката да се оспособи за комуникација со другите, почитување на разликите, човековите права, другите култури и традиции;

• да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за живеење во демократско општество;

• да тежнее кон изучување на германскиот јазик, да развива чувство на толерантност при осознавање на општото и различното и да развие способност за меѓукултурна комуникација.

**СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК**

Ученикот/ученичката:

• да формира и развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;
• да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и другите предмети при совладување на вториот странски јазик;
• да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;
•да развие способност за самостојно учење и самовреднување според Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| **С Л У Ш А Њ Е** | Ученикот/ ученичката:<br>• да разбере кратки соопштенија, секојдневни изрази и едноставни реченици;<br>• да разбере и следи кратки, едноставни и јасни упатства на наставникот;<br>• да умее да разбере кратки, едноставни реченици што се однесуваат лично за него, неговото семејство или за одредени работи од неговата непосредна околина, ако се зборува јасно и бавно;<br>• да знае да ги распознава основните интонациски модели во исказна и прашална реченица, молба или наредба;<br>• да умее да користи компен- | **а) Тематски области**<br>- ***Јас и другите*** (поздравување, отпоздравување, претставување: возраст, потекло, место на живеење, интереси)<br>- ***Моето семејство*** (родители, мајка, татко, брат, сестра, баба, дедо, чичко, тетка)<br>- ***Моето училиште*** (училишни предмети, училиштен прибор, распоред на часови, училиштен систем во Германија)<br>- ***Секојдневни активности*** (во домот и училиштето, во слободното време)<br>- ***Празници и обичаи***:<br>Божиќ, Велигден, Нова Година, новогодишна честитка<br>- ***Броеви*** *од 1 до 100*,<br>години, телефонски броеви, арит- | **1.Граматички структури**<br>• ***Глаголи***<br>- сегашно време (правилни глаголи, глаголи со промена на вокал, деливи глаголи; глаголите haben i sein; möchte + Infinitiv; können)<br>- заповеден начин, 2 лице еднина<br>• ***Именки***<br>- со определен, неопределен член во номинатив и акузатив<br>• ***Придавки***<br>во предикативна употреба<br>• ***Заменки***<br>- лични заменки<br>- присвојни заменки mein, dein, sein, ihr | **Работни форми:**<br>- работа со цело одделение;<br>- индивидуална работа;<br>- работа во парови;<br>- работа во групи;<br>- самостојна работа;<br>- работа на проект..<br><br>**Комуникативни рамки:**<br>- партнер во разговор (ученик - ученик; ученик - наставник);<br>- раскажувач.<br><br>**Средства за работа**<br>- учебник;<br>- тематски картички;<br>- учебни помагала (книги со кратки стихотворби, гатанки поговорки во согласност |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| С<br>Л<br>У<br>Ш<br>А<br>Њ<br>Е | заторски стратегии за разбирање на непознатите зборови од говорникот, на пр. нонвербалните елементи гестикулација и мимика;<br>• да може да се снаоѓа со помош на контекстот, интернационализми, шумови, звуци и др.;<br>- да знае слухово да ги препознава фонемите од германскиот фонетски систем;<br>- да умее слухово да го идентификува акцентот во зборовите. | метички операции: собирање, одземање<br><br>**б) Јазични функции**<br>• sich begrüssen,<br>• sich vorstellen<br>• Fragen stellen und antworten,<br>• jemanden ansprechen<br>• sich verabschieden<br>• bitten und danken<br>• einen Gegenstand benennen<br>• verneinen und bejahen<br>• Verstehen und Nichtverstehen signalisieren<br>• sich etwas wünschen<br>• gratulieren<br>• Abneigung, Vorliebe äußern,<br>• Gefallen und Missfallen ausdrücken,<br>• etwas beschreiben (einfache Gegenstände und Handlungen) | - показна заменка дас<br>• ***Прилози***<br>- за место<br>- за време<br>• ***Предлози***<br>- in, im, ins<br>- für, von + лично име<br>- mit, aus без член<br>***Негација***<br>nein, nicht, kein<br>***Прашални заменки***<br>њer, was, woher, wo, wann<br>***Синтакса***<br>- исказна реченица<br>- прашална реченица со и без прашална заменка<br>- сврзникот und, aber и denn<br>***Збороред во реченицата***<br>- прашална реченица<br>- исказна реченица<br>- при употреба на модален глагол<br>- заповедна реченица<br>**2. Лексика**<br>На крајот од шесто одделение учениците треба да знаат околу 150 лексички единици од тематските области што се обработени.<br>**3. Правопис**<br>Усвојување на правилата | со возраста на учениците);<br>- автентични тонски снимки;<br>- снимки, видеоматеријали со информации за земјите од германско говорно подрачје;<br>- материјали за сечење, лепење, моделирање;<br>- игри со карти;<br>- плакати, постери;<br>- играчки (меки топки, кукли за куклена претстава, кукли за рака, плишани/пластични животни и сл.);<br>- компјутер со Интернет пристап.. |

| | Цели | Содржини | Поими |
|---|---|---|---|
| ЧИТАЊЕ | Ученикот/ученичката:<br>• да умее во кратки едноставни текстови што се однесуваат на вообичаени секојдневни ситуации да препознава имиња, броеви, зборови и едноставни структури;<br>• да умее од кратки информативни текстови да ги извлече најважните податоци за личностите и местата;<br>• да умее да разбере кратки едноставни упатства кои се илустрирани;<br>• да може да ја разбере содржината на едноставни информативни текстови на познати теми во кои се употребени интернационализми и визуелни елементи. | **в) Култура и цивилизација**<br>Културолошките и воспитните содржини се интегрирани во предвидените тематски подрачја и јазични функции, на пример, поздравување, убаво однесување, обраќање, честитање на празници и родендени, училишно опкружување, домување, облекување имиња и презимиња на врсниците од земјите во германското говорно подрачје, некои називи на градови и сл.<br>Во пристапот кон културолошките, воспитните и социјалните содржини треба да се води сметка за контрастивен пристап и да се прави споредба на соодветните содржини на културата во Македонија и во земјите од германското говорно подрачје. | и нормите на новиот германски правопис<br>- ö, ä, ü, ß, ch, sch, tsch, sp, st, ss<br>- дифтонзи: ei, äu, eu<br>- долги вокали<br>- двојни согласки<br>- пишување на именките со голема буква<br><br>**4. Интерпункција**<br>Усвојување на нормите и правилата на интерпункцијата во германскиот јазик. |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| З Б О Р У В А Њ Е | Ученикот/ ученичката:<br>• да учествува во разговор (интеракција) и да зборува самостојно (говорна продукција);<br>• да умее да поздрави да отпоздрави;<br>• да умее да се претстави и накусо да се опише себеси и друга личност (име, потекло, место на живеење, интереси);<br>• да умее друго лице да праша за состојбата и да одговори на истото прашање;<br>• да умее да даде елементарни податоци во секојдневни ситуации што се темелат на броеви (адреса, телефонски број, време, датум);<br>• да умее да постави директни прашања за лични податоци. | **г) Интеркултурна димензија**<br>Ученикот/ученичката треба да се стабилизираат за воочување на сличностите и разликите помеѓу двете култури низ воспитни и социјални содржини, како основа за развивање на толеранција и емпатија спрема припадниците на туѓата култура. | | |

| | Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|---|
| П<br>И<br>Ш<br>У<br>В<br>А<br>Њ<br>Е | Ученикот/ученичката<br>• да умее да препише едноставни зборови и реченици;<br>• да може да пополни празнини во кус текст со зборови според визуелен или звучен образец;<br>• да знае да напише зборови и куси реченици;<br>• да може да напише честитка според напишана мостра;<br>• да умее да ги воочи основните разлики помеѓу графемите и изговорот на најфреквентните зборови. | | | |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

***5.1. Насоки за меѓупредметно поврзување (интегрирано планирање, односно целно содржинско поврзување меѓу сродните предмети и подрачја)***

Изучувањето на германскиот јазик претставува можност за користење и создавање на врски помеѓу предметите што се изучуваат во VI одделение, т.е. почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржините од:
– мајчин јазик, преку здобиените знаења и умеења од тој предмет;
– прв странски јазик, преку стратегиите за учење, работа со речник, социокултурни врски;
– математика со поимите за природните броеви, дати, геометриски форми;
– историја со поимите за општество, празници, традиции;
– географија со поимите за континентите, географска карта, клима, патувања;
– основи на природните науки со поимите за растенијата, животните, екологијата;
– музика - стилови на музиката, изучување на германски песни;
– физичко и здрав  твено образование - видови спортови, хигиена, здравје,
– ликовно образование - умешност за цртање во функција на разбирањето итн.
Постојат и други примери на корелација со други наставни предмети. Обврска е на наставникот да ги навикнува учениците самостојно да размислуваат и да ја пронаоѓаат таа врска меѓу германскиот јазик и другите предмети.

***5.2. Препораки за користење на годишниот фонд часови***

Процесот на учење на германскиот јазик се одвива преку неделен и годишен фонд на часови, преку компонентите кои се изучуваат и кои ги сочинуваат крајните јазични вештини што ученикот треба да ги усвои на крајот на соодветното ниво, меѓутоа тие не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделни компоненти. Поконкретно кажано, во наставата овие компоненти не се обработуваат одделно и со квантифициран број на часови или по оној редослед како што се дадени во програмата, туку интегрирано во функција на јазикот.

***5.3. Наставни средства***
– Комплет учебнички систем (учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет и одобрен од МОН, прирачник за наставникот, работна тетратка за ученикот, ЦД, портфолио и др.);
– речник, енциклопедии, постери;
– странски списанија за наставникот и учениците;
– касетофон, / касети, компјутер со пристап на Интернет, ЦД-РОМ, ТВ со ДВД.

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

При проверката на постигањата на учениците на ова ниво треба да им се овозможи слобода во искажувањата и постигнување на конкретни комуникативни цели. Направените или допуштените грешки се коригираат преку укажување на правилната форма. Пожелно е наставникот да им помага на учениците сами да ги откриваат грешките и заемно да се коригираат. Наставникот би требало да ги охрабрува учениците. Посебно е важно формите на проверките да бидат разнообразни и систематично да ги следат постигањата на учениците во различни активности. При оценување на постигањата на учениците во совладувањето на усниот и писмениот говор треба да се имаат предвид следните критериуми:

– јасно формулиран устен и писмен говор во рамките на познатата лексика;
– извлекување на информации од кратки усни и писмени текстови;
– коректно-јазично изразување;
– адекватно реагирање на прашање и искази;
– тематска и контекстуална компетенција.

Посебно е важно наставникот систематично да го проверува нивото на знаењата и умеењата на учениците, да применува различни форми на проверка и да користи единствени критериуми при формирање на оценката. Тој треба да го следи односот на ученикот кон наставниот процес и да го вреднува неговото учество во различни активности:

– работа на час (фронтално, во групи, по двајца, индивидуално);
– изработка на домашни задачи;
– работа на ученикот во проекти.

Постигањата на учениците се следат преку *периодични тестови* со различна содржина и времетраење. Предност имаат *функционалните тестови*, на пр. составување на тест по слики/ серија од слики, пишување на лично писмо според дадени елементи, покана, кратка порака, задача за проверка на разбирањето на прочитан или слушнат текст, преку кои вршиме проверка на комуникативните способности на учениците во рамките на предвидените цели. А со *структурните тестови* (со граматички и лексички задачи) ги проверуваме експлицитно јазичните структури.

*Преводот* не се предвидува и не треба да биде средство за оценување на знаењата на учениците.

*Диктатот* се користи како вежбовна активност. Може да се вклопи и во рамките на процесот на учење.

*Оценките треба да бидат добро образложени и аргументирани пред учениците, да имаат охрабрувачки и стимулативен карактер и да го мотивираат учењето на германскиот јазик.* Според Концепцијата за деветогодишното основно воспитание и образование на крајот од VI одделение покрај интерното оценување ќе се реализира интерно проверување на постигањата, но со екстерно подготвени стандардизирани тестови.

*Според Заедничката европска референцијална рамка за странските јазици нивото на знаење на учениците од VI одделение треба да соодветствува со базичните знаења на А1 од оваа рамка.*

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата се темели на Нормативот за простор за вториот период (IV, V, VI одделение) и за наставните средства за VI одделение донесен од страна на министерот.
Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на Наставната програма за VI одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за VI одделение.
Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушаат подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „П", како и преместување и групирање на столчињата по потреба, во зависност од предвидените активности.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

• Завршени студии по германски јазик и литература-наставна насока, VII[1].
• Завршени студии по германски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].

# 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Очекуваните резултати соодветствуваат со колона бр. 2 од Наставната програма односно од предвидените цели на наставната година, кои воедно претставуваат нивоа на знаења на постигнатите резултати кај учениците, кои треба да одговараат на базичните знаења на ниво А1 од референцијалната рамка.

Наставната програма по *германски јазик* за шесто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-668/4 од 05.11.2010 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ




# РУСКИ ЈАЗИК

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08 и 33/2010) министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот руски јазик (втор странски јазик) за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

***Опис и природа на предметот***

Секој вид на поширока интеграција во европските структури подразбира добро образовани кадри кои познаваат и говорат странски јазици. Пред нашето општество стои голема задача - постигнување на идеалот на Советот на Европа за мултилингвалност и мултикултура, според кој како минимум се подразбира добро познавање на два странски јазици.
Во текот на изучувањето на странскиот јазик учениците се формираат како самостојни личности, ја развиваат самодовербата, самостојноста, креативноста. Ја градат мотивацијата на работните навики и способности, подготвеноста за соработка, комуникација, толерантност, тимска работа. Кај учениците се изградува култура на однесување и почитување на соговорникот, добро однесување во училиштето, семејството, почитување на училишните обврски, чувство за точност и негување на пријателството.
Рускиот јазик е словенски јазик со богата културна и научна традиција на кој зборуваат преку 200 милиони луѓе. Сродноста со словенските јазици го олеснува разбирањето на рускиот јазик како странски, ја скратува постапката за развивање на способноста за слушање и овозможува побрзо да се развие способноста за зборување. Во поново време рускиот јазик успешно го пробива патот во училиштата во Европа. При изработка на програмата се користени сознанијата од реализацијата на досегашните наставни програми по руски јазик како прв и како втор странски јазик.
Во Наставниот план за деветгодишното основно училиште дадено е посебно место на странските јазици заради фактот што во рамките на општата светска глобализација се интензивираат меѓуцивилизациските размени во сите сегменти на општественото живеење (економско - политички, културни, образовни итн.) со што се наметнува потребата од мултијазичност, што е и интенција на новата концепција. Од тие причини изучувањето на првиот странски јазик започнува уште на шестгодишна возраст (I одделение), а на 11 - годишна возраст (VI одделение) се изучува вториот странски јазик.

***Назив на предметот: руски јазик***

***Неделен, односно годишен фонд на часови: 2/72 часа***

***Статус на предметот: задолжителен/ втор странски јазик***

## 2. ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Наставата/ изучувањето на рускиот јазик на ова ниво се темели на следните основни цели:

- ❑ ученикот/ученичката да се оспособи за комуникација со другите, почитување на многујазичност и збогатување на општата и јазичната култура;
- ❑ да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за почитување на разликите, човековите права, другите култури и традиции;
- ❑ да се стимулира изучувањето на рускиот јазик, да се развива интерес кон земјите во кои се зборува соодветниот јазик заради собирање информации од различни извори на тој јазик и развивање меѓукултурни врски.

## 3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО РУСКИ ЈАЗИК

Ученикот/ученичката:

- ❑ да формира и развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;
- ❑ да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од прво от странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;
- ❑ да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;
- ❑ да развие способност за самостојно учење и самовреднување според Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и дидактички препораки |
|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање**<br>Ученикот/ученичката:<br>- да распознава и разграничува основни интонациски модели, интернационална лексика придружени од шумови и звуци;<br>- да разбира прашања и едноставни упатства во рамките на наставниот процес и соодветно да реагира на нив;<br>- да разбира екстралингвистички елементи (гестови и мимики);<br>- да разбира едноставни описи на лица, на ситуации или места;<br>- да разбира глобално содржината на краток исказ, приказна или дијалог;<br>- да разбира во познати ситуации информации во краток исказ/ текст на стандарден руски јазик;<br>- да се привикнува на изговорот и интонацијата на изворен говорник;<br>- да започне да изградува сопствена стратегија за слушање со разбирање. | **1. Јас и другите**<br>- Име, возраст, пол, националност, моето семејство, соученици, пријатели<br><br>**2. Мојот свет**<br>- Дом, училиште, училница, училишни предмети, бои<br><br>**3. Моето тело**<br>- Делови на телото, физички изглед, облека, бои<br><br>**4. Слободно време**<br>- Хоби, спорт, игри, музика, кино, Интернет<br><br>**5. Природа**<br>- Животни, растенија<br><br>**6. Календар**<br>- Денови во неделата, месеци, годишни времиња, празници, час<br><br>**7. Опкружување**<br>- Основни географски поими: земја, град, село, превозни средства | <u>Грамматика</u><br>Письмо и орфография<br>Русский алфавит. Написание и произношение.<br><br><u>Фонетика</u><br>Сравнение русской фонетической системы с фонемами родного языка. Словесное ударение. Произношение ударных и безударных гласных: **ы, э** (оппозиция **и** и **ы, е** и **э**); е, и смягчение предшествующих согл.; **а, о, я**, редукция и изменения в безударной позиции; **ю, ё** (оппозиция **у** и **ю, е,о, ё**).<br>Произношение твердых и мягких согласных: **й, щ** (оппозиция **и** и **й, ш** и **щ**); **ж, ш, ц, ч, щ**.<br>Произношение г в окончании – **ого,-его; гк, гч** - легко, легче, чт, чн - что, конечно. Оглушение звонких согласных в конце слова: *клуб, рог, ложь.*<br>Оглушение и озвончение согласных, парных по звонкостия глухости внутри слова: *низко, свет, просьба.* | **Активности од типот:**<br>*Слушање:*<br>- аудио/видеоснимки;<br>- говор на наставникот.<br><br>*Идентификување:*<br>- графеми;<br>- гласови;<br>- зборови;<br>- делови од реченици.<br><br>**Вежби со повеќечлен избор:**<br>- пополнување празнини во реченици, табели, дополнување на реченици по слушнат текст;<br>- реагирање со гестикулации;<br>- поврзување слики со текст;<br>- употреба на современи дидак-тички средства (ЦД, ДВД, Интернет). |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и дидактички препораки** |
|---|---|---|---|
| **Говорење**<br>Усно искажување<br>Ученикот/ученичката:<br>- да именува предмети и појави од непосредната околина;<br>-да репродуцира едноставни реченици, броилки, песнички и сл.;<br>-да репродуцира кратки реченици и да води елементарни разговори на познати теми;<br>- да дава едноставни описи на лица, ситуации и места од блиската околина употребувајќи познат вокабулар;<br>- да прави кратки монолошки искази кога зборува за сегашни и минати настани.<br><br>**Говорна интеракција**<br>Ученикот/ученичката:<br>-да учествува во едноставни говорни ситуации на познати теми од непосредната околина, употребувајќи едноставни јазични средства;<br>- да реагира соодветно невербално на упатствата дадени од наставникот;<br>-да одговара на едноставни прашања врзани со познати теми;<br>- да поставува кратки прашања за познати теми; | Во рамките на посочените теми учениците треба да се здобиваат со знаења од социокултурниот живот на нивните врсници од Русија преку автентични:<br>- приказни, песни, стихотворби игри, празници, обичаи, традиции; да ги збогатуваат познавањата за сопствената култура и постоење.<br><br>**Учениците треба да ја усвојат реализацијата на следните комуникативни модели:**<br><br>• *Поздравување/отпоздравување*<br>• *Претставување себеси и други лица*<br>• *Заблагодарување*<br>• *Изразување желби*<br>• *Изразување молба*<br>• *Извинување*<br>• *Честитање*<br>• *Поканување (прифаќање и одбивање)*<br>• *Изразување мислење, став*<br>• *Барање/давање информација за некого или нешто* | Произношение ь в середине и в конце слова. Произношение разделительных ь и ъ<br><br><u>Морфология</u><br>Имя существительное.<br>Род, число, падеж.<br>Существительные: мужского рода на согласный (тверд.мягк); сред. р. на –о,-е;<br>женск. р. на –а (я).<br>Винительный и предложный падеж с предлогами в и на.<br>Винительный падеж в функции прямого дополнения.<br>Родительный падеж с предлогом у.<br><br><u>Имя прилагательное</u><br>Род и число. Мужской, женский и средний род, единст-венного и множественного числа.<br><br><u>Имя числительное</u><br>Род, число. Правописание и произношение числительных от 1 до 100. Порядковые числительные до 10. Родительный падеж ед. и мн.числа для обозначения времени по часам и датам.<br><br><u>Местоимение</u><br>Род, лицо, число. | **Дидактички препораки**<br>Наставникот треба да го поттикнува ученикот/ученичката:<br>-да дава претпоставки за значењето на поединечен збор, исказ или текст применувајќи ги постоечките знаења, контекстот и други стратегии за разбирање.<br>Со проверка на разбирањето треба да се утврди точноста на претпоставките.<br>- да открива и да развива сопствени стратегии на разбирање.<br><br>**Активности од типот:**<br>- повторување на гласови, зборови, кратки реченици по даден модел;<br>- продукција на кратки искази;<br>- опишување, рецитирање, пеење, раскажување по слики, видеоматеријали и сл.;<br>- гласно читање според звучен модел. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и дидактички препораки |
|---|---|---|---|
| - да ја прилагодува интеракцијата на условите на зададената комуникативна задача/ситуација.<br><br>**Читање**<br>Ученикот/ученичката:<br>- да разбира упатства во рамките на наставниот час во учебниците и други помошни материјали;<br>- да препознава слухово научени примери во пишана форма;<br>- да чита и разбира едноставни реченици и куси текстови со секојдневна тематика;<br>- да пронајде конкретни информации во едноставни, секојдневни материјали, реклами, проспекти, каталози, мени, возен ред;<br>- да разбира едноставни секојдневни натписи и кратки известувања;<br>- да ја разбере содржината на едноставни покани, разгледници или кратки пријателски писма;<br>- да препознава некои социокултурни особености или карактеристики;<br>- да изградува постепено сопствени стратегии за разбирање при читање.<br><br>**Пишување**<br>ученикот/ученичката: | | Личные местоимения (именительный и родительный падеж) Вопросительные местоимения кто, что, какой, чей. Притяжательные местоимения его, е , их. Указательные мес-тоимения этот, тот.<br><br><u>Глагол</u><br>Лицо, время, спряжение. Инфинитив; настоящее время (I и II спряжение); прошедшее время; будущее сложное время. Повелительное накло- нение (2л.ед. и мн. число). Глаголы движения (идти-ходить, ехать-ездить).<br><br><u>Наречие</u><br>Времени, места, и образа действия.<br><br><u>Предлоги</u><br>у, в, на, с, о<br><br><u>Союзы</u><br>и, но, или<br><br><u>Синтаксис</u><br>Простые и распростра- | **Активности од типот:**<br>- учество во кратки комуникативни ситуации и драматизации, односно поставување прашања и одговарање на нив.<br><br>**Дидактички препораки**<br>Ученикот/ученичката:<br>- да ги применува усвоените јазични и комуникативни средства;<br>- индивидуална работа и работа во мали групи;<br>- ученикот/ученичката да земе збор;<br>- креативност кај учениците;<br>- создавање пријатна атмосфера за работа на часот.<br><br>**Активности од типот:**<br>- идентификување на одредени графеми во зборови;<br>- читање искази;<br>- довршување реченици;<br>- дополнување и подвлекување зборови во реченици;<br>- решавање задачи точно/<br>неточно или повеќечлен избор;<br>- трансформации на реченици;<br>- трансфер на информации со графички прикази и др.;<br>- спојување реченици;<br>- поврзување слики со кратки дијалози, текст;<br>- подредување на текстот по логичен редослед;<br>- давање наслови на делови од текстот или текст;<br>- препознавање на видот на текстот; |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и дидактички препораки |
|---|---|---|---|
| - да пишува кратка порака (покана, кратко пријателско писмо, разгледница, краток опис);<br>- да пополнува едноставни формулари со биографски податоци;<br>- да пишува читливо и прегледно;<br>- да користи елементарни јазични средства, правопис и пунктуација кои не ја попречуваат комуникацијата;<br>- да започне да изградува сопствени стратегии за совладување на писменото изразување на руски јазик. | | ненные предложения. Повествовательные, вопросительные, отрицатель-ные.<br>Лексика<br>Основной лексический минимум состоит из приблизитель-но 500 лексических единиц активного фонда (слова, словосочетания, выражения, фразеологизмы итд.), при помощи которого может реализоваться комуникация по заданным темам и около 100 единиц пассивного фонда (напутствия, обьяснения, предупреждения) | - отворени прашања.<br><br>**Дидактички препораки**<br>Наставникот треба да применува:<br>- јасни, кратки и разбирливи упатства;<br>- индивидуална работа и работа во мали и големи групи;<br>- активности преку игра;<br>- нагледни средства.<br><br>**Активности од типот:**<br>- дополнување зборови со испуштени букви;<br>- препишување текстови;<br>- пополнување крстозбор;<br>- пишување зборови по слики;<br>- пишување по диктат;<br>- пишување пријателски писма;<br>- пополнување формулари;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- подредување по логичен редослед понудени измешани зборови во реченици;<br>- дополнување реченици со зборови што недостасуваат;<br>- комплетирање отворени дија-лози;<br>- пишување кус состав според слика.<br><br>**Дидактички препораки:**<br>Наставникот треба да поттикнува:<br>- ученикот/ученичката да ги применува усвоените јазични и комуникативни средства;<br>- креативност кај учениците;<br>- индивидуална работа и работа во мали групи;<br>- создавање пријатна атмосфера за работа на час. |

# 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

❑ Насоки за меѓупредметно поврзување (интегрирано планирање, односно целно содржинско поврзување меѓу сродните предмети и подрачја)

Изучувањето на рускиот јазик преставува можност за користење и создавање на врски помеѓу предметите што се изучуваат во VI одделение, т.е. почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржините од:

- мајчин јазик, преку здобиените знаења и умеења од тој предмет;
- прв странски јазик, преку стратегиите за учење, работа со речник, социокултурни врски;
- математика со поимите за природните броеви, дати, геометриски форми;
- историја со поимите за општество, празници, традиции;
- географија со поимите за континентите, географска карта, климат, патувања;
- основи на природните науки со поимите за растенијата, животните, екологијата;
- музиката - стилови на музиката, изучување на руски песни;
- физичко и здравтвено образование – видови спортови, хигиена, здравје,
- ликовно образование – умешност за цртање во функција на разбирањето итн.

Постојат и други примери на корелација со други наставни предмети. Обврска на наставникот е да ги навикнува учениците самостојно да размислуваат и да ја пронаоѓаат таа врска меѓу рускиот јазик и другите предмети.

❑ Препораки за користење на годишниот фонд часови

Процесот на учење на рускиот јазик се одвива преку неделен и годишен фонд на часови, преку компонентите кои се изучуваат и кои ги сочинуваат крајните јазични вештини што ученикот треба да ги усвои на крајот на соодветното ниво, меѓутоа тие не можат да се издвојат, односно не може да се планира бројот на часовите по одделени компоненти. Поконкретно кажано во наставата овие компоненти не се обработуваат одделно и со квантифициран број на часови или по оној редослед како што се дадени во програмата, туку интегрирано во функција на јазикот, т.е. создавање на комуникативната компетенција во конкретни ситуации што, всушност, претставува крајна цел на програмата.

Пристипот кон граматиката е когнитивен. Граматичките содржини се обработуваат во контекст, по индуктивен пат, а граматичките правила не треба да се изучуваат и проверуваат изолирано, надвор од контекстот. Содржините треба да бидат интегрирани во предвидените тематски целини.

Содржините предложени во програмите се продлабочуваат во секоја наредна година.

❑ Наставни средства

Комплет учебнички систем (учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет и одобрен од МОН, прирачник за наставникот, работна тетратка за ученикот, ЦД, портфолио и др.)

- речник, енциклопедии, постери;
- странски списанија за наставникот и учениците
- касетофон, /касети, компјутер со пристап на Интернет, ЦД ром, ТВ со ДДВ.

*Потребно е наставникот да не се ограничува само на учебничкиот комплет, туку тој може и треба да подготвува дополнителни материјали и да наоѓа информации и автентични документи од различни извори, во функција на реализирање на предвидените цели во наставата.*

Проверката и оценувањето на постигнатите резултати е многу важен елемент во текот на наставата/учењето. Наставникот

# 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Проверката и оценувањето на постигнатите резултати е многу важен елемент во текот на наставата/учењето. Наставникот постојано треба да ја набљудува работата на учениците и да ги поттикнува во нивниот напредок, а оценувањето треба да го прилагодува на основните методи за објективност и валидност.

При проверката на постигањата на учениците на ова ниво треба да им се овозможи слобода во искажувањата и постигнување на конкретни комуникативни цели. Направените или допуштените грешки се коригираат преку укажување на правилната форма. Пожелно е наставникот да им помага на учениците сами да ги откриваат грешките и заемно да се коригираат. Наставникот би требало да ги охрабрува учениците. Посебно е важно формите на проверките да бидат разнообразни и систематично да ги следат постигањата на учениците во различни активности. При оценувањето на постигањата на учениците во совладувањето на усното и писменото разбирање и изразување вниманието треба да се насочи кон формативната евалвација со цел и наставникот и ученикот да се информираат за нивото на постигнатите знаења и способности, за да може навремено да се надминат евентуални пропусти во наставата и учењето. Посебно е важно наставникот систематично да го проверува нивото на знаења и умеења на учениците, да применува различни форми на проверка и да користи единствени критериуми при формирање на оценката.

Тој треба да го следи односот на ученикот кон наставниот процес и да го вреднува неговото учество во различни активности:

• работа на час (фронтално, во групи, по двајца, индивидуално);
• изработка на домашни задачи;
• работа на ученикот во проекти.

Постигањата на учениците се следат преку периодични тестови со различна содржина и времетраење. Предност треба да се даде на вградувањето на комуникативните способности на учениците во рамките на предвидените цели (на пр., составување на тест по слики/серија од слики, пишување на лично писмо според дадени елементи, покана, кратка порака, задача за проверка на разбирањето на прочитан или слушнат текст). Своето место треба да го најдат и проверките на усвоените знаења од граматиката и лексиката со кои ја проверуваме усвоеноста на јазичните структури предвидени во програмата.

Преводот не се предвидува и не треба да биде средство за оценување на знаењата на учениците.

Диктатот се користи како вежбовна активност. Може да се вклопи и во рамките на процесот на учење.

Оценките треба да бидат добро образложени и аргументирани пред учениците, да имаат охрабрувачки и стимулативен карактер и да го мотивираат учењето на рускиот јазик. Според Концепцијата за деветгодишното основно воспитание и образование на крајот на VI одделение покрај интерното оценување ќе се реализира интерно проверување на постигањата, но со екстерно подготвени стандардизирани тестови.

*Според Заедничката европска референцијална рамка за странските јазици нивото на знаење на учениците од VI одделение треба да соодветствува со базичните знаења на А1 од оваа рамка.*

# 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата се темели на Нормативот за простор за вториот период (IV,V,VI одделение) и за наставните средства за VI одделение донесен од страна на министерот.
Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за VI одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за VI одделение
Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушне подобро што се зборува и најоддалечениот ученик да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата „П", како и преместување и групирање на столчињата по потреба, во зависност од предвидените активности.

# 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

• Завршени студии по руски јазик и литература-наставна насока, VII[1].
• Завршени студии по руски јазик и книжевност, VII[1].
• Завршени студии по руски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет, VII[1].

# 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Очекуваните резултати соодветствуваат со колона бр. 2 од Наставната програма, односно од предвидените цели на наставната година, кои воедно претставуваат нивоа на знаења на постигнатите резултати кај учениците, кои треба да одговараат на знаењата на  ниво А1 од рефернцијалната рамка.

Наставната програма по *руски јазик* за шесто одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-668/5 од 05.11.2010 година.

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ




# МАТЕМАТИКА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот математика за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да знае кои множества се (не)еднакви, (не)еквивалентни, (бес)конечни и да ги извршува множествените операции;
- ❑ да го разбира декадниот броен систем, да извршува аритметичките операции со природни броеви;
- ❑ да ја знае деливоста на природните броеви со 2, 3, 4, 5 и 9 и тоа да го користи во задачи;
- ❑ да споредува и скратува дропки и да извршува операции со дропки со еднакви именители;
- ❑ да претвора дропки во децимални броеви и во проценти и да извршува операции со децимални броеви;
- ❑ да разликува основни поими (точка, права, рамнина, растојание) од изведени поими (полуправа, отсечка, агол, многуаголник, кружница, круг, должина);
- ❑ графички да собира и одзема отсечки и графички и аритметички да собира и одзема агли;
- ❑ да мери маса, должина, температура и плоштина на објекти и предмети, да мери време, да познава мерки за течност;
- ❑ да знае кој број е именуван и да претвора едноимени во повеќеимени броеви и обратно;
- ❑ да извршува операции со именувани броеви и да има основни познавања за волумен и за единиците мерки за волумен;
- ❑ да прибира и претставува податоци, да врши елементарна анализа и да истражува и решава проблеми на разни начини;
- ❑ да користи математичка терминологија при усно и писмено искажување;
- ❑ да решава проблеми и да го развива логичкото мислење;
- ❑ да се однесува критички кон сопствената работа и кон работата на другите;
- ❑ да размислува и одговорно да ги извршува своите обврски;
- ❑ да ја доживува математиката како пријатно искуство;
- ❑ да користи ИКТ во содржини од математика.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: ПРИРОДНИ БРОЕВИ (N) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката се оспособува:<br>• да формира и да прикаже (запише) множества и нивните подмножества на разни начини;<br>• да определи елементи на множество;<br>• да воочува подмножества на дадено множество;<br>• да разликува еднакви од еквивалентни множества;<br>• да објасни кои множества се конечни, а кои се бесконечни;<br>• да ги употребува поимите: множество, подмножество, унија на множества, пресек на множества, разлика на множества, Декартов производ на множества и симболички да ги запишува; | • Множество; начини на претставување<br><br>• Еднакви множества **(А=Б)** и еквивалентни множества **(А~Б)**<br>• Конечни множества<br><br>• Унија на множества<br>• Пресек на множества,<br>• Разлика на множества<br>• Декартов производ | • Број на множество $(\delta(A))$<br>• Подмножество $(\subseteq)$<br>• Вистинско подмножество $(\subset)$<br>• Празно множество $(\varnothing)$<br><br>• Еднакви множества<br>• Еквивалентни (истоброjни) множества<br><br>• Конечно множество<br><br>• Унија на множества *(повт.)*<br>• Пресек на множества *(повт.)*<br>• Разлика на множества *(повт.)*<br>• Подреден пар<br>• Декартов производ | Да се користат соодветни симболи и да се воочуваат врските меѓу различните записи на множества. Веновиот дијаграм да се користи и за објаснување на другите начини на запис на множества, потоа еднаквите и еквивалентните множества.<br><br><u>Пример:</u> множеството зрна жито на една нива; множеството природни броеви до 1 000.<br><br>Да се користи Веновиот дијаграм за објаснување на законитостите во множествените операции.<br>Децата да се оспособуваат да воопштуваат:<br><u>Пример:</u> Ако $A \cup B = \{1,2,3,4\}$, тогаш $3 \in A$ или $3 \in B$<br><br><u>Пример:</u> $A \cap B = \{5,6,7,9\}$, тогаш $6 \in A$ $6 \in B$<br><u>Пример:</u>кој број е поголем 5 <u>или</u> 8? (Одговор: 8) |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ги изведува множествените операции и правилно да ги употребува соодветните ознаки;<br>• да ја разбере смислата на зборовите <u>и</u> и <u>или</u>;<br>• да ги подреди природните броеви на бројна права и да чита природни броеви поголеми од 1 000 000;<br>• да знае дека 1 е најмал природен број, 0 не е природен број и дека не постои најголем природен број;<br>• да заокружува природни броеви поголеми од еден милион на десетки, стотки и илјади;<br>• да разликува цифра од број;<br>• да одредува класи и позиции во повеќецифрен број<br>• да ги извршува четирите аритметички операции со природни броеви;<br>• да го процени резултатот од собирањето, од одземањето, од множењето, односно од делењето;<br>• да запишува производ на еднакви множители во вид на степен; | • Множество на природните броеви; проширеното множесво природни броеви **(No);** бесконечно множество<br>• Подредување на природните броеви<br>• Читање природни броеви поголеми од 1 000 000<br>• Заокружување на природните броеви на десетки, стотки и илјади<br>• Декаден броен систем<br>• Собирање природни броеви<br>• Својства на собирањето<br>• Одземање природни броеви<br>• Множење природни броеви<br>• Својства на множењето<br>• Степен на број<br>• Делење во множеството природни броеви делење со остаток | • Милион<br>• Милијарда<br>• Билион<br>• Трилион<br>• Декаден броен систем<br>• Класа<br>• Позиција<br>• Аритметичка операција<br>• Дистрибутивност на множењето во однос на собирањето и одземањето<br>• Степен на природен број | Од броевите 5 и 8 кој број е поголем? (Одговор: 9)<br><u>Пример:</u> Нацртај бројна полуправа и означи ја со 0, 10, 20, ..., 100. Процени ја положбата на бројот 67 на таа бројна права.<br><u>Пример:</u> Кој од знаците „ = или > треба да стои во крукчето за да биде точно?<br>322 ◯ 297<br><u>Пример:</u> Прочитај го на глас бројот 345 623 124.<br><u>Пример:</u> Дали бројот 4678 е поблиску до 4600 или до 4700?<br><u>Пример:</u> Запиши го бројот кој има 3 стотини илјади 2 десетици илјади 7 илјади 5 стотки и 6 единици.<br><u>Пример:</u> Твојот пријател вели дека 25346 + 6978 = 5524. Без да решаваш објасни зошто мислиш дека одговорот е погрешен.<br>Се решаваат текстуални задачи во кои се употребуваат поимите: збир, разлика, производ, колкичник, собирок, намаленик, намалител, множител, деленик и делител. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да одредува остаток при делење во множеството природни броеви и тоа да го користи во задачи;<br>• да знае како зависат збирот, разликата, производот и количникот на природни броеви од промената на компонентите; | • Зависност на збирот од промената на собироците<br>ависност на количникот од промената на деленикот и делителот | | <u>Примери:</u> 65+ 127 = 192<br>(65+8) + 127 = 200 = <u>192+8</u><br>459 - 142 = 317<br>(459 - 6) - 142 = 311 = <u>317 - 6</u><br>459 - (142-5) = 323 = <u>317 + 5</u><br>522:9 = 58<br>(522 • 3) : 9 = 174 = <u>58•3</u><br>522:(9•2) = 29 = <u>58:2</u> |
| • да пресметува вредност на броен израз; | • Броен израз | • Вредност на броен израз | |
| • да извршува повеќе аритметички операции почитувајќи го редоследот на операциите; | • Редослед на аритметичките операции | | Пример:<br><u>3 • (7 + 2)</u> Броен израз = <u>27</u> Вредност на бројниот израз |
| • да користи калкулатор при одредување збир, разлика, производ или количник на „големи“ броеви;<br>• да решава равенки со користење на основните аритметички операции и нивните својства; | • Решавање равенки со користење на својствата на основните аритметички операции | • Непозната величина (во равенка) | <u>Пример 2</u>: Влегуваш во продавница со 90 денари и купуваш 3 моливи, секој по 20 денари. Напиши израз за сумата денари (x) што ќе ти остане непотрошена. Потоа запиши ја равенка и реши ја. |
| • да ги знаат и да ги користат признаците[1] за деливост со: 2, 5, 3, 9 и 4; | • Деливост на природните броеви<br>• Признаци за деливост со: 2, 5, 3, 9 и 4 | • Делител<br>• Содржател | <u>Пример:</u> Бројот 3465 е делив со 9 затоа што бројот 3+4+6+5 (= 18) е делив со 9. |

[1] Признак е тврдење кое искажува доволен услов за постоење на некој поим.Пр. 1: Признакот за деливост со 5 гласи: ако последната цифра на некој број е 0 или 5, тогаш тој број е делив со 5. Пр. 2: При реализација на оваа програма наместо реченица од видот: *доволен услов за некој број да биде делив со 5 е последната цифра на тој број да биде 0 или 5,* ќе користиме речњница од видот: *признакот за деливост со 5 гласи: ако последната цифра на некој број е 0 или 5, тогаш тој број е делив со 5.*

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да одредува делители и содржатели на природни броеви;<br>• да разложи сложен природен број на прости множители;<br>• да утврди дали збир, разлика, односно производ на природни броеви е делив со природен број. | • Прости и сложени броеви<br>• Заеднички делители (ЗД) и зеднички содржатели (ЗС) на природни броеви<br>• Најголем зеднички делител (НЗД) и најмал заеднички содржател (НЗС) на природни броеви<br>• Разложување сложен природен број на прости множители<br>• Деливост на збир, разлика и производ со природни броеви | • Прост број<br>• Сложен број<br>• Заеднички делител<br>• Најголем заеднички делител<br>• Заеднички содржател<br>• Најмал заеднички содржател | Се усвојуваат техники за одредување зс, НЗС, ЗД и НЗД на природни броеви.<br><br>Се идентификуваат и опишуваат прости и сложени броеви. |

## ТЕМА 2: ГЕОМЕТРИСКИТЕ ФИГУРИ ВО РАМНИНА

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученикатa се оспособува:<br>• да ги препознае и употребува односите <u>лежи на</u>, <u>не лежи на</u>, <u>е паралелно</u> во задачи и да користи соодветна симболика;<br>• да ги разбира заемните положби на точка и права и на две прави при решавање проблеми од практиката;<br>• да знае да ги поврзе поимите точка и права со полуправа, отсечка, искршена линија и поимот растојание со поимот должина;<br>• графички и аритметички да собира и одзема отсечки;<br>• да ги знае поимите кружница, круг, радиус, дијаметар, тетива и да црта кружница со даден радиус (со шестар);<br>• да ги воочува заемните положби на кружница и: точка; права; кружница;<br>• да ги знае поимите полурамнина и агол; | • Точка и права. Основни својства на правата<br>• Заемна положба на две прави<br>• Растојание меѓу две точки<br><br><br>• Полуправа и отсечка<br>• Должина на отсечка<br>• Искршена линија<br>• Основни и изведени поими<br><br>• Графичко собирање и одземање отсечки<br>• Кружница и круг<br>• Заемна положба на: кружница и точка; кружница и права<br>• Заемна положба на две кружници<br><br>• Поим за агол<br>• Соседни, напоредни и накрсни агли | • (Не) колинеарни точки<br>• Паралени прави (*повторување*<br><br>• Растојание<br>• Основен поим, изведен поим<br>• Почетна точка на полуправа<br>• Средишна точка на отсечка<br>• Должина на отсечка<br>• Еднакви (складни) отсечки<br><br>• Тетива<br>• Пресечка<br>• Тангента<br>• Кружен лак<br><br><br>• Полурамнина<br>• (Не) конвексен агол<br>• Соседни агли | Пример: послужи се со ознаките на подот во фискултурната сала, за да идентификуваш две прави кои се паралелни. Постави јаже преку паралелните линии.<br><br>На геотабла[2] прикажуваат отсечки, еднакви отсечки, искршени линии.<br><br><u>Пример:</u>ако $\overline{AB}=8cm, \overline{CD}=16cm,$ тогаш $\overline{AB}+\overline{CD}=24cm,$<br><br><br><br>**АБ -** тетива,<br>**OR -** радиус<br>Лак **AB**<br>**MN -** дијаметар |

[2]Геотабла е квадратна, триаголна или друг вид на мрежа во која на темињата на квадратите, триаголниците... има заковано клинци и може да се прават рамнински фигури со помош на ластик или конец.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да знае кој агол е конвексен, а кој е неконвексен;<br>• да ги знае видовите агли според големината (нула агол, остар, прав, тап, рамен, полн агол);<br>• да црта симетрала на отсечка и симетрала на агол;<br>• да црта нормала на права и да одреди растојание од точка до права; | • Мерење на агол (со агломер)<br>• Видови агли според големината<br>• Централен агол<br>• Цртање агол еднаков на даден агол<br>• Комплементни и суплементни агли<br>• Симетрала на отсечка и симетрала на агол<br>• Нормала на права<br>• Растојание од точка до права | • Напоредни агли<br>• Накрсни агли<br>• Нула агол<br>• Рамен агол<br>• Полн агол<br>• Централен агол<br>• Комплементни агли<br>• Суплементни агли<br>• Симетрала на отсечка<br>• Симетрала на агол<br>• Нормала на права<br>• Растојание од точка до права |  <br>Неконвексен агол Конвексен агол<br><br>Пример: Нацртај две полуправи кои поаѓаат од иста почетна точка и градат тап агол.<br>На геотабла прикажуваат соседни агли, накрсни агли, напоредни агли,...<br>Цртаат симетрала на отсечка и симетрала на агол и нормала на права со мерење. |
| • графички и аритметички да собира и да одзема агли; | • Графичко собирање и графичко одземање на агли<br>• Аритметичко собирање и аритметичко одземање на агли | | Пример:<br>$34^{0}27^{/}15^{//} - 12^{0}\ 21\ 06^{//} = 22^{0}05^{/}09^{//}$ |
| • да ги знае поимите многуаголник, конвексен многуаголник, видовите многуаголници и периметар на многуаголник и да ги применува во задачи од секојдневието. | • Многуаголник<br>• Конвексен многуаголник<br>• Видови многуаголници<br>• Периметар на многуаголник | • Полигонална линија<br>• (Не) конвексен многуаголник<br>• Периметар на многуаголник |  <br>многуаголник<br>неконвексен конвексен |

| ТЕМА 3: ДРОПКИ. ДЕЦИМАЛНИ БРОЕВИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката се оспособува :<br>• да го користи значењето на броителот, именителот и дробната црта;<br>• да ги препознава видовите дропки;<br>• да запише природен број во вид на дропка;<br>• да претстави дропка поголема од 1 во мешан број и обратно;<br>• да претстави дропка на бројна права;<br>• да ја провери едаквоста на две дропки;<br>• да проширува дропки и да скратува дропки; | • Дропки. Читање и пишување<br>• Видови дропки<br>• Претставување дропки на број¬на права<br>• Еднаквост на дропки<br>• Собирање и одземање дропки со еднакви именители (повторување)<br>• Проширување и скратување на дропки | • Дропка помала од 1<br>• Правилна (чиста) дропка<br>• Дропка поголема од 1<br>• Неправилна (нечиста) дропка<br>• Мешан број<br>• Еднакви дропки<br>• Проширување (на дропка)<br>• Скратување (на дропка)<br>• Нескратлива дропка | Значењето на броителот, именителот и дробната црта. |
| • да ги разбира поимите децимална дропка, децимален број, децимална запирка, цел и децимален дел од број, децимално место, децимала;<br>• да собира и одзема децимални броеви;<br>• да врши проценка на резултатот од собирањето или од одземањето; | • Децимална дропка и децимален број<br>• Својства на децималните броеви<br>• Претставување на бројна права<br>• Споредување<br>• Собирање и одземање на::<br>- децимален и природен број;<br>- децимални броеви. | • Децимална дропка<br>• Децимален број<br>• Децимална запирка<br>• Децимален дел<br><br>• Збир на децимални броеви<br>• Разлика на децимални броеви | Секој број е децимален број: 3, 5, 123, 0,123, 56, 2,04,.... Да се запишуваат природните броеви како децимални, за да се разберат децималните броеви и децималните дропки.<br><br><u>Пример:</u><br>3,23045 + 2,006002 = 5,236452 |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да множи и дели децимален број со декадна единица;<br>• да множи децимални броеви;<br>• да дели децимален број со природен број и со децимален број; | • Множење децимален број со::<br>- декадна единица - произволен природен број;<br>- децимален број.<br>• Делење децимален број со:<br>- природен број;<br>- децимален број. | • Производ на децимални броеви<br>• Количник на децимални броеви | Пример: Процени го резултатот на собирањето 0,72 + 0,8. Дали збирот е поголем од 1? |
| • да претвора дропка во децимален број и да запишува децимален број во вид на децимална дропка;<br>• да разликува конечно од бесконечно децимален број и чисто периодичен од мешано периодичен децимален број;<br>• да заокружи децимален број до зададен број децимали и да ја процени точноста на заокружувањето. | • Претворање дропка во децимален број<br>• Конечно и бесконечно децимален број<br>• Периодичен децимален број<br>• Заокружување на децимален број | • Конечно децимален број<br>• Бесконечно децимален број<br>• Периодичен децимален број | Пример: Пат од 50 м можеш да го истрчаш за 6,73 секунди. Заокружи го своето време на најблиската десетинка. |

| ТЕМА 4: МЕРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката се оспособува:<br><br>• да ги знае основните мерни единици за должина, маса, течност, време, температура и плоштина, како и поголемите и помалите мерни единици од основната;<br>• да ја знае мерната единица за волумен и да пресметува волумен на квадар и на коцка;<br>• да претвора именувани броеви;<br>• да собира и одзема именувани броеви;<br>• да множи и дели именувани броеви со неименуван број. | • Мерни единици за: должина, маса, течност, време, температура, плоштина и волумен<br>• Именувани броеви<br>• Претворање едноимени во повеќеимени броеви и обратно (освен мерните единици за плоштина и волумен)<br>• Претворање поголеми во помали мерни единици и обратно (освен мерните единици за плоштина и волумен)<br>• Собирање и одземање на именувани броеви (освен мерните единици за плоштина и волумен)<br>• Множење и делење на именуван со неименуван број | • Мерна единица<br>• Мерна единица за должина, за маса, за течност, за време, за температура, за плоштина и за волумен<br>• Именуван број<br>• Едноимен број<br>• Повеќеимен број<br>• збир на именувани броеви<br>• Разлика на именувани броеви | <u>Пример</u>: Измери ја со линијар должината на листот од тетратката до најблискиот милиметар. Потоа заокружи до најблискиот центиметар.<br>Пример: Полицата е долга 168 цм. Петар ја скратил за 2 дм. Колку метри колку дециметри и колку центиметри сега е долга полицата ?<br>5 м + 20 цм = 520 цм или<br>5 м + 20 цм = 5,2 м<br>12 кг . 7 = 84 кг |

| ТЕМА 5: РАБОТА СО ПОДАТОЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката се оспособува:<br><br>• да изготвува инструменти за прибирање податоци;<br>• да прибира податоци според даден инструмент;<br>• да претставува податоци на различни начини;<br>• да избира примерок за истражување;<br>• да прави претпоставка за прибрани податоци;<br>• да врши анализа на прибрани податоци;<br>• да извлекува заклучок. | • Инструменти за прибирање податоци<br>• Претставување податоци во табела<br>• Претставување податоци од табела на разни видови дијаграми<br><br>• Избирање примерок на истражување<br>• Анализа на податоци добиени при истражување | • Прашалник (анкетен лист)<br><br>• Истражување<br>• Примерок<br>• Претпоставка<br>• Аритметичка средина | <u>Пример:</u> Учениците од твоето одделение одгледуваат растенија на разни места во училницата. Подготви прашалник со кој ќе се опфатат висините на сите растенија во сантиметри, на одреден ден.<br><u>Пример:</u> Податоците прибрани со прашалникот од претходниот пример претстави ги на линиски дијаграм.<br>Пример за истражување: Прибери податоци и одреди ги плоштината и волуменот на твојата училишна зграда - без (косиот) кров.Пример: Направи претпоставка за тоа кој од шесте броеви на една коцка (1, 2, 3, 4, 5 или 6) ќе се падне најмногу пати, при 36 фрлања на коцката. Потоа коцата фрли ја 36 пати и забележи колку пати паднал секој од броевите. Прикажи ги резултатите на броен график. Спореди со твојата претпоставка. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на програмата, непосредните реализатори да поаѓаат од развојните можности и интереси на децата од 11 - годишна возраст. Особено да се имаат предвид законитостите на развојот на мислењето во овој развоен период.
Во реализацијата на содржините непосредните реализатори треба да го мотивираат ученикот земајќи примери од непосредната околина или реализирајќи ги содржините во услови кои се адекватни на проблематиката што се обработува. Треба да се организираат практични активности како: истражувања, анализа на случаи, проценки, конструирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл., а преку нив да се поттикнат мисловните активности на учениците, со што се овозможува изградување на систем на математички претстави и поими. Значи, во дидактичко – методското обликување на наставниот час често да бидат застапени мали истражувања, проекти, односно учење преку сопствени искуства на ученикот. Вака обликуваниот час бара и соодветни форми на работа (групна - тимска работа, работа во парови како и индивидуална работа на ученикот). Традиционалните форми на работа (пред сè заедничка (фронталната) работа) ќе се практикуваат при презентации, дискусии, демонстрации на постапки и слично, но сè поретко како форми за пренесување на знаења на учениците.
За реализација на наставата по математика во VI одделение ќе се користи учебник усогласен со Наставната програма по математика за VI одделение и со Концепцијата за учебник. За мерење на постигањата на ученикот ќе се користат работни листови, тематски тестови и други инструменти, соодветно дидактичко методски обликувани и усогласени со Наставната програма. а за проширување и продлабочување на знаењата ше се користат збирки задачи усогласени со наставната програма по математика за VI одделение. Збирките задачи треба да содржат прашања и задачи кои ќе им помогнат на талентираните ученици да ги развиваат своите склоности кон математиката.
Во работа со учениците, неопходна е корелација со другите наставни предмети во VI одделение, а тоа подразбира усогласеност на реализацијата на оние содржини од математика кои се во тесна врска со сродни содржини од други наставни предмети и обратно. Интегација на содржини од математика со содржини од другите наставни предмети ќе се остварува во сите ситуации во кои е присутна поголема поврзаност на содржините. Притоа ќе биде значајно и да биде поголем интензитетот на соработката меѓу сродните стручни активи во училиштата, така што можна е интеграција со содржини од природни науки и техника.
Темата *Работа со податоци* се реализира во рамките на претходните теми.
Според природата на наставните содржини, наставата по математика ќе се реализира на различни места, но најчесто во специјализирана училница или во кабинет за математика каде ученикот ќе истражува со различни материјали и средства и ќе работи на компјутер со примена на лиценциран образовен софтвер. Исто така, ученикот ќе учествува во активности на: распоредување, класификација, споредување, проценување, погодување, броење, мерење, демонстрирање на постапки, презентирање на изработки итн. Затоа, би било добро во специјализираната училница за математика да има материјали и други средства предвидени со Нормативот за наставни и нагледни средства.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се оценат постигањата на ученикот неопходно е:

• да се согледа иницијалната состојба на ученикот (согледување на неговите претходни искуства, знаења и вештини) при влезот во VI одделение;
• да се разговара со ученикот за да се добијат сознанија за неговото логичко размислување, разбирање на поимите и степенот на разбирање при нивната примена, оспособеноста за решавање задачи;
• континуирано следење на односот на ученикот кон работата, соработката со врсниците, покажаната иницијативност, љубопитност, самостојност, точност во искажувањето и истрајност во извршувањето на обврските;
• континуирано утврдување и проверка на стекнатите знаења, способности и вештини на тематските целини;
• користење на работни листови со три тежински нивоа, тестови на знаења.

На крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година ученикот се оценува бројчано.
На крајот на периодот се врши проверка на постигнатоста на целите на наставата во VII, VIII и IX одделение, преку објективни тестови на знаења.

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, за IV, V и VI одделение и наставни средства за VI одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-4061/1 од 31.05.2007.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставник во предметна настава, по предметот математика, може да биде лице што има:
1. завршени студии на двопредметна група математика - физика;
2. завршени студии по математика, наставна насока.

На наставниците кои завршиле педагошка академија или виша педагошка школа - соодветна група и се стекнале со звањето наставник по предметот што го предаваат предметот ***не им престанува работниот однос*** на работното место на кое се ангажирани.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА КРАЈОТ ОД ЦИКЛУСОТ IV-VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката умее:

• да претстави множества, табеларно, описно и со Венов дијаграм;

• да ги изврши операциите унија, пресек, разлика и декартов производ на множества.

Во множеството природни броеви над 1 000 000 умее:

• да чита, запишува и споредува природни броеви;

• да ги извршува четирите основни аритметички операции, да ги користи нивните својства и да го проценува резултатот;

• да одреди дали даден природен број е делив со 2, 3, 4, 5 и 9 и да претстави сложен број со своите прости множители;

• да пресмета вредност на броен израз во кој се содржани основните аритметички операции, или некои од нив и да го процени резултатот;

• да реши равенки со помош на основните аритметички операции и да ја провери точноста на решението;

• да реши текстуална задача со податоци од секојдневниот живот;

• да претвори дропка во децимален број и обратно;

• да ги изврши четирите основни аритметички операции на дропки со еднакви именители и децимални броеви;

• да разликува основни од изведени геометриски поими;

• да објасни (опише) што е полуправа, отсечка, агол, кружница, круг, триаголник, правоаголник и квадрат;

• да познава некои видови агли (соседни, напоредни, накрсни, централен агол, комплементни агли, суплементни агли)

• да ги класира триаголниците според големините на аглите и според должините на страните;

• графички да собира и одзема отсечки;

• графички и аритметички да собира и одзема агли;

• да пресметува периметар на разни видови триаголоници, квадрат, правоаголник и многуаголник;

• да мери маса, должина, време, температура и течност и да врши проценки;

• да претвора едноимени броеви во повеќеимени и да собира и одзема именувани броеви;

• да пресметува плоштина и волумен на коцка и квадар

• да прибира, селектира, подредува податоци, да ги внесува во табела, да ги претставува на дијаграм и да чита податоци од табела и дијаграм;

• да препознае, прочита и запише римски броеви до 20;

• да користи информатичко компјутерска технологија (ИКТ) во содржини од математика;

• да биде самостоен, сигурен, истраен и упорен при решавање математички задачи.

Наставната програма по *математика* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр.07-668/2 од 05.11.2010 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ИСТОРИЈА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот *историја* за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Предметот историја има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование бидејќи учениците треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови за одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.
Наставата по историјата, исто така, дава придонес во изградувањето вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и сѐ она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

***Неделен фонд на часови: 2 часа.***
***Годишен фонд на часови: 72 часа.***
***Статус на предметот: задолжителен.***

# 2. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

Ученикот/ученичката:
- ❑ да усвојува основни знаења за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- ❑ да ги открива причинско - последичните врски на историските појави и развивање на критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни процеси;
- ❑ да ги спознава општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските случувања;
- ❑ да ја сфати врската меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- ❑ да го осознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста, за да знае да ја креира иднината на сопствениот живот;
- ❑ да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина, а истовремено да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- ❑ да знае да ги распознава културните и верските разлики меѓу народите;
- ❑ да разива чувство на почит и лојалност кон Република Македонија;
- ❑ да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- ❑ да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;
- ❑ да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;
- ❑ да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развива почит за културните вредности;
- ❑ да гради свест за почитување на човековите права и слободи.

# 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги разликува историските периоди и да знае за нивните основни карактеристики;
- да ги запознае различните начини на сметање на времето кај старите народи;
- да ги открива општествените уредувања на државите на речните цивилизации од стариот Исток со нивните посебни карактеристики;
- да ги открива заедничките карактеристики на државите од стариот век;
- да се запознава со одделните историски појави и процеси од предисторијата и стариот век;
- да се запознава со значењето и придонесот на историските личности од овој историски период;
- да се запознава со развојот на економијата, науката и културата во државите на речните цивилизации;
- да се запознава со основните црти и одлики на хеленската, римската, илирската и старомакедонската култура;
- да се запознава со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на македонската држава;
- да ги посочува разликите и сличностите на балканските народи низ историјата на стариот век.

# 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да осознае зошто се учи историјата;<br>• да се запознае со предметот и поимот историја, нејзините задачи;<br>• да се запознае со поделбата на историјата и со начините на сметање на времето кај старите народи;<br>• да ги определува и објаснува историските периоди (стар век, среден, нов и најново време);<br>• да се запознае со историс¬ките извори и нивното значење за осознавање на минатото (материјални, пишани документи; усни преданија). | • Историјата и нејзиното значење | • Историски извори<br>• Историографија<br><br>• Ера<br>• Век<br>• Стар век<br>• Праисторија<br>• Историја | • Работа со историска и географска карта – карта на праисторијата, стариот век и на современа Република Македонија.<br>• Текст метод: анализа на текстови од историска читанка и други текстови.<br><br>• Самостојна работа на учениците: изработка на лента на времето; лента на историски периоди.<br>• Вежбање на лента на времето.<br><br>• Разгледување ракописи, страни книги, атлас, карти, археолошки и други историски извори. |

## ПРАИСТОРИЈА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да се запознае со теориите за настанокот на човекот според религијата и спо¬ред науката;<br>• да ја сфати улогата на работата во настанувањето и развојот на човекот; | • Настанок на човекот | • Еволуција<br>• Раса<br>• Орда<br>• Род<br>• Племе<br>• Братство<br>• Религија | • Демонстративен метод – работа со карта на Македонија, Балканот, Европа, Азија, Африка од праисторијата;<br>- работа со илустративен материјал: слики, макети (историски извори); анализа на слики и цртежи. |
| • да ја сфати улогата на огнот во промените на начинот на живот на луѓето во праисторијата;<br>• да го осознае значењето на откривањето на металите и нивната употреба; | • Животот на човекот во камено и метално време | • Камено време<br>• Метално време | • Елемент – филм, ДВД, камено време, метално време; документарен филм „Неандерталец". |
| • да ги сфати поимите и специфичностите на начинот на живот во ордата, родот, братството, племето;<br>• да се запознае со основните карактеристики и причините за распаѓање на првобитната заедница и појава на државата; | • Верувањето на човекот во најстарите заедници | • Наколни живеалишта<br>• Материјални остатоци<br>• Археологија | • Реконструирање на животот (првите живеалишта, првите орудија во камено и метално време) и стопанските дејности (поделбата на трудот и на дејностите итн.) на луѓето. |
| • да се запознае со причините за појавата на првите верувања кај луѓето; | • Верувањето на човекот во најстарите заедници | • Тотем<br>• Тотемизам<br>• Анима<br>• Анимизам | • Истражување на локалната средина, географските и историските објекти и карактеристиките на локалните историски остатоци за родокрајната историја. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ги запознае првите форми на верувања кај луѓето во разни натприродни сили и други верувања поврзани со нивниот живот и со објаснување на нивното потекло;<br><br>• да ги знае најзначајните археолошки локалитети во Македонија;<br>• да се запознае со артефактите, изворите, археолошките и историските податоци од предисторијата на Македонија. | • Балканот и Македонија во праисторијата | • Кокино<br>• Виничко кале<br>• Говрлево | (Теренска настава: посета на локалитети, музеи, изложби итн. Посебно археолошки музеј и археолошки локалитети.)<br>• Организирање на интерактивна настава со наставникот за ликовно образование и изработка на илустрации и цртежи за животот на луѓето во праисторијата.<br>• Изработка на макети за живеалиштата, предмети од животот на луѓето во предисторијата.<br>Запознавање со архелошките извори од предисторијата на Македонија преку фотографии, посета на музеи и локалитети. |

| РЕЧНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да ја знае појавата и развитокот на најстарите речни цивилизации и држави и нивното уредување;<br>• да ја сфати улогата на природните фактори во појавата на старите цивилизации и на првите држави: Кина, Индија, Месопотамија, Египет;<br><br>• да се запознае со социјалната структура на населението;<br>• да го запознае начинот на живеење на луѓето (улогата на жената преку анализа на ликот на Клеопатра, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето);<br>• да се запознае со достигањата во градежништвото, уметноста и науката кај најстарите цивилизации;<br>• да се запознае со верувањата и нивните специфичности кај одделни стари народи;<br>• да се запознае со убавите дела создадени од народите на стариот Исток. | • Најстарите цивилизации<br><br>• Старата египетска држава<br><br>• Културата и верувањата на народите на стариот Исток | • Цивилизација<br>• Стар Исток<br>• Роб<br>• Ропство<br>• Иригација<br><br>• Свинга<br>• Фараон<br>• Пирамида<br>• Саркофаг<br>• Мумија<br>• Балсамирање<br>• Сликовно писмо (хиероглиф)<br>• Клеопатра<br><br>• Клинесто писмо<br>• Еп<br>• Многубоштво<br>• Храм<br>• Свештенство | • Разгледување карти: воочување и споредување на картата на светот сега и во минатото; карти на Азија, Африка (историски атлас).<br>• Читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали.<br>• Демонстрирање на слики, нивно опишување и поврзување на илустрацијата со соодветен историски настан, личност, време (користење на слики, цртежи; елемент - филмови за Египет; Кина, Индија; дијафилм: општествата во државите на стариот Исток; употреба на видеозаписи; документарен филм „Нефертити“.<br>• Животот на Клеопатра.<br>• Следење на делови од долгометражни ТВ филмови и водење разговор.<br>• Реализација на проектни задачи: изработка на проекти, паноа, портфолија и сл. за Египет, Месопотамија, Индија, Кина, по избор на ученикот. |

| БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК[1] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со различните народи кои го населувале Балканот во стариот век;<br>• да се запознае со природните услови, местоположбата и населението на Хелада;<br>• да се запознае со Хомеровото време и почетоците на хеленската колонизација;<br>• да го сфати постанокот на полисите (градови – држави) и нивните меѓусебни односи; | • Хелада | • Хелада<br>• Хелени<br>• Полис<br>• Демос<br>• Демократија<br>• Аристократија<br>• Колонија<br>• Колонизација | • Работа со карта на Балканскиот Полуостров;<br>• карта -Хелада во стариот век;<br>• користење на историски атлас;<br>• текст метод: читање на изворни и уметнички текстови; текстови од историска читанка;<br>• читање грчки митови;<br>• проекција на дијафилмови;<br>• Стара Хелада; анимиран филм „Одисеј”. |
| • да ги воочи разликите во државното и општественото уредување меѓу Атина и Спарта; | • Спарта и Атина | | |
| • да се запознае со верувањата на Хелените, нивната религија и митологија;<br>• да знае за појавата и значењето на Олимписките игри во животот на Хелените;<br>• да го запознае начинот на живеење на луѓето (улогата на жената, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето); | • Културата на Хелените | • Театар<br>• Комедија<br>• Трагедија<br>• Митологија<br>• Уметност<br>• Филозофија<br>• Олимписки игри | • Изработка на Венов дијаграм за споредување – Атина – Спарта;<br>• анализа на илустрирани материјали: слики на споменици на хеленската култура. |

[1]Историјата на Хелада, Рим и Илирите да се изучува преку секојдневното живеење, култура, обичаи, а не преку војните.

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ја осознава богатата духовна и материјална култура на Хелените (книжевност, театар, архитектура, градежништво, уметност, наука);<br><br>• да се запознае со природните услови, географското пространство и потеклото на Илирите;<br>- да се запознае со илирските племиња и нивниот начин на живеење;<br><br>• да го запознае процесот на создавањето и развојот на илирските кралства на Балканот;<br><br>• да го запознае начинот на живеење на луѓето (улогата на жената, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето);<br>- да се запознае со јазичните и културните специфичности на Илирите и со нивната религија. | • Илири<br><br>• Илирски кралства<br><br>• Културата на Хелените | • Илириј<br>• Илирија<br>• Крал<br>• Кралство<br>• Гусарење<br>• Култ<br>• Теута<br>• Задгробен живот<br>• Утврдени населби<br>• Материјални остатоци | • Работа со карта на Балканскиот Полуостров; карта - Илирите во стариот век.<br>• Животот на Теута.<br>• Анализа на илустрирани материјали: слики на споменици на културата на Илирите. |

| МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да го осознае најстариот период на македонската историја, нејзината територија, природните услови и населението;<br>• да се запознае со формирањето на државата;<br>- да го објаснува потеклото и името на Македонија; | • Македонската држава Филип II | • Горна Македонија<br>• Долна Македонија<br>• Македон<br>• Народно собрание<br>• Хетајри<br><br>• Филип<br>• Пела | • Работа со илустрации и карти.<br>• Карта на Македонија.<br>• Карта на Македонската држава во IV век пр.н.е..<br>• Историски атлас;<br>• Слики – Пела, Филип II, портрет на Александар III, Македонски.<br>• Читање на говорите на Демостен (Филипики).<br>• Мозаик од битката на Ис.<br>• Македонското сонце.<br>• Светилникот Фарос.<br>• Животот на Александар.<br>• Митот за Букефал.<br>• Изработка на грозд за старата Македонска држава;<br>• Изработка на Т-табела за Хелените и Македонците и за другите соседни народи (сличности и разлики). |
| • да го сфати значењето на реформите во јакнењето на Македонската држава во времето на Филип II; | • Македонската држава во времето на Филип II | • Олимпија<br>• Александар Македонски (Велики) | |
| • да се запознае со доаѓањето на Александар III Македонски на чело на државата;<br>• да се запознае со ширењето на македонската држава и нејзиното значење; | • Македонската држава во времето на Александар III Македонски | • Статер<br>• Свет град<br>• Каусија | |
| • да се запознае со личноста на Александар III (образование, воспитание, издигнување на Александар во голем владетел);<br>• да ја сфати визијата на Александар III Македонски за рамноправност, толерантност и заедничко живеење на народите. | • Александар III Македонски | • Букефал<br>• Фаланга<br>• Гордиев јазол<br>• Фаланга | |
| • да ја идентификува посебноста на македонската култура, јазик, обичаи, начин на живеење. | Културата на Македонците | | • Анализа на илустрирани материјали: слики на споменици на културата на античките Македонци. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да се запознае со причините за распаѓањето на Македонската држава на Александар III Македонски и создавањето на хелениските држави;<br>• да го сфати поимот хеленизам и достигањата на хеленистичката култура. | • Хелинистички период | • Хеленизам<br>• Хеленизација | |

**СТАР РИМ**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со територијата, населението и постанокот на градот Рим и на Римската држава;<br><br>• да го запознае општественото уредување и внатрешните борби во државата;<br>• да се запознае со државното уредување на Римската држава;<br><br>• да знае за подемот и проширувањето на државата на три континенти;<br>• да ги воочи разликите во положбата и начинот на живот на различниуте слоеви на населението;<br>• да го запознае начинот на живеењето на луѓето (улогата на жената, образованието на децата, занимањата, исхраната, облекувањето, лекувањето); | • Настанок на Римската држава<br><br>• Јакнење и проширување на Римската држава<br><br>• Внатрешни борби во Римската држава | • Патриции<br>• Плебејци<br>Сенат<br>• Народно собрание<br>• Форум<br>• Легија<br>• Гладијатори<br>• Катапулт<br>• Колонат<br><br>• Република<br>• Царство<br>• Трибун<br>• Конзул<br><br>• Амфитеатар<br>• Колосеум<br>• Терми<br>• Аквадукт (водовод) | • Карта на Апенинскиот Полуостров.<br>• Карта – Римски освојувања.<br>• Историски атлас.<br>• Историска читанка.<br>• Радиоемисија: Кои биле Етрурците.<br>• Портрет – Ханибал, римски пешак.<br>• Слики – Браќата Грах.<br>• Дијафилм – Старт Рим.<br>• Долгометражен филм - Антички Рим. |

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| • да знае за реформите на браќата Граси, Спартаковото востание и граѓанските војни во империјата;<br>• да ги сфати причините за слабеењето на државата и нејзиното распаѓање; | | | |
| • да се запознае со културните вредности на Римската држава (книжевност, наука, уметност, религија, градежништво и др.); | • Римска култура | • Латински јазик | • Анализа на илустрирани материјали: слики на споменици на културата на стариот Рим. |
| • да знае за појавата и ширењето на христијанството во Римската држава, односот на државата кон христијаните и прифаќањето на христијанството за државна религија. | • Појава на христијанството | • Катакомби<br>• Исус Христос<br>• Воскреснување<br>• Апостол<br>• Библија<br>• Црква | • Текстови за настанувањето, ширењето на христијанството и неговото влијание во Европа. |

| ВЛИЈАНИЕТО НА РИМСКАТА ИМПЕРИЈА НА БАЛКАНОТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да се запознае со ширењето на римската империја на Балканот (Македонија);<br><br>• да се запознае со отпорот на народите на Балканот против римската власт;<br><br>• да се запознае со за појавата и ширењето на христијанството на Балканот;<br><br>• да ги осознае вредностите на римската култура на Балканот (начин на живеење, религија, писменост, градежништво, уметност и др.);<br>• да се запознае со придобивките од времето на владеењето на римската империја (изградба на патишта, градови други градби на Римјаните во Македонија);<br><br>• да ги сфати причините за опаѓањето и пропаѓањето на Римското Царство. | • Ширењето на Римското Царство на Балканот и Македонија<br><br>• Отпорот против римската империја од страна на народите на Балканот<br><br>• Појава и ширење на христијанството на Балканот и во Македонија<br><br>• Културата во времето на римското владеење<br><br>• Пропаѓање на Римската држава | • Провинција<br>• Сојуз<br>• Денар<br>• Романизација<br><br>• Христијанизација<br>• Христијански општини<br>• Послание<br>• Базилика<br>• Мозаик<br><br>• Источно Римско Царство<br>• Западно Римско Царство | • Работа со карта на Балканскиот Полуостров.<br>• Читање историски атлас, текстови од историска читанка.<br>• Разгледување илустрации.<br><br>• Запознавање со археолошките извори и локалитети во Македонија од времето на римското владеење преку фотографии, посета на музеи и локалитети. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на наставната програма по историја наменета за учениците од VI одделение се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците.
Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува.

***Насоки за меѓупредметно поврзување***

Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување на одредени теми и содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовна и музичка уметност, географија, општество, граѓанска кулутура и др.).

***Препораки за користење на годишниот фонд***

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини.
Предметниот наставник не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

***Наставни средства:***

- ❑ учебник по историја наменет за учениците во VI одделение по избор на училиштето, а одобрен од министерот за образование и наука;
- ❑ користење на поширокатa околина, односно истражување на локалната средина на историски и географски објекти и остатоци на археолошки ископини од национална вредност;
- ❑ користење на историски карти, атласи, текстови, постери, фотографии, цртежи, карикатури, албуми, макети, хронолошки таблици итн.;
- ❑ користење енциклопедии, речници, списанија итн.;
- ❑ користење аудио-визуелни средства - документарни и ТВ-филмови, Интернет, образовни софтвери итн.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти:

- начин на проверување и оценување:
  - усно излагање;
  - презентација;
- други средства и постапки за следење и оценување:
  - наставни ливчиња;
  - ученички квиз;
  - играње на улоги.

*Постигањата на учениците во текот на годината се оценуваат со описна оценка, а на крајот се изведува бројчана оценка.*

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр.07-1830/1 од 28.02.2008.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по историја за VI одделение на основното деветгодишно образование предвидени се наставници со завршен:

- Филозофски факултет - Институт за историја;
- Педагошки факултет - Институт по историја – географија.

Наставната програма по *историја* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4076/1 од 22.05.2008 год.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ПРИРОДНИ НАУКИ И ТЕХНИКА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) член 25 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.4103/08 и 33/2010), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот *природни науки и техника* за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да го проширува и продлабочува разбирањето на основните природни законитости и поими за природата околу себе;
- да ги обединува / поврзува концептите и процесите во природата и техниката, преку конкретни примери;
- да ги воочува системите, подреденоста и организацијата на поимите од природата, преку конкретни примери за деловите и движењата во Сончевиот систем, неговите планети и за планетата Земја;
- да стекнува знаења за внатрешната градба на Земјата, за природните појави: земјотреси, вулкани, бури, урагани, цунами, за ерозијата, феноменот плима – осека, врнежите и последиците од загревањето и ладењето;
- да го открива настанокот и видовите на карпи и почви на Земјата;
- да ги разбира и да ги објаснува основните поими за разновидноста на живиот свет;
- да ги познава особините на живиот свет: клеточната градба и животните функции;
- да ги набројува и опишува основните животни функции на живите организми, вклучувајќи го и човекот;
- да ги открива и да ги применува фактите за поврзаноста на сите живи организми преку исхраната;
- да го разбира значењето на фактите за нивоата на еколошката поделба и да ги предвидува условите и последиците врз населувањето на животни заедници;
- да ја открива динамичката природа на природните процеси и феномени (настанок на карпите, почвите, растење и развој на организмите, последиците за живиот свет: приспособување, распространување);
- да дава аргументирани, логично обмислени одговори на поставените прашања / задачи / проблеми и да презентира заклучоци, поткрепени со докази;
- да претставува податоци во табела, график, шема;
- да умее да чита и толкува податоци од табела, график, шема, географска карта, глобус;
- да изработува и да предлага план за изведување едноставен обид;
- да прифаќа и извршува задачи со различен степен на сложеност при истражувањето: поставува прашања, предвидува, ги користи сетилата, користи инструменти (лупа, лењир, вага, компас, карта, глобус, микроскоп), запишува и обработува податоци.
- да учествува активно во работата на групата и при дискусиите;
- да покажува подготвеност за преиспитување на своите мислења и почит кон мислењата на другите;
- да го разбира значењето на исполнување на зададената задача во зададените рокови;
- да покажува подготвеност да им помогне на другите, особено при работа во група.

Наставниот предмет *природни науки и техника* е застапен со 3 часа неделно - 108 часа годишно.

# 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА ВО ВСЕЛЕНАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да ги опишува вселената и ѕвездите;<br>• да се здобие со претстава за вселенскиот простор;<br>• да ги разликува и класифицира небеските тела;<br>• да ги објаснува карактеристиките на Сонцето;<br><br>• да ги опишува карактеристиките на Месечината;<br>• да го разбира појавувањето на месечевите мени;<br>• да ги опишува појавите на метеорите и кометите;<br>• да развива сопствени претстави за местото на човекот и животот во вселената. | • Вселена, Сонце и Сончев систем<br><br><br><br>• Небеските тела во вселената | • Вселена<br><br>• Ѕвезда<br><br>• Соѕвездие<br><br>• Галаксија<br><br>• Млечен пат<br><br>• Природен сателит<br>• Месечина<br>Месечеви мени<br><br><br>• Метеор<br>• Комета | • Видеопрезентации за вселената, за ѕвездите, планетите.<br>• Читање текстови за темата.<br>• Посета на планетариум.<br>• Истражување: набљудување на ѕвездено небо.<br><br><br><br>• Изработка на пано за различните форми на Месечината (мени).<br>• Видеопрезентации.<br>• Стимулирање на создавање кратери.<br>• Организирање на разговор за човекот и вселената, за првото патување на човекот на Месечината.<br>• Видеопрезентации за небеските тела и појави. |

| Тема: ЗЕМЈАТА Е ДИНАМИЧЕН СИСТЕМ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја препознава внатрешната градба на Земјата со помош на графика/модел;<br>- да ги објаснува внатрешните и надворешните промени на Земјата;<br><br>• да ги препознава и селектира природните појави: земјотреси,<br>цунами, вулкани, бури, плима, осека, врнежи, ерозија;<br>• да го објаснува настанувањето на природните појави;<br><br>• да ги набројува влијанијата и причините за настанокот на карпите;<br>• да ги разликува видовите карпи (напластени, магматски, изменети);<br>• да го објаснува настанокот на почвениот слој;<br>• да ги разликува и класифицира почвите (песокливи, глинени);<br>• да го објаснува стопанското значење на почвите. | • Внатрешна градба на Земјата<br><br>• Природни појави на Земјата<br><br>• Настанок на карпите и видови карпи<br><br>• Настанок на почвите и видови почви | • Земјини сфери<br><br>• Земјотреси<br><br>• Цунами<br><br>• Вулкани<br><br>• Бури<br><br>• Плима<br>• Осека<br><br>• Врнежи<br><br>• Ерозија<br><br>• Карпи<br><br>• Почва | • Изработување модели (на пр.:пресечено топче и глина) за внатрешниот пресек на Земјата.<br>• Изработување на цртежи на плакатна хартија за внатрешната градба на Земјата.<br>• Видеопрезентација за карактеристиките на јадрото и Земјините обвивки.<br>• Читање текстови за природните појави и последиците од внатрешните и надворешните промени на Земјата.<br>• Изработување динамичен модел на вулкан.<br>• Видеопрезентација на вулканска ерупција.<br>• Изработување на фотоалбум за природните појави на Земјата.<br>• Набљудување на различните видови карпи и почви.<br>• Изработување модел на почвени слоеви.<br>• Изработување на збирки од различни видови карпи и почви. |

| ТЕМА: ОСОБИНИ НА ЖИВИОТ СВЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја открива разновидноста и сродноста на живите организми;<br>• да ги разбере одликите на живите организми;<br>• да ја разбира клеточната градба на организмите, едно и повеќеклеточноста;<br>• да ги именува формите, составните делови на клетката (растителна и животинска) и нивните функции со помош на графика;<br>• да ги воочува и наведува сличностите и разликите во градбата меѓу животинската и растителната клетка; | • Живите организми се одликуваат со клеточна градба и животни процеси | • Клеточна градба<br>• Клетка<br>• Клеточна обвивка<br>• Цитоплазма<br>• Јадро<br>• Едноклеточни организми,<br>• Микроорганизми<br>• Повеќеклеточни организми | • Правење збирки на ниво на паралелката од конзервиран материјал од собрани примероци растенија и животни.<br>• Подготвување албуми со графика за различни облици на живи организми и животни процеси.<br>• Набљудување на различни одлики на животни (движење, хранење, осетливост и др.).<br>• Изработување на модел на клетка.<br>• Демонстрирање - микроскопирање на препарати од: растителна клетка, животинска клетка, микробна клетка.<br>• Микроскопирање на барски едно - и повеќеклеточни организми. |
| • да го открива значењето на исхраната во однос на сите други животни особини и процеси;<br>• да разбере дека растенијата ја произведуваат храната во зелените делови од материи од почвата, од воздухот и сончевата светлина;<br>• да осознае дека животните се потрошувачи на храната;<br>• да ја објаснува поврзаноста на растенијата и животните преку исхраната (синџири на исхраната); | • Исхраната ги условува другите животни процеси<br>• Растенијата ја произведуваат храната за себе и за другите организми | • Храна<br>• Исхрана<br>• Произведувачи<br>• Потрошувачи<br>• Тревојади<br>• Месојади<br>• Сештојади<br>• Синџири на исхраната | • Истражување за создавање храна (скроб) кај растенијата.<br>• Истражување на исхраната на жаба, аквариумска риба, полжав, птица и др.<br>• Изработување листи со податоци за делови на растенијата кои служат во исхраната на човекот.<br>• Изработување на листа на здрава храна.<br>• Изработување на едноставни синџири на исхрана на паноа, колажи за ливада (копнена животна заедница) и за езеро (водна животна заедница).<br>• Следење на видеозаписи за едноставни синџири на исхраната. |
| • да го разбира дишењето како размена на гасовите помеѓу организмот и животната средина; | • Дишењето е основна биолошка особина | • Дишење | |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да сфати дека растенијата дишат со помош на сите органи;<br>• да осознае дека животните дишат со помош на органи за дишење кои се различни во зависност од животната средина; | | • Размена на гасови<br>• Органи за дишење | • Истражување на последиците кога различни животински органи за дишење се ставени на воздух и во вода.<br>• Истражување на дишење на едно животно (риба во вода при мирување и во движење, броење на движењата на жабрите во минута, запишување на податоци).<br>• Истражување на дишење на едно растение и едно животно под стаклено ѕвоно. |
| • да разбере дека организмот се ослободува од непотребните и штетните материи; | • Ослободување од штетни материи | • Излачување | • Изработување на едноставен механизам за филтрирање на обоен раствор. |
| • да го поврзува движењето кај животните со исхраната;<br>• да разбере дека начините за движење зависат од животната средина;<br>• да ги споредува начините и органите за движење кај познати претставници со животните средини и нивната исхрана;<br>• да разбере дека растенијата ограничено се движат; | • Движењето како биолошка особина | • Движење<br>• Органи за движење | • Набљудување и споредување на движења на животни (риба во вода, цицач на копно и во вода, инсект на копно (мравка), инсект во воздух (пеперутка, мува).<br>• Набљудување на приспособеноста на формата на органите за движење на почва - нозе, во вода - перки, во воздух – крилја. |
| • да ја сфати осетливоста кај животните како врска на организмот со средината;<br>• да го разбира значењето и да ги применува поимите поврзани со осетливоста;<br>• да ги опишува своите претстави за врските меѓу сетилата, исхраната, начинот на движењето и одбраната од опасностите;<br>• да ги објаснува врските (осетливоста) на едно животно и средината; | • Осетливост на дразби | • Осетливост<br>• Дразба<br>• Органи за примање дразби<br>• Заштита од силни дразби | • Набљудување на придвижување на растение кон светлината – пченица. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да го разбира растењето, размножувањето, умирањето како фази од животниот циклус на секој жив организам;<br>• да го сфаќа растењето и бесполовото размножување кај растенијата;<br>• да го разбира размножувањето кај организмите како начин за опстанок;<br>• да ги осознава развојните фази во тек на растењето кај човекот;<br>• да го прифаќа стареењето и умирањето како природни фази во животниот циклус на секоја единка. | • Животен циклус кај растенијата и животните | • Растење<br>• Развивање<br>• Бесполово размножување<br>• Полово размножување<br>• Оплодување<br><br>• Стареење<br>• Умирање | • Истражување на сопствени сетилни искуства со исклучување на по едно сетило (вид, слух, топло - студено, мирис), запишување и анализирање на податоците.<br>• Истражување на осетливоста на едно растение во услови на променета осветленост или температура.<br>• Истражување на растење на учениците: мерење, бележење и споредување на податоците на почетокот и на крајот на учебната година.<br><br>• Следење на видеозаписи за животниот циклус на растенијата, животните и за човекот.<br>• Разговарање за проблемите и предностите при растењето на учениците. |

| ТЕМА: ЕКОЛОГИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги именува и објаснува основните еколошки поими;<br>• да ги набројува основните услови во животните средини кои влијаат врз живиот свет;<br><br>• да наведува примери за видови на животни заедници, живеалишта и екосистеми;<br>• да го разбира местото на единката во животната заедница;<br><br>• да набројува видови на шуми во зависност од климатските услови;<br>• да ги наведува еколошките услови и животните заедници на шумите во умерениот појас, дождовните шуми, во пустините, во поларните области и морскиот екосистем;<br><br>• да ги препознава и да ги објаснува причините за предаторство, симбиоза и паразитизам;<br>• да го разбира влијанието на човекот врз екосистемите. | • Нивоа на еколошка поделба<br><br>• Видови на екосистеми<br><br>• Односи во живиот свет | • Единка<br>• Животна заедница<br>• Живеалиште<br><br>• Екосистем<br><br>• Шума во умерениот појас<br><br>• Дождовна шума<br><br>• Пустина<br><br>• Морски екосистем<br><br>• Поларен екосистем<br><br>• Симбиоза<br>• Паразитизам<br>• Предаторство | • Посета на училишниот парк и разговор за природното опкружување.<br>• Набљудување и откривање на видовите животни заедници во опкружувањето.<br>• Изработување проект за животните заедници во локалното опкружување:<br>• Набљудување и водење дневник за едно животно (единка), за едно растение, за локалната река, за функционирање на зоолошката градина.<br><br>• Изработка на цртеж - шумски екосистем (по сопствен избор) со слики на типични претставници од растителните и животинските заедници во него.<br>• Користење на Интернет за пребарување и разгледување на различни видови на шуми со нивните растителни и животински претставници.<br><br>• Опишување на примери за симбиоза меѓу два организма.<br>• Примери за паразитизам меѓу домаќин и паразит.<br>• Опишување на односот на грабливка кон пленот.<br>• Примена (пребарување) на ЦД и на Интернет енциклопедии. |

| ТЕМА: ПРИРОДНИТЕ НАУКИ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да сфати дека природните науки имаат широка примена во секојдневниот живот;<br>• да ја согледува поврзаноста помеѓу природните науки и технолошките откритија;<br>• да сфати дека до големите откритија човекот доаѓал преку долготрајни истражувања, а понекогаш и случајно; | • Примена на природните науки во секојдневниот живот | • Технолошки откритија | • Читање на текстови од енциклопедии, од историски читанки, атласи и сл. за значајни откритија, начинот на животот во различни периоди и сл.<br>• Дискусија (наведување примери) за примената на природните науки во секојдневниот живот.<br>• Пребарување на Интернет. |
| • да ја согледа важноста на мерењето, читањето и толкувањето на резултатите како битни фактори за нови откритија;<br>• да мери и да очитува податоци од инструменти; | • Постапки на мерење во секојдневниот живот | | • Мерење на температура.<br>• Читање на податоци од водомер.<br>• Следење на временски карти на Интернет. |
| • да го согледа значењето на природните науки во добивањето и зачувувањето на храната во исправна состојба;<br>• да го поврзе добивањето на леб, оцет, кисело млеко, зимница, со присуството на некои микроорганизми;<br>• да опишува постапки за добивање на: леб, кисело млеко и оцет;<br>• да наведува примери за позитивниот и негативниот ефект на микроорганизмите;<br>• да наведува постапки за зачувување на храната во исправна состојба (сушење, замрзнување, скиселување); | • Природните науки и производството на храна<br><br>• Природните науки и производството на материјали корисни за човекот | • Храна<br>•Микроорганизми<br>• Квасец<br>• Млечни производи<br><br>• Оцет<br>• Конзервирање на храна | • Посета на работилница за добивање на леб (погон).<br>• Пренесување на искуство од страна на родител, експерт и сл.<br>• Истражувања:<br>– производство на леб;<br>– поткиселување на млеко.<br>• Добивање оцет.<br>• Зачувување на храната во исправна состојба.<br>• Разговори за расипувањето на храната и како тоа да се спречи. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да опишува како се добива стакло и стаклени производи;<br>• да разбира дека преку истражувањата се добиваат нови материјали (пластични материјали и лекови);<br>• да ја сфати опасноста од употреба на лекови без препорака од лекар; | • Рециклирање; повторна употреба на производите | • Стакло<br>• Пластични материјали<br>• Лекови | • Видеозаписи за добивање на стакло и стаклени производи.<br>• Видеозаписи за добивање на лекови (пеницилин, ацетисал).<br>• Видеозаписи за примена на пластичните материи.<br>• Изработување на табела со материјали и производи кои може да се рециклираат или повторно да се употребуваат. |
| • да објаснува за потребата и користа од рециклирањето;<br>• да стекнува навики за класирање на употребените материјали (хартија, стакло, метал и пластика) за рециклирање;<br>• да набројува производи кои можат повторно да се искористат;<br>• да го објаснува значењето и потребата на чиста вода за пиење;<br>• да го опишува прочистувањето на морската вода во вода за пиење; | • Улогата на науките во разрешување на недостигот на чиста вода за пиење | • Рециклирање | • Работа во групи: рециклирање на хартија (весници).<br>• Изведување експеримент со кој се прикажува отстранување на сол од вода со загревање.<br>• Видеозапис за процесот на прочистување на водата.<br>• Истажување на потрошувачка на вода во домаќинствата и изнаоѓање начини за заштеда. |
| • да открие дека објекти со хидро/аеродинамичен облик побрзо се движат во средината; | • Движење низ водна и воздушна средина | • Ветерница<br>• Воденица | • Истражување на движење на објекти со хидро/аеродинамичен облик во воздушна и водена средина. |
| • да наведува примери за претворање на енергијата од еден во друг облик во секојдневниот живот (ветерница, воденица, хидроцентрала, сончев колектор, ласер, динамо на точак, сијалица, миксер, греалка);<br>• да ја осознае примената на светлината во новите технологии (ласери). | • Добивање енергија во различни облици и нејзина употреба | • Сончев колектор | • Демонстрирање на обиди за да се прикаже претворањето на енергија од еден во друг облик, преку примена на различни уреди од домаќинството.<br>• Пронаоѓање податоци за примената на ласер, ЦД. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

**❑ Насоки за меѓупредметно поврзување**

Наставниот предмет природни науки и техника содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности. Со оглед на фактот што наставната програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на природата и техниката, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините од овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите природни науки и нивната примена во секојдневниот живот. Сите цели и содржини треба да го промовираат кај ученикот разбирањето на единството, целовитоста и променливоста на природата, природните објекти, феномени и процеси, за да поттикнат кај него создавање на применливи знаења, навики и вештини.

**❑ Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

Препораките за годишниот фонд на часовите се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми/содржини, што секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата. Поинаквото користење на часовите треба да го проценува предметниот наставник според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат.

Наставниот предмет природни науки и техника во VI одделение се изучува со 3 часа неделно, односно 108 часа годишно.

**❑ Наставни средства:**

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од министерот;
- други извори за учење во непосредната околина – предмети и објекти во природата;
- енциклопедии, атласи, карти, глобус и сл.;
- лабораториски прибор, лупа, линијар, вага, компас, микроскоп;
- Интернет, образовни софтвери;
- светски признати списанија од областа на природните науки;
- визуелни средства (слики, цртежи, апликации, фолии, паноа, модели, макети и др.);
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД – плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и др.).

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***

❑ Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врски помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето. Следењето на постигањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето.
❑ Оценувањето треба да се базира врз користење на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Притоа, проверувајќи го напредокот во постигањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
❑ Оценувањето треба да биде праведно, т.е. да се спроведува непристрасно, како при вреднувањето на постигањата, така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
❑ Оценувањето треба да се врши транспарентно, што подразбира дека учениците треба точно да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигања и како тие постигања ќе се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зашто и што треба да научат и што, како и кога ќе се оценува.
❑ Учениците и родителите континуирано треба да имаат увид во оценувањето.

❑ ***Начини на проверување и оценување***:
• усни одговори на прашања поставени од наставникот или од ученици, разговор меѓу наставникот и учениците и разговор меѓу учениците;
• писмени извештаи на податоци од истражувањата;
• практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.);
• проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, мерења, запишување и прикажување на податоците, презентирање);
• работа во група.

❑ ***Други средства и постапки за следење и оценување:***
•разговор-дијалог наставник-ученик;
•контролни листови, тестови на знаења;
•домашни работи;
•чек листи.
• На крајот од VI одделение се реализира интерно проверување на постигањата со екстерно подготвени стандардизирани тестови.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28. 02. 2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VI одделение може да ја изведува лице кое завршило:
- двопредметна група: биологија – хемија, ПМФ и се здобило со сертификат од страна на БРО, за изведување на настава по предметот природни науки и техника;
- еднопредметна група биологија - наставна насока, ПМФ и се здобило со сертификат од страна на БРО, за изведување на настава по предметот природни науки и техника;
- еднопредметна група географија - наставна насока, ПМФ и се здобило со сертификат од страна на БРО, за изведување на настава по предметот природни науки и техника;
- еднопредметна група хемија - наставна насока, ПМФ и се здобило со сертификат од страна на БРО, за изведување на настава по предметот природни науки и техника;
- еднопредметна група физика - наставна насока, ПМФ и се здобило со сертификат од страна на БРО, за изведување на настава по предметот природни науки и техника.

Со оглед на фактот што кај нас на високообразовните институции за наставен кадар се уште не постои студиска група за образование на наставен кадар кој може да ја реализира наставната програма за предметот природни науки и техника, постоечкиот наставен кадар кој е цитиран, треба се здобие со сертификат од страна на БРО, за завршена обука за изведување настава по природни науки и техника. Ова решение ќе се применува се до дипломирањето на наставен кадар на соодветна студиска група.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:
• разбира поврзаност на природните науки и техниката;
• истражува објекти и материи во природата, користејќи го техничкиот контекст;
• собира и евидентира податоци и објекти од своето природно опкружување и ја препознава нивната примена во техниката;
• опишува вселена, Сонце, Сончев систем и небески тела;
• ги изложува сопствените претстави за местото на човекот во вселената;
• објаснува внатрешна градба и промените на Земјата;
• објаснува настанување на природните појави и ги селектира;
• набројува влијанија и причини за настанок на карпите, видови карпи, почвениот слој, разликува и класифицира почви и го објаснува стопанското значење на почвите;
• ја разбира разновидноста и сродноста на живите организми, преку нивните општи одлики и клеточната градба на организмите, едноклеточноста и повеќеклеточноста;
• ги разбира и ги наведува сличностите и разликите во градбата меѓу животинската и растителната клетка;
• ги опишува разликите во исхраната кај растенијата и кај жи-

вотните/човекот и нивната поврзаност преку синџирите на исхрана;
• ги наведува најопштите факти за животните процеси (исхраната, дишењето, излачувањето, движењето, осетливоста, растењето и развојот, размножувањето и умирањето) споредувајќи ги кај растенијата и кај животните (човекот);
• ги разбира животните процеси како фази од животниот циклус на секој жив организам;
• образложува разлики во животните процеси меѓу организмите (растенија, животни/човек) кои се условени од влијанијата на животната средина;
• ги наведува и разбира развојните фази во текот на растењето кај човекот;
• ги именува и објаснува основните еколошки поими (животна заедница, живеалиште и екосистем);
• наведува факти за еколошки услови, животни заедници и односи во големите екосистеми;
• искажува свои ставови за влијанието на човекот врз екосистемите;
• умее да ја дискутира широката примена на природните науки во секојдневниот живот;
• го разбира развојот на природните науки и напредокот во технолошките откритија;
• го сфаќа користењето на микроорганизмите во процесите за добивање леб, оцет, кисело млеко, зимница;
• умее да ги класира употребените материјали (хартија, стакло, метал и пластика);
• ја објаснува за потребата и користа од рециклирање на материјалите и продуктите, како и нивната повторна употреба;
• умее да пронајде и да интерпретира популарни текстови за нови материјали (пластични материјали и лекови);
• го објаснува значењето и потребата на чистата вода за пиење и го разбира прочистувањето на морската вода во вода за пиење;
• умее да мери, да очитува и да толкува податоци од инструменти и апарати со кои работел;
• користи сетила и инструменти (лупа, линијар, вага, микроскоп) при истражувањата;
• претставува бројчани податоци во вид на график и табела и усно ги коментира;
• зработува, предлага и дискутира план за изведување едноставен обид;
• активно учествува во работата на групата и при дискусиите;
• покажува подготвеност за преиспитување на своите мислења и почит кон мислењата на другите;
• истрајно исполнува зададена задача, соработува и им помага на другите во групата;
• прифаќа и извршува операции со различен степен на сложеност при истражувањето.

Наставната програма по *природни науки и техника* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-668/6 од 05.11.2010 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02 и 82/08) член 25 став 2 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.103/8 и 33/2010,), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот *музичко образование* за VI одделение за деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да применува правилна вокална интерпретација;
- ❑ да го развива опсегот на гласот;
- ❑ да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина;
- ❑ да развива навики за активно слушање музика;
- ❑ да ја усвојува молската скала теориски и по слух;
- ❑ да разликува дур и мол во музичките дела;
- ❑ да се воведува во препознавањето на интервалите;
- ❑ да ја усовршува техниката на свирење на ДМИ (мелодиски и ритмички);

љда го демонстрира чувството за колективно музицирање (свирење и пеење);

- ❑ да го применува нотното писмо;
- ❑ да ги развива умеењата за пеење и свирење на посложен нотен текст;
- ❑ да стекнува позитивен став за народното творештво и народното музичко творештво;
- ❑ да ги спознава основните елементи и карактеристики на народното творештво и народното музичко творештво;
- ❑ да ја користи информативната компјутерска технологија во музичкото изразување;
- ❑ да се оспособува за тимско работење;
- ❑ да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| I. ПЕЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да применува правилна вокална интерпретација;<br>• да го развива опсегот на гласот;<br>• да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам;<br>• да пее вежби и песна по ноти со примена на соодветни елементи од музичката писменост;<br>• да се оспособува за групно пеење;<br>• да развива способност за слушно препознавање на дур и мол. | • Пеење по слух<br>– Детски, уметнички, народни песни со соодветна содржина и тонски обем (**опсег - ла мало – до 2)**<br><br>• Пеење по ноти<br>– Пеење на мелодиски вежби и песни со употреба на тоновите **ла мало - до 2** и со примена на соодветени елементи од музичката писменост | | **Пеење по слух**<br>– Пеење на кратки мелодиски мотиви со употреба на тонот **ла мало – до2**; (пр.1: наставникот го пее мотивот, а учениците го повторуваат).<br>– Пеење на детски, уметнички или народни песни со соодветна содржина и тонски обем според постапката на обработка на песна по слух (пр.: обработка на песна по избор на наставникот).<br>**Пеење по ноти**<br>– Пеење на кратки мелодиски мотиви со употреба на тонот ла мало – до2; ( пр.1: наставникот го пее мотивот со именување на тоновите, а учениците го повторуваат).<br>– Пеење на детски, уметнички или народни песни со соодветна содржина и тонски обем според постапката на обработка на песна по ноти (пр.: обработка на песна по избор на наставникот).<br>*Пеење на поедноставни песни или вежби со воочување звучноста на дур и мол по слух.*<br>Напомена: Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на гласовните можности на учениците (**ла мало – до2**).<br>Методи:<br>– монолошка;<br>– дијалошка;<br>– текст-метода;<br>– демонстративна и др. |

| II. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја препознава и применува нотата **ла (а) и си (х) мало;**<br>• да се оспособува за пеење на вежби и песни со примена на нотите **ла (а) и си (х) мало;**<br>• да го усвои поимот молска скала;<br>• да ја препознава и применува а**-мол скалата природен вид;**<br>• да ги споредува и разликува **Ц-дур скала и а-мол природен вид**;<br>• да ги усвои поимите терца, кварта, квинта и септима;<br>• да ги препознава и применува интервалите: терца, кварта, квинта и септима. | • Проширување на опсегот на тоновите и положбата на тонот (нота **ла (а ) и си (х) мало** во петолинието)<br><br>• Молска тонска скала (**а-мол природен вид**);<br>• **а-мол скала** (природен вид)<br><br>• Интервали: терца, кварта, квинта и септима | – ла (а ) мало<br>– си (х ) мало<br><br>– тонски род-мол<br>– природен вид на мол<br>– а-мол скала (природен вид)<br><br>– терца<br>– кварта<br>– квинта<br>– септима | • Вежби за запишување на нотата **ла (а) и си (х) мало**;<br>• вежби за визуелно препознавање на нотата **ла (а) и си (х) мало**;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со нотата **ла (а) и си (х) мало**;<br>• вежби за запишување на скалата **а-молл природен вид** со нејзините елементи;<br>• вежби за визуелно препознавање на скалата **а -молл природен вид** и нејзините елементи;<br>• пеење и свирење на скалата **а-молл природен вид**;<br>• вежби и песни за визуелно споредување и разликување на **Ц-дур** и **а-мол**;<br>• вежби за слухово споредување и разликување на скалите **Ц-дур** и **а-мол**;<br>• вежби за запишување на интервалите терца, кварта, квинта и септима;<br>• вежби за визуелно препознавање на интервалите: терца, кварта, квинта и септима;<br>• пеење и свирење на интервалите терца, кварта , квинта и септима;<br>• пеење и свирење на мелодиски вежби со интервалите: терца, кварта, квинта и септима<br>Методи:<br>• монолошка;<br>• дијалошка;<br>• демонстративна и др. |

| III. СЛУШАЊЕ МУЗИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да развива способност за слушање на музичко дело (или заокружен фрагмент);<br>• да се поттикнува да ги искаже своите впечатоци од слушаната музика;<br>• да се поттикнува за слухово препознавање на дурска и молска звучност во композициите; | • Вокални, инструментални, вокалноинструментални музички дела од различни стилови и жанрови, различни по карактер и содржина со воочување на дур и мол | -• Вокална музика<br>• Инструментална музика<br>• Вокално-инструментална музика<br>• Дур и мол | • Слушање на вокални, инструментални, вокално-инструментални музички дела по избор на наставникот.<br>• Препознавање на видот на музичка изведба: вокално, инструментално, вокално-инструментално музичко дело.<br>• Слухово препознавање на дурска и молска звучност во композициите.<br>• Мини проекти за животот и творештвото на композиторот. |
| • да развива способност за слушање на музички дела базирани на народното музичко творештво;<br>• да препознава по слух вид на музички инструменти во народни ора. | • Народни ора изведени со народни музички инструменти | • Народно оро | • Слушање народни ора (по избор на наставникот) во изведба на изучени народни инструменти.<br><br>Методи:<br>• монолошка;<br>• дијалошка;<br>• демонстративна и др. |

## IV. СВИРЕЊЕ НА ДЕТСКИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• правилно да свири на ДМИ (ритмички и мелодиски);<br>• да развива способност за ансамблово свирење по ноти;<br>• да развива способност за колективно музицирање. | • Свирење по ноти<br>• Вежби со сите претходно усвоени поими од музичката писменост со ритмички инструменти<br>• Мелодиски вежби и песни со сите претходно усвоени поими од музичката писменост со мелодиски инструменти | •Сите претходно усвоени поими | • Свирење на ритмички вежби индивидуално, во групи и колективно.<br>• Свирење на мелодиски вежби индивидуално, во групи и колективно.<br><br>Методи:<br>• монолошка;<br>• дијалошка;<br>• демонстративна и др. |

## V. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да ја усвои поделбата на народните музички инструменти;<br>• да ги препознава и именува визуелно народните инструменти;<br>• да ги класифицира инструментите според начинот на свирење. | • Народни музички инструменти: дувачки, жичани и ударни. | • Дувачки инструменти (гајда, зурла, кавал, дудук, шупелка)<br>• Жичани инструменти (кемане, канон, ут и тамбура)<br>• Ударни инструменти (тарабука, тапан и дајре) | • Запоанавање со народните музички инструменти преку проектни активности: собирање на слики од разни видови инструменти:<br>I група - жичани народни инструменти;<br>II група - дувачки народни инструменти;<br>III група - ударни народни инструменти.<br>- Презентација на активностите.<br>Методи:<br>• монолошка;<br>• дијалошка;<br>• демонстративна и др. |

| VI. МУЗИЧКО ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги развива креативните способности;<br>• да го применува знаењето од ИКТ во наставата по музичко образование. | • Содржини од сите наставни теми | | • Ликовно и литературно изразување на изучените песни и слушаните дела.<br>• Свирење на мотиви со ДМИ (ритмички и мелодиски).<br>• Пребарување на Интернет податоци на различни теми и создавање на албум.<br>Методи:<br>• монолошка;<br>• дијалошка;<br>• демонстративна и др. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од еден час неделно, односно 36 часа годишно. Наставните содржини по предметот музичко образование во VI одделение на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставни програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Предвидениот број на часови ги опфаќа и вонучилишните активности (посета на музички образовни институции, концерти на Македонската филхармонија, Македонска опера и балет и др.), како и задолжителните дискусии, размени на мислења и впечатоци по остварените посети на институциите и настаните.
При реализирањето на содржините наставникот треба да го поттикнува, охрабрува секој ученик при музичкото изразување. Да им даде можност секој ученик/ученичка како индивидуално така и колективно да членуваат во ансамбли (хор, оркестар, мали музички групи, преоекти и др.), да се стимулираат дискусии и размени на мислења, искажувања на сопствени ставови и почитување на ставовите на другите.

**Наставни средства**:
❑ аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
❑ детски музички инструменти;
❑ дидактички средства и материјали;
❑ визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
❑ Интернет, образовни софтвери.

| | **ТЕМИ** | Бр. на часови |
|---|---|---|
| 1 | Пеење | 5 |
| 2 | Музичка писменост | 8 |
| 3 | Слушање музика | 8 |
| 4 | Свирење на детски музички инструменти | 5 |
| 5 | Народно музичко творештво | 6 |
| 6 | Музичко изразување и творење | 4 |
| | Вкупно: | 36 |

***Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.***

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во VI одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

• факултет за музичка уметност - оддел за музичка теорија и педагогија;

• факултет за музичка уметност - други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација на ФМУ.

*Приоритет имаат лицата со завршен оддел за музичка теорија и педагогија (важи за предметната настава во целост).*

Наставната програма по *музичко образование* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-3989/1 од 05.11.2010 година.

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование донесе Наставна програма по предметот *ликовно образование* за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:
- да запознава нови термини кои се користат во наставните содржини;
- да искажува љубопитство и интерес за ликовна работа и творење ;
- да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да знае и да ги разликува особеностете на ликовните материјали, постапки за работа и правилна употреба на помагалата и алатот во ликовно – творечката работа;
- да го открива и користи ликовниот јазик - ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура,плоштина, простор и друго и нивна употреба во ликовното творештво;
- да знае и објаснува основни поими и ликовни термини за светот кој го опкружува;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да користи разни постапки за ликовно изразување (капење, гребење, прскање, туфирање и др.);
- да твори самостојно, тандемски, групно и колективно;
- да умее да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- да развива способности за набљудување, вербално објаснување и естетско проценување;
- да развива способност за разликување на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- да го препознава ликовниот јазик и ликовните елементи на уметничкото дело;
- да развива свест за присуството и функцијата на уметноста во секојдневниот живот;
- да умее да споредува сличности и разлики меѓу предметите и појавите и да ги открива ликовните вредности;
- да ги применува стекнатите знаења во училишниот живот и животната практика;
- да умее да рзбира и да искажува различни емоции преку сликарски материјали и техники;
- да развива  културно-хигиенотехнички и работни навики;
- да развива свест за уметничка култура;
- да ги користи креативно сите искуства и творечки потенцијали;
- да ја користи уметноста како начин на комуникација;
- да развива потреба за чување и оплеменување на својата околина;
- да развива способност за визуелна и тактилна перцепција и меморија;
- да умее слободно да комуницира со своите врсници и возрасните;
- да умее вербално да објасни ликовна творба;
- да се запознава со културното наследство;
- да создава навики за негување и чување на културните вредности;
- да ги препознава визуелните медиуми и средства и нивната функција;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно творештво.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да црта линии со различен интензитет (повторување);<br>• да разликува и користи различни видови на линија и црта контура и текстура;<br>• да компонира текстури формирани со линија;<br>• да реализира ефект на светло-темни површини со користење на линија;<br>• да ги совладува техничките можности на различните цртачки техники: цртање со молив, туш, пастел, темпера, акварел;<br>• да стекнува технички способности за реализација на линиски цртеж со користење на шрафура, туфирање;<br>• да разликува и реализира цртеж со употреба на линија со перце и четка;<br>• да реализира цртеж со помош на компјутер со различни видови на линија;<br>• успешно да реализира опсервациски и цртеж по фантазија;<br>• да препознава повторување во околина и препознава ритам. | • Средства за цртање и нивната употреба<br><br>• Ликовни елементи во цртањето<br><br>• Цртање<br><br>• Естетско проценување | • Контура<br><br>• Текстура<br><br>• Површина со линија<br><br>• Интензитет<br><br>• Туфирање<br>• Шрафура<br>• Лавиран туш | • Ја набљудува околината, воочува и препознава линиски вредности во просторот;<br>• воочува видови линии во уметничките дела;<br>• црта контурна линија (суво дрво, листови од дрвја, инсекти, згради );<br>• црта текстурни линии (дефинирање на површина со линија );<br>• црта линии со различна густина и добива површини со различни тонски вредности;<br>• реализација на опсервациски цртеж со линија;<br>• реализира цртеж по фантазија;<br>• цртање со молив, туш, темпера, водни бои, компјутер;<br>• ги анализа и споредување на пропорциите кај перципираните објекти;<br>• воочува различни тонски вредности во околината;<br>• реализира различни текстури со линија;<br>• воочува на различни видови ритам во околината;<br>• изразува различни видови на ритам со линија;<br>• цртање со туш, перце, дрвце, четка, фломастер, темпера, акварел, компјутер. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да воочува бои во природата и уметничките дела;<br><br>• да создава творба со користење на боја, плоштина, линија, текстура;<br><br>• да примени нијанси во сликањето;<br><br>• да умее да слика на различни подлоги. | • Средства за сликање и нивната употреба<br><br>• Ликовни елементи во сликарството<br><br>• Сликање<br><br>• Естетско проценување | • Фреска<br>• Мозаик<br>• Ѕидно сликарство<br>• Колаж | • Сликање и претставување текстура со боја;<br>• сликање на пејзаж со основни и изведени бои;<br>• сликање со ахроматски бои;<br>• сликање со контрастни бои;<br>• изразување комплементарен контраст на бои (колаж);<br>• контраст (светло-темно);<br>• перципцира и споредува тонските разлики (светол, темен, најтемен, најсветол тон)<br>• реализирање тонско степенување во ликовна творба. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>• да разликува полна пластика од релјеф;<br>• да се запознава со релјеф и видовите релјеф;<br>• да препознава и разликува видови релјеф;<br>• да ги усовршува разните постапки на обликување со глина;<br>• да ја применува линијата и текстурата при моделирањето;<br>• да создава слободна ликовна композиција со разни „нескулпторски“ материјали;<br>• да се запознава со поимот архитектура;<br>• да ја усовршува умшноста за користење материјали за тридимензионално обликување. | • Средства за моделирање<br><br>• Ликовни елементи во моделирањето<br><br>• Моделирање<br><br>• Основни средства за градење<br><br>• Ликовни елементи во градењето<br><br>• Градење<br><br>• Естетско проценување | • Релјеф<br>• Моделирање<br>• Архитектура<br>• Боја<br>• Пропорција<br>• Симетрија-асиметрија | • Перцепцирање на 2Д и 3Д форми од околината;<br>• моделирање на 2Д и 3Д форми;<br>• моделирање со одземање, додавање, цртање, перфорирање;<br>• моделирање со алатки и прсти;<br>• обликува скулптура од глина;<br>• со компонирање на готови форми создава сложена композиција;<br>• на уметничко дело (скулптура) забележува детали, движење, текстура, линии, волумен<br>• употребува различни „нескулпторски“ материјали за ликовно изразување. |

| ГРАФИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>• да се запознава што е скица за графика од скица за слика;<br>• да користи линија, површина и текстура во дефинирањето на графичките форми;<br>• да ги разбира ликовните елементи и принципи кои се употребени во графичкото дело;<br>• да се запознава со техниката линорез;<br>• да се запознава со начините на добивање на графички отпечаток;<br>• да стекнува знаења и способности за самостојно да реализира графика во техника на линорез. | • Средства за графички израз и нивна употреба<br><br>• Графички елементи во сликањето<br><br>• Графика<br><br>• Естетско проценување | • Ахроматски контраст<br>• Хроматски контраст<br>• Позитив - негатив<br>• Линорез | • Изведување на позитив и негатив на основен цртеж;<br>• реализирање на композиција со доминанта на линија;<br>• изведување на скица за линорез и реализација на матрица во линолеум;<br>• реализација на графички отпечаток во техника на линорез;<br>• вклучување на букви или текст како ликовни елементи во единствена ликовна целина. |

| ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>• да препознава ликовни елементи во објектите за секојдневна употреба;<br>• да стекнува поим за стилизација и способности да стилизира облици од природата;<br>• да стекнува основни сознанија за филигран;<br>• да стекнува способности за изработка на скица за филигран со стилизирани елементи од природно потекло;<br>• да се запознава со поимот заштитен знак-лого;<br>• да вклучува и текст како составен елемент на ликовен израз;<br>• да стекнува познавања и способности за реализација на декоративни елементи со помош на компјутер. | • Дизајн<br><br>• Ликовни елементи во дизајнот<br><br>• Визуелни комуникации<br><br>• Естетско проценување | • Фриз<br>• Филигран<br>• Дизајн<br>• Заштитен знак<br>• Симбол | • Црта фриз и розета со употреба на стилизирани флорални форми;<br>• црта скица за филигран;<br>• реализирање на заштитен знак со помош на компјутер;<br>• разгледува на различни логоа;<br>• црта лого за училиштето;<br>• набљудува едноставни заштитни знаци на фирми, институции и производи;<br>• реализира едноставно лого со помош на компјутер. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

• Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

**Наставни средства:**

• разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);

• дидактички средства и материјали;

• визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);

• слајдови, сликовници, списанија  и сл.;

• аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видео-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, мобилен телефон, компјутер и други средства зависно од предметот).

• Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. На крајот на наставната година се изведува само бројчана оценка.

Во текот на годината наставмикот користи комбинација на описно и бројчано оценување. На крајот на наставната година ученикот се оценува со бројчана оценка..

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во шесто одделение може да ја изведува лице кое завршило:

• факултет за ликовни уметности – педагошки оддел;

• факултет за ликовни уметности – со дополнително положено група педагошки предмети.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

• разликува природен простор, функционален простор и уметнички простор;
• забележува светло - сенка на предметите и објектите и промената при движењето на светлоста или предметот;
• визуелно и тактилно забележува текстури во природата и воочува ликовни текстури во цртежите, сликите, скулптурите;
• на елементарен начин во ликовното изразување користи линии кои се преплетуваат во прикажување на формите и појавите;
• линеарно прикажува контраст (дебели и тенки линии, криви и прави, насока) во своите ликовни творби;
• комбинира линии, плоштини и форми на индивидуален начин;
• применува текстури по помнење и по набљудување во цртањето, сликањето и моделирањето;
• стекна основно сознание за графиката – ја запозна монотипијата како техника;
• владее со техничка умешност за употреба на ликовни (цртачки, сликарски, вајарски) материјали, постапки за работа и употреба на помагала и алати и подобро ја организира работата;
• умее индивидуалните претстави, замисли и фантазија ликовно да ги изразува;
• препознава во ликовните дела простор предмети, животни и објакти и забележува преплет на линии и контраст;
• воочува ахроматски бои и тонови и локални бои и тонови на предметите и појавите;
• на индивидуален и спонтан начин применува ахроматски бои и тонови и локални тонови и валер;
• познава комплементарни бои и ги користи во сликањето;
• воочува визуелни разлики на форми и волумени од исто и различно потекло и ги применува во индивидуалното ликовно изразување;
• разликува висина и ширина на предметите и го применува во ликовното творештво;
• разликува во скулптурата полна пластика и релјеф и умее пластично да се изразува;
• препознава разлики на големини и ги применува во цртањето, сликањето и моделирањето;
• на елементарен начин прикажува движење на фигура и дејствие во своите ликовни творби;
• умее да создаде просторна компактна и расчленета композиција од геометриски фигури, тела - волумени;
• има изградено основни способности за работа во глина, хартија, картон и да комбинира и составува различни делови од предметите кои ја изгубиле првобитната функција;
• открива визуелни и ликовни асоцијации во содржини од други наставни предмети и индивидуално ги изразува во ликовните активности;
• го користи искуството од набљудувањето на природата и ликовно твори по помнење и фантазија;
• ја познава основната функција на визуелните медиуми (фотографија, филм, ТВ), радио и печатот за информирање и комуникација;
• поседува основни сознанија за графичкиот дизајн, ги оизнава поимите: корица за книга, илустрација, знак;
• знае дека постои оригинал и репродукција;

• набљудува ис споредува природен и уметнички простор;
• умее да ја претставува сенката на предметите со сенчење;
• анализира, открива и коментира цртежи на познати уметници за богатствата на линии, ритам, текстура, статика - динамика, мотив, техника;
• умее да воочува разлики на вид релјеф (висок - низок) и да моделира низок релјеф;
• препознава полна пластика, статуа, релјеф, биста;
• употребува геометриски и природни форми во изработка на фриз, орнамент;
• препознава градација на бои во секојдневното окружување и уметничките дела;
• разликува оригинал од репродукција;
• применува линија и текстура при моделирање;
• ја препознава графиката како посебно ликовно подрачје;
• реализира графички отпечаток во техника линорез;
• препознава ликовни елементи во објектите за секојдневна употреба;
• препознава ликовни елементи во медиумите за комуникација (телевизија, реклама, цртан филм, стрип);
• изработува декоративни елементи со помош на компјутер.

Наставната програма по *ликовно образование* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4068/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование „Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот на образование донесе Наставна програма по предметот *физичко и здравствено образование* за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот /ученичката:

- ❑ да изведува вежби за правилен физички развој (оформување на телото) и развивање на базичната моторика на движење и спортување;

- ❑ да ги увежбува и усовршува техниките на одење, трчање, скокање во далечина и височина, со позитивни влијанија врз развојот на функционалните и моторички способности;

- ❑ да ги усвојува и увежбува основните спортско-технички знаења од гимнастиката и ритмиката и позитивните влијанија за развој на психомоториката и општата координација на локомотрниот апарат во просторот;

- ❑ да усвојува народни ора од родниот крај и современи танци, да ги развива моторичките способности сообразени со музиката и ритамот;

- ❑ да усвојува спортско техничките знаења од ракометот (кошарката, одбојката или фудбалот) и подобрување на општата моторика, како и специфичната моторика на движење со топка.

# 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ВЕЖБИ И ИГРИ ЗА ПРАВИЛЕН ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ И ПОДГОТОВКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот / ученичката:<br><br>• да применува вежби за растегнување, јакнење и лабавење на мускулите за обликување на телото и движењата;<br>• да ја подобрува општата физичка подготовка и правилно да изведува вежби за позитивен анатомско-физиолошки, функционален и моторички развој. | • Комплекси вежби за обликување на телото и движењата | • Комплекси вежби | • Вежби за раменскиот појас, вратот и горните екстремитети.<br>• Вежби за трупот (стомачна и грбна мускулатура).<br>• Вежби за карличниот дел и долните екстремитети.<br>• Комплекс вежби на партер.<br>• Комплекси вежби со поскокнувања и скокања во место и движење.<br>• Комплекс вежби на рипстоли и други справи.<br>• Комплекс на вежби со реквизити.<br>• Комплекси вежби за развивање на силата; вежби за истегнување и лабавење.<br>• Трчање.<br>• Елементарни и штафетни игри.<br>• Вежби за превенција од деформитети и корективни вежби. |

| АТЛЕТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот / ученичката:<br><br>• да ја увежбува и усовршува атлетската техника на трчање, скокање и фрлање (развој и усовршување на координирани движења на рацете со нозете); увежбување и усовршување на атлетска техника на висок старт и истрајно трчање (развој на издржливост и аеробни способности);<br>• да ја увежбува и усовршува атлетската техника низок старт поврзано со брзо трчање (мерење време на брзо трчање);<br>• да ги увежбува и усовршува скоковите во далечина и височина (развој на скокалност, координација и експлозивност). | • Трчање:<br>– техника на правилно атлетско трчање<br>– техника на висок старт и трчање<br>– техника на низок старт и брзо трчање; (мерења на време)<br>– штафетно трчање<br>• Скокање:<br>– техника на скок во далечина од место<br>– техника на скок во далечина со залет – „згрчена“ техника<br>– техника на скок во височина – „ножички“<br><br>• Фрлања:<br>– топче во далечина и цел<br><br>• Штафетни игри (со користење на справи и реквизити) | • Старт<br><br>• Брзо трчање<br><br>• Истрајно трчање<br><br>• Одраз и одразна нога | • Изведување висок старт со даден знак за старт (на места и старт) и трчање на 100 или 200 метри(со мерење на време, во зависност од можноста на учениците).<br>• Изведување низок старт со користење на три знака, и тоа: на своите места; подготви се и сега или старт.<br>• Изведувањето на стартот со брзо тргнување и експлозивно истрчување (мери време со штоперица на брзо трчање на 40 метри).<br>• Изведување техники на атлетски скокови во далечина и височина во четири фази (залет, одраз, лет и доскок) со мерење на должина и висина на скоковите).<br>• Прескокнување на природни пречки.<br>• Штафетни игри. |

| ГИМНАСТИКА СО РИТМИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да усвојува, увежбува и да ја усовршува техниката на елементите од партерна гимнастика и акробатика;<br>• да изведува висови и нишања на справи за истегнување и да прави вежби за превентива од појава на телесни деформитети;<br>• да се воведува во одење и потскокнување на ниска греда за развој на координација и рамнотеж ата и усовршување - подобрување на способностите на локомоторниот апарат во целина;<br>• да ги усвојува техниките на прескокнување;<br>• да се ососбува за правилно и координирано ритмичко одење и трчање | •Акробатика:<br>– техника на изведба на колут напред<br>– техника на на изведба на „свеќа“<br>– техника на изведба „мост“<br>– техника на изведба стој на раце со опирање на нозете до ѕид<br>– челна вага<br>• Висови и нишања<br>• Висови и нишања на справи (вратило, карики, разбој, рипстоли, осници<br>• Ниска греда:<br>– одење по ниска греда<br>– одење со потскокнување<br>– одење и вртење за 180 степени<br>• Ритмика:<br>– гимнастичко чекорење<br>– ритмичко одење и трчање<br>– ритмичко потскокнување и скокови<br>• Комбинации на ритмички движења со музика<br>• Ритмички вежби со реквизити<br>• Полигон | •Акробатика<br>• Прескоци<br>• Ритмика<br>• Естетско држење<br>• Грациозност | • Изведување на вежбите од гимнастиката: акробатика, прескоци преку јарец, вежби на ниска греда и висови и нишања.<br>• Штафетни игри со усвоени елементи од атлетика и гимнастика.<br>• Комплекс вежби од корективната гимнастика за ученици со телесни деформитети како и комплекси превентивни вежби за ученици предиспонирани кон телесни деформитети. |

| ТАНЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да усвојува, увежбува и усовршува народни ора и современи танци;<br>• да ги развива моторичките способности во корелација со музиката и ритамот на движење;<br>• да ја развива естетската компонента за став и држење на телото. | • Народни ора:<br>– три народни ора по избор на учениците и наставниците<br>– начини на држење за раце и движење во простор<br>– држење на телото во танците<br>– чекори во танците<br><br>• Современи танци:<br>– современи танци по избор (2) | • Имиња на народни ора и танци<br><br>• Музика и ритам<br><br>• Корелација | • Повторување на научените народни ора и современи танци.<br>• Усвојување на чекори, движења и игра на нови 3 (три) народни ора, карактеристични за традициите на просторите на живеење.<br>• Вежбање на брзината на изведбата на танците (со поспоро и побрзо темпо). |

*Активностите од темата Спортски игри се надградуваат на активностите од претходните одделенија. Доколку учениците не избрале одреден спорт во претходните одделенија, ги изучуваат основните елементи на спортот.*

| РАКОМЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да усвојува, увежбува и усовршува основни ракометни ставови и движења, основни техники на додавања и фаќања на топка во место и движење;<br>• да развива манипулативна моторика;<br>• да развива моторички движења на екстремитетите и специфична ракометна координација во простор; - развива експлозивна сила на мускулатурата на рацете и нозете;<br>• да се воведува и да ги применува правилата на ракометната игра;<br>• да го развива духот на спортско – коректно натпреварување и фер-плеј. | •Ставови и движења:<br>– основни ракометни ставови: паралелен; дијагонален и дијагонално бочен<br>– додавање и фаќање топка во место и движење, (на различни висини од телото) со една и две раце<br>• Водење:<br>– водење топка во место и движење со лева и десна рака(праволиниско и со промена на правец и брзината на движење)<br>• Удари:<br>– удари на гол од место и движење(со и без скок)<br>• Игра:<br>– игра на еден и два гола со примена на правила;<br>– примена на ракометни елементи во штафетни игри | • Поими од ракометот | •Вежба ставови и движења во ракометот, без и со топка.<br>• Додавање и фаќање на топка во место (со промена на растојанието) со една рака во висина на градите и одбиена од подлога, додавање и фаќање над глава, додавање и фаќање на топка во парови во движење со освојување на простор, комбинирано додавање и фаќање на топка со водење и удар на гол.<br>• Водење топка во место и движење (праволиниско), водење со промена на правец и интензитет, водење на топка со лева и десна рака наизменично помеѓу препреки, комбинирано водење со додавање, фаќање и удари на гол.<br>• Демонстрира удари на гол од место (6, 7 и 9 метри), удари на гол во движење со водење на топка (со и без скок), комбинирани удари на гол со додавање, фаќање и водење на топка.<br>• Играње на еден и два гола со примена на правила. |

| КОШАРКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да усвојува, увежбува и усовршува основни кошаркарски ставови и движења, основни техники на додавања, фаќања и водење на топка во место и движење;<br>• да развива манипулативна моторика и координација во просторот;<br>• да развива општи и посебни моторички движења на локомоторниот апарат;<br>• да го развива духот на спортско – коректно натпреварување и фер - плеј. | • Ставови и движења<br>– кошаркарски ставови и движења (паралелен и дијагонален)<br>• Додавање и фаќање:<br>– кошаркарско додавање и фаќање топка во место и движење(во висина на гради, глава и над глава)<br>• Водење:<br>– кошаркарско водење топка во место и во движење<br>• Шутирања:<br>– шут на кош од место<br>• Игра:<br>– игра на еден кош со примена на научени елементи и и модифицирани правила | • Кошарка<br><br>• Кошаркарски ставови.<br><br>• Комбинирано водење<br><br>• Дупла топка при водење- чекори | • Вежбање ставови и движења без и со топка; додавање и фаќање топка во место (со промена на растојание) со две раце во висина на гради и одбиена од подлога, додавање и фаќање над глава, додавање со една рака; додавање и фаќање на топка во парови во движење со освојување на простор, комбинирано додавање и фаќање на топка со водење; водење топка во место и движење праволиниско, со промена на правец и интензитет, водење на топка со лева и десна рака наизменично помеѓу препреки, комбинирано водење со додавање и фаќање на топка; шут во кош од место со промена на растојание и позиции (слободни фрлања од помало растојание, од лева и десна страна со и без користење на табла и др.);<br>- организирање игра (со модифицирани правила) на еден кош;<br>• штафетни игри со научени елементи од кошарката. |

**НАСТАВНИ ТЕМИ – ПОДРАЧЈА КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ДОГОВОР СО РОДИТЕЛИТЕ:**

- ❑ ПЛИВАЊЕ СО АКТИВНОСТИ НА ВОДА И ОБУКА
- ❑ СКИЈАЊЕ СО ОБУКА
- ❑ ИЗЛЕТИ И ПЕШАЧЕЊА
- ❑ УЧИЛИШТЕН СПОРТ
- ❑ СПОРТСКИ ШКОЛИ

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставата по физичко и здравствено образование во VI одделение се реализира со 3 часа неделно, односно 108 часа годишно.

Наставната програма по *физичко и здравствено образование* се организира и реализира на совладаните елементи од наставните програми. Програмата овозможува континуитет на претходните наставни програми со вградување на спецификите за возраста и содржините кои доаѓат како надградба во темите синтетизирајќи ги научените елементи од спортовите и новите елементи кои треба во наставата да се научат сообразено со способностите на учениците со цел да се постигне повисок квалитет во наставата и поширок спектар на совладани елементи од спортовите и постигнување на здравствени ефекти.

Првата тема *Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка* останува како општа и основна потреба на учениците за перманентно подигнување на општите физички способности и подвижност на локомоторниот апарат и организмот во целина, за што наставниците треба да обрнат внимание на изборот и влијанието на вежбите, елементите и игрите со одмерено дозирање и разновидност во работата да се задржи и унапреди интересот и мотивацијата за вежбање. Наставниците треба да обрнат посебно внимание учениците правилно да ги изведуваат елементите со реквизити и помагала адекватно на способностите и возраста.

Другите наставни теми наставникот треба да ги насочи кон совладување на новите елементи, правилно да се изведуваат и воедно да го подигне спортското знаење на повисоко ниво.

Наставникот го следи морфолошкиот статус на учениците и презема мерки при евентуална појава на телесни деформитети и тоа со засилен интензитет и внимание кон овој проблем со примена на адекватни комплекси вежби. Поради тоа на секој час по физичко и здравствено образование задолжително се изведуваат вежби за оформување на телото и движењата, а наставникот треба на учениците да им задава и домашни задачи за вежбање на вежби за оформување на симетрично тело и движења. Учениците се мотивираат редовно и правилно да вежбаат и да го негуваат своето тело.

По договорот со родителите, наставникот подготвува програма за избраните содржини-теми-наставно подрачје.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Според Законот за основно образование, Концепцијата и целите на Наставната програма по физичко и здравствено образование, постигањата на учениците од четврто до шесто одделение се оценуваат комбинирано-описно со изведување бројчана оценка во текот на наставата, а на крајот на годината со бројчана оценка.

При формирањето на бројчаната оценка наставникот води сметка за сите постигања на ученикот во наставата, бидејќи сите тие се подеднакво важни. Имено, тој бројчаната оценка ја формира според ангажирањето на ученикот, спортското знаење, физичкиот напредок и способностите, залагањето, редовноста, комуникацијата, фер-плеј однесувањето, соработката и помагањето, исполнувањето на здравствено-хигиенските услови и навики пред, за време и по изведувањето на наставата.

Во физичкото и здравственото образование нема посебни часови за оценување. Наставникот на секој час ги следи постигањата на ученикот во сите компоненти, ги евидентира и на тие основи формира оценка. На часот по физичко и здравствено образование наставникот посебно внимава наставата да ја изведува без никакви стресови или стрес ситуации, така што ученикот секој час треба да го заврши со позитивно емоционално чувство.

Физичките способности кај учениците се различни, па поради тоа наставникот не смее од нив да бара или поставува какви било норми за оценка. Секој индивидуално се оценува врз основа на залагањето и способностите, редовноста и другите елементи. Индикаторите на здравјето (психомоторните и функционалните способности) не се норми за оценување, тоа се елементи за наставникот да знае колку може да го оптовари ученикот во границите на позитивното влијание.

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на Наставната програма по *физичко и здравствено образование* за шесто одделение на основното образование предвидени се наставници со завршен факултет за физичка култура- наставна насока.

Наставната програма по *физичко и здравствено образование* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4084/1 од 22.05.2008 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот техничко образование за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- ❑ да развива нови сознанија од техниката и технологијата преку различни извори на учење и задачи;
- ❑ да се оспособува за примена на основните техничко - технолошки знаења, умеења и навики во работата и секојдневниот живот;
- ❑ да ги проширува знаењата за остварување од идеја до реализација;
- ❑ да развива вештини за техничко творештво (работа со материјали, конструирање и дизајнирање)
- ❑ да ги прошири и открива сознанијата за својствата на материјалите;
- ❑ да се оспособи за истражување, откривање и споредување на појави, примери и елементи во техниката и технологијата;
- ❑ да ја развива креативност и афинитетите за дизајнирање;
- ❑ да истражува современи решенија за дизајнирање преку компјутерски апликации;
- ❑ да ги прошири знаењата и умеењата за безбедно движење во сообраќајот;
- ❑ да развива култура на однесување во сообраќајот.

## 2.КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ТЕХНИЧКО ЦРТАЊЕ И ДИЗАЈН | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да препознава и чита технички цртеж;<br><br>• да креира цртеж на основни геометриски фигури;<br><br>• да креира модел на основно геометриска фигура, кутија;<br><br>• да се запознае со основите на дизајнот и неговото значење;<br><br>• да умее да реализира дизајн со определена цел/тема;<br><br>• да запознава основни алатки на компјутерска апликација за цртање. | • Видови технички цртежи<br><br>• Цртање на едноставни слики и фигури (скица и технички цртеж)<br><br>• Елементи и фази во дизајнирањето<br><br>• Графичко дизајнирање<br><br>• Изработка на графички дизајн (идеја, скица, решение, изработка)<br><br>• Техничко цртање и дизајнирање со примена на ИКТ апликации (графичко решение, ентериер, екстериер) | • Модел<br><br>• Дизајн<br><br>• Производ<br><br>• Идеја<br><br>• Апликација<br><br>• Амбалажа | • Креирање технички цртежи на основни геометриски фигури-скицирање идеи.<br><br>• Цртање мрежа на геометриско тело (кутија за амбалажирање).<br><br>• Запознавање со основите на дизајнирањето, неговото значење во современиот свет-преку примери.<br><br>• Користење на основни компјутерски алатки на апликации за цртање и дизајнирање (Google Sketch – up и други апликации за цртање).<br><br>• Дизајнирање финален производ.<br><br>• Мојот дом, мојата училница - проектна задача со примена на ПРО/ДЕСКТОП или другите апликации.<br><br>• Евалвација и оценување. |

| ТЕМА: РАБОТА СО МАТЕРИЈАЛИ И КОНСТРУИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги запознае основните технички материјали (картон, дрво, текстил, мека жица);<br><br>• да знае да користи постапки при градба на модели и макети;<br><br>• да стекне вештини за работа со едноставни материјали (картон, дрво, текстил, мека жица);<br><br>• да дефинира и применува фази при работата со прибор и материјал;<br><br>• да умее да претстави идеја преку технички цртеж со ИКТ;<br><br>• да умее естетски да обликува и дизајнира;<br>• да ги пресметува рационално времето и материјалите при градба;<br><br>• да врши евалвација и да ја проценува сопствената и туѓата работа; | • Примена на техничките материјали<br><br>• Планирање, постапки и дизајнирање со материјали при градба (макети, модели, производ)<br><br>• Градба и конструирање со едноставни материјали (дрво, картон, хартија, текстил, мека жица)<br><br>• Елементи за пренос на движење и нивна примена во модели и конструкции (ремен, ременица, осовинка, запчаници и сл.)<br><br>• Примена на електрични, електронски уреди на мал напон во моделите. (батерија, електромотор, сијаличка)<br><br>• Примена на уреди за движење и управување поврзани со компјутер<br><br>• Од идеја до реализација | • Макети<br><br>• Конструирање<br><br>• Ремен<br>• Ременица<br>• Осовинка<br>• Запчаници<br><br>• Напон<br><br>• Електромотор | • Видео или ПП презентација за технички материјали и нивна примена.<br><br>• Реализација на идеи и размислувања преку технички цртеж (пример за дизајн на производ).<br><br>• Вовед во проектна задача (Power Point презентација, чекори, цели и реализација).<br><br>• Користење на софтверски апликации: (njnjnj.data.org.uk /CAD/CAM) GoogleSketshUp.<br><br>• Реализација на практични задачи преку чекори/фази:<br>скицирање на идеја, избор на материјал,<br>реализација на производ,<br>проценка на вредност/евалвација.<br><br>• Истражување задачи и демонстрирање со елементи и преносни механизми.<br><br>• Испитување на функцијата на уреди и модели кои се движат: брзина, насока, време на движење и сл.<br><br>• Цртање на идеја за вртелешката или друг објект со PRO/DESKTOP или избор на материјал реализација на производ, евалвација. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • да ја осознае македонската архитектура, каректеристики, значење;<br><br>• да конструира и изработи модели и прототипи;<br><br>• да ги идентификува фазите во работата;<br><br>•да разбере што е дизајн;<br><br>• да умее да дизајнира ентериер по свое видување. | • Македонска архитектура<br><br>• Градежни материјали и нивна примена во современата градба<br><br>• Заштеда на енергијата во градежништвото<br><br>• Од идеја до готов објект/производ | • Архитектура<br><br>• Градежни материјали | • Проектна задача – конструирање на соларна куќа или куќа од стара архитектура.<br><br>• Запознавање преку примери со стандарди на дизајнирање, ентериери и и сл .(ПП презентација).<br><br>• Примена на конструкторски материјали Built it kit.<br><br>• Вовед во апликација за дизајнирање: (ПРО/ДЕСКТОП (http://content.zudu.com/) или Envisioneer Edzpress 3.0 (free) или RoomArranger (free).<br><br>• Следење, евалвација и оценување. |

| ТЕМА: СООБРАЌАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>• да ги прошири знаењата за правилата и прописите во сообраќајот;<br><br>• да стекне навики за учество во сообраќајот;<br><br>• да ги почитува сообраќајните правила и прописи како учесник во патниот сообраќај;<br><br>•да направи анализа на сообраќајните ситуации според сообраќајните правила и прописи;<br>• да умее да реши проблемска сообраќајна ситуација. | • Примена на сообраќајни правила и прописи во патниот сообраќај<br><br>• Проектна задача со примена на софтверски апликации<br><br>• Изработка и решавање на проблемскаи сообраќајни ситуации | • Сообраќајни ситуации<br><br>• Прописи<br><br>• Апликации<br><br>• Проекти | • Анализиранје на сообраќајни ситуации и прописи за безбедно однесување во сообраќајот.<br><br>• Изработка и решавање на сообраќајни ситуации.<br><br>• Демонстрирање постапки за решавање ситуации со користење на компјутерски апликации.<br><br>• Користење на програмски апликации (Алице).<br><br>• Следење, евалвација и оценување. |

# 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

***Насоки за меѓупредметно поврзување***

Наставните содржини од наставниот предмет техничко образование даваат можности за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети информатика, природни науки, математика, ликовно образование, запознавање на околината и творештво..

***Препораки за користење на годишниот фонд на часови***

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините во согласност со напредувањето и потребите на учениците, како и почитување на принципот на актуелизација во наставата по техничко образование. Треба да се користат актуелни и нови технолошки примери, технологии и работни процеси. Тие треба да се поврзуваат со стекнатото искуство на учениците во училиштето и надвор од него. При набљудувањето и демонстрирањето учениците се инструираат да употребуваат постапки, елементи и уреди со проблемско истразување на задачите и се упатуваат на примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот и практика. Во наставната програма, исто така, дадени се и конкретизирани цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците кои се планираат за усвојување на предвидените содржини  и за развивање на способностите на учениците за креативност, иновативност и вештини при работа со материјали. Во текот на шесто одделение учениците ќе имаат прилика да се запознаат и оспособат за реализација на сопствените идеи и реализација на замислата во готов производ, конструкција (макета или модел). Ваквиот пристап на изработените наставни програми претпоставуваме дека кај учениците значајно ќе влијае на развојот на техничкото творештво, иновативност, креативност и способност за организација.

Активностите предвидени во програмата за шесто одделение опфаќаат повеќе цели и нудат можност за нивна реализација преку современи, различни форми, методи, модели и пристапи. Така што остварувањето на целите при реализација на наставните содржини, наставниците можат да го постигнат преку повеќе различни активности, а притоа користејќи соодветни и нови дидактички материјали и технологии.
*Наставниот предмет во VI одделение се изучува со 1 час неделно, односно 36 часа годишно.*

***Наставни средства***

❑ Во наставата по техничко образование, за осознавање на појавите и законитостите, развојот на новите технички достигнувања, неопходно е да се користат наставни средства и материјали кои ги следат новите достигнувања и технологии.
❑ За постигнување на наведените цели во Наставната програма по техничко образование треба да се изготви и учебник и да се обезбедат опрема и материјали за реализација на наставаните содржини од страна на училиштето.
❑ Истражувачко катче и сообраќаен полигон со опрема, каде што ученикот може да истражува според целите на наставата.
❑ Дидактички и други визуелни средства: компјутер, мултимедијални уреди, софтверски апликации, ЛЦД - проектор, електронски уреди управувани преку компјутер, механизми, модели, макети и др.
❑ Енциклопедии и списанија од областа на науката и техниката.
❑ Интернет, образовен софтвер.

# 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

***Следење на постигањата на учениците***
Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, се следи мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и слично (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на работата на наставникот и учењето на ученикот.

***Начин на проверување и оценување:***
❑ ученички изработки, индивидуални и групни;
❑ контролни тестови, тестови на знаења;
❑ работни, експериментални и истражувачки активности (планирање на работата, организација во работата, креативност и дизајн стекнати умеења и работни навики, осознавање и заклучување на појавите и законитостите во науката и техничката култура).

# 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа по техничко образование може да ја изведува лице кое завршило:
• педагошки факултет – професор по информатика и техничко образование;
• интердисциплинарни студии – професор по производно техничко образование.
• педагошка академија – наставник по техничко образование.

# 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:
- уредно го организира работното место;
- користи прибор за техничко цртање;
- користи скица и технички цртеж за градба и обликување на модели и макети;
- скицира модел или макета по сопствена идеја
- оспособен е да изработи едноставен технички цртеж;
- истражува современи решенија за дизајнирање на технички цртежи со ИКТ;
- изработува, конструира производ, макета или модел;
- применува правила и културни навики во работењето;
- идентификува фази и постапки при градба на одредени задачи и конструкции;
- знае за изворите на енергија, сила, пренос на сила и движење;
- осмислува идеи за истражувачки проекти со ИКТ;
- вреднува според дадени критериуми: прецизност, време, функционалност, дизајн;
- формира став за правилно и безбедно учество во сообраќајот;
- изработува и решава сообраќајни ситуации;
- користи ИКТ апликации.

Наставната програма по *техничко образование* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4497/1 од 17.12.2010 година.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



# ИНФОРМАТИКА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот информатика за VI одделение на деветгодишното основно училиште.

# 1. ВОВЕД

Наставата по предметот *информатика* ја дава основата за информатичката писменост. Учениците со овој наставен предмет ќе стекнат основни знаења за ракување со компјутерите и користење готови компјутерски програми, како и користење ИКТ во другите наставни предмети.
Оспособеноста на учениците за користење на ИКТ ќе им овозможи олеснување на процесот на самоучење, како и нивно вклучување во новите предизвици во животот.
Предметот *информатика* е задолжителен предмет во VI одделение со 2 часа седмично (72 часа годишно) и во VII одделение со 1 час седмично (36 часа годишно).

# 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката да се оспособи:

- ❑ да ја опише основната градба, функција и примена на компјутерот;
- ❑ правилно да ги користи уредите од компјутерската училница;
- ❑ етички да се однесува во компјутерската училница;
- ❑ да го користи оперативниот систем за комуникација со компјутерот и да извршува едноставни активности со прозорци и икони, фолдери и датотеки;
- ❑ да ги користи услугите на Интернет за: учење, пребарување по клучни зборови и категории, примање и праќање електронски пораки;
- ❑ да ги користи мултимедијалните програми за преглед и креирање на едноставни мултимедијални документи;
- ❑ да користи програма за цртање, за создавање и уредување на едноставни цртжи;
- ❑ да користи текст-уредувач за внесување и едноставно уредување на текстови;
- ❑ да се оспособи да користи програми за учење на другите наставни предмети (образовен софтвер);
- ❑ да стекне основни информатицки знаења како основа за надградба во процесот на натамошното школување.

# 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ОСНОВИ НА ИНФОРМАТИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>•да ги осознае основните поими од информатиката;<br>•да разликува различни видови компјутери. | •Основни поими<br>•Кратка историја на компјутерите<br>•Видови компјутери (различни класификации) | •Информатика<br>•Податок<br>•Информација •Компјутери | • Запознавање со историјата на компјутерите преку споредба на изгледот, можностите, брзината на различни генерации компјутери со користење на илустративен материјал, написи за компјутери и фотографии и информации од Интернет. |
| •Да ги идентификува областите во кои се применуваат компјутерите во општеството. | •Примена на компјутерите во општеството (е-општество) | | • Истразувања поврзани со областите во кои се применуваат компјутерите и каква е нивната функција. |
| •Да ги запознае и да ги применува основните норми и правила за етичко однесување во компјутерската училница. | •Компјутерска култура и етика | •Право на приватност<br>•Право на сопственост<br>•Интеракции во компјутерската училница | • Дискусија со предлози и размислувања со цел осознавање и примена на правилата за етичко однесување во компјутерската училница. |

| КОМПЈУТЕРИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со структурата на компјутерот;<br>• да ги препознава основните градбени елементи на компјутерот и да ги идентификува нивните основни функции. | • Машински дел – хардвер.<br>• Програмски дел – софтвер. | •Централна единица, влезни уреди, излезни уреди, меморија, бит, бајт, централна меморија, РАМ, РОМ, преносна меморија, надворешна меморија. | • Дискусија за градбата на компјутерите, користејќи ја опремата во училиштето.<br>• Запознавање и дискусија за видовите меморија (РАМ, РОМ, преносна меморија).<br>• Споредување на различни видови преносна меморија според капацитетот. |
| • Да може да препознава, да класифицира и активно да учествува во различни видови компјутерски игри. | • Компјутерски игри (дефиниција, основни елементи, видови компјутерски игри, образовни игри) | •Правила на игра, нивоа, цел на играта, стратегија. | • Презентирање од страна на учениците на целите, карактеристиките, правилата и барањата за достапните игри. |
| • Да ги осознае основните операции на оперативниот систем и правилно да ги извршува. | • Оперативни системи<br>• Основни операции во оперативниот систем (работа со икони и прозорци, датотеки и папки) | •Оперативен систем, работна површина, датотеки, програми, икони, папки, прозорци. | • „Откривање“ на функциите на копчињата на глувчето и на тастатурата и дискусија.<br>• Изведување на практични вежби и задачи со постојниот оперативен систем: правилно вклучување и исклучување на компјутерот, креирање на папки, копирање и преместување, преименување и бришење на папки и датотеки.<br>• Избор и извршување на програми. |
| • Да ги запознае можностите на помошните програми за обработка на текст и да ги користи. | • Помошни програми за обработка на текст | •Азбука, фонт, стил, израмнување | • Користење на влезните уреди за пишување и уредување на текст. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да се оспособува да го користи електронскиот калкулатор. | • Електронски калкулатор | •Операции со броеви | • Истражување на можностите на електронскиот калкулатор. |
| • Да ја воочи користа од употребата на образовен софтвер;<br>• да умее да користи достапен образовен софтвер. | • Образовен софтвер | Образовен софтвер | • Презентирање и користење на достапниот образовен софтвер. |

| МУЛТИМЕДИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>• да ги користи програмите за работа со звучни и видеозаписи. | • Поим за мултимедија<br>•Звучни и видеозаписи<br>• Снимање и репродукција | •Мултимедија, мултимедијална датотека, звучен и видеозапис, кодек. | • Запознавање со мултимедијални програми на постојниот оперативен систем.<br>• Пронаоѓање и активирање на звучен и видеозапис;<br>• Додавање ефекти. |

| ИНТЕРНЕТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со основните елементи на компјутерската мрежа. | • Компјутерска мрежа (пристап, преземање и зачувување на датотеки) | •Компјутерска мрежа<br>•Компјутер сервер •Компјутер клиент | • Запознавање со училишната компјутерска мрежа |
| • Да препознава различни видови на Интернет-услуги и да се оспособи да користи веб. | • Интернет-услуги (сервиси)<br>• Правила на однесување на Интернет<br>• Веб-терминологија (сајт, страница, адреса, публикување, хостирање...)<br>• Веб-прелистувачи<br>• Веб-пребарувачи | •Интернет<br>WWW<br>•Веб-пребарувач<br>•Веб-прелистувач<br>•Веб-страница<br>•Клучен збор | • Запознавање со Интернет и можностите што ги нуди.<br>• Пристап до Интернет преку дадена Интернет- прелистувач-програма.<br>• Запознавање со целта, можностите и значењето на веб-прабарувачите.<br>• Пребарување според повеќе критериуми. |
| • Да ги користи можностите на образовниот портал. | • Образовен портал | •Образовен портал •Електронска пошта •Електронски курсеви •Форум | • Го користи образовниот портал за:<br>- креирање и работа со електронска пошта;<br>- ги користи електронските курсеви за надополнување на своите знаења и вештини за дел од наставните содржини;<br>- го користи форумот за ученици за размена на искуства и информации со преостанатите ученици. |

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| • Да ја сфати потребата од користење на антивирусната програма. | | | • Запознавање со видовите компјутерски вируси.<br>• Демонстрирање на начинот на користење на антивирусната програма која е на располагање. |
| • Да се оспособи да користи електронска пошта. | • Електронска пошта | •Електронска пошта<br>•Електронска адреса<br>•Корисничко име<br>•Лозинка | • Запознавање со електронска пошта.<br>• Креирање на електронски адреси и операции со електронски пораки. |

## ОСНОВИ НА ЦРТАЊЕТО

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со можностите и алатките на програмата за цртање;<br>• да се оспособи да креира и уредува цртежи (т.е. да менува карактеристики). | • Поим за компјутерска графика (слика, цртеж, фотографија и нивни формати)<br>• Креирање и заживување на цртеж<br>• Користење на палетата за бои и алатките за цртање<br>• Својства на цртежот<br>• Вметнување на текст<br>• Цртање на геометриски фигури<br>• Цртање со слободна рака<br>• Работа со делови од цртеж<br>• Менување на карактеристиките на цртежот | •Компјутерска графика Пиксел<br>•Резолуција<br>•Палета на бои<br>•Исечок-дел од цртеж<br>•Операции со цртеж (копирање, отсекување, ротација, зголемување, зумирање) | •Истражувачка и практична работа со цел:<br>- правилно користење на влезните уреди за креирање и менување на цртеж;<br>- користење на палетата за бои, како и на алатките за цртање;<br>- менување на карактеристиките на цртежот;<br>- вметнување на готови слики и текст. |

| ОБРАБОТКА НА ТЕКСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>• да се запознае со наредбите и алатките на програмата за пишување текст;<br>• да се оспособи да креира и да уредува текст;<br>• да се оспособи да вметнува објекти и табели во текстот. | • Поим за програма за уредување на текст<br>• Пишување текст<br>• Уредување текст<br>• Операции со текст (големина, стил, боја, израмнување ...)<br>• Креирање на графички објекти и вметнување на готови слики<br>• Видови автоматско набројување<br>• Работа со табели (едноставни операции)<br>• Печатење на документ | •Азбука<br>•Фонт<br>•Стил<br>•Израмнување<br>•Јазична поддршка<br>•Симболи<br>•Објект. | •Истражувачка и практична работа со цел:<br>- уредување на текстот;<br>- вметнување на објекти, слики и симболи во текстот;<br>- форматирање на текстот со користење на можноста на различни видови набројувања;<br>- менување на карактеристиките на табелите;<br>- подготовка на документот за печатење;<br>- преземање на текстови и објекти од Интернет и нивно доуредување според зададени параметри. |

# 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставниот предмет *информатика* во VI оддление се изучува со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно во задолжителните предмети.

***Препораки за користење на годишниот фонд на часови:***
За секое предвидено подрачје е предложен определен годишен фонд на часови, односно:
- ❑ основи на информатиката – 8 часа;
- ❑ компјутери – 18 часа;
- ❑ мултимедија – 6 часа;
- ❑ Интернет – 12 часа;
- ❑ основи на цртањето – 12 часа;
- ❑ обработка на текст – 16 часа.

Од предвидениот вкупен фонд на часови по програмски подрачја дозволени се мали отстапувања во согласност со специфичностите на средината во која се наоѓа училиштето. Исто така, во рамките на вкупниот годишен фонд на часови во програмските подрачја, дозволени се отстапувања и во однос на зачестеноста на конкретните цели, содржини и активности. Имено, бројот на часовите треба да се приспособи кон потребите на конкретното училиште (животната средина од која доаѓаат учениците, нивниот културно-социјален и образовен статус, претходна подготовка на учениците, претходна подготовка за работа на компјутер). Во тој контекст некои содржини ќе се повторуваат повеќепати за сметка на други кои ќе се работат со помал фонд на часови. Исто така, се препорачува флексибилност во времетраењето на часовите во функција на потребите и на интересите на учениците.

***Наставни средства:***
- ❑ учебник за информатика избран на ниво на училиштето и одобрен од страна на министерот;
- ❑ други извори на учење во непосредната околина: предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- ❑ енциклопедии, речници, атласи, карти и сл.;
- ❑ Интернет, образовни софтвери;
- ❑ списанија;
- ❑ аудиовизуелни средства.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата по информатика во VI одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:
- ❑ собирање на показатели (ученички изработки на компјутер) за секој ученик посебно;
- ❑ тековни (формативни) однапред подготвени евалвациски листи за секој ученик, кои се изработуваат по секоја негова конкретна активност, која е специфична.

*Во текот на наставата, врз основа на сознанијата од формативното оценување се оформува описна и бројчана оценка, а на крајот на наставната програма се изведува бројчана оценка.*

**Начини на проверување и оценување**
Во согласност со природата на програмата по предметот информатика во шесто одделение оценувањето треба да се реализира: усно, практично, со презентација и сл.
Други средства и постапки за следење и оценување:
- ❑ контролни листови;
- ❑ домашни работи;
- ❑ тестови на знаења.

# 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Според Нормативот за простор, опрема и наставни средства по информатика и компјутерска техника во училиштата.
Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

# 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по информатика VII[1], наставна насока;
- математика-информатика VII[1], наставна насока;
- компјутерска техника, информатика и автоматика, VII[1] со педагошко – психолосшка и методска подготовка;
- завршени дипломски студии од областа на информатиката, информатичките или информациско-комуникациските технологии на акредитираните универзитети во РМ или во странство со домашна акредитација, VII[1], со педагошко- психолошка и методска подготовка.

Наставната програма по *информатика* за VI одделение на деветгодишното основно образование ја донесе министерот за образование и наука со решение бр. 07-4100/1 од 22.05.2008година.